Friedrich
Ebert Stiftung

Институт за социолошки
и политичко-правни
истражувања

# ТЕНДЕНЦИИТЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И МОЖНОСТИТЕ ЗА НЕЈЗИНО НАМАЛУВАЊЕ

(трудови подготвени на Научниот собир одржан на 18-19 декември 2000 година)

A 02 - 00096

Скопје,
Јули 2001

**Издавач**
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје
**За издавачот**
Милинка Трајковска
**Уредник**
Проф.д-р Јорде Јакимовски
**Лектура**
Марија Станкова

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" Скопје

Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзиното намалување: (трудови подготвени на Научниот собир одржан на 18 и 19 декември 2000 година) / (уредник Јорде Јакимовски). - Скопје: Фондација "Фридрих Еберт" Канцеларија Скопје, 2001. - 128 стр. : граф. Приказ 21 см.

"...научниот собир... на тема "Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзиното намалување" во Скопје на 18 и 19 декември 2000 година" ... стр 9
Библиографија кон повеќе трудови. - Summary

**ISBN 9989-9988-7-6**
1. Јакимовски, Јорде

Според член 30 точка 8 од Законот за данок на додадена вредност на овој производ се пресметува и плаќа повластена даночна стапка од 5%



# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........................................................8

1. **РЕФЕРАТИ**

**Јорде Јакимовски**
Структурни тенденции на сиромаштијата..............11

**Благица Новковска**
Квантитативна анализа на сиромаштијата во Република Македонија..........................................21

**Весна Димитриевска**
Квалитативна анализа на сиромашните домаќинства во Република Македонија.......................................29

**Мариа Доневска**
Социјално заштитни потреби на селското население (според истражување во беровските села)...........37

**Љубица Чонева**
Социјалните проблеми во контекст на сиромаштијата во Република Македонија.......................................51

**Илија Ацески**
Сиромаштија/теоретски и методолошки аспекти/..59

**Благоја Наневски**
Македонската политика и сиромаштијата во Република Македонија............................................71

Friedrich-Ebert-Stiftung Bonn Bibliothek

**Александар Петроски**
Инвестициите како чинител за намалување на сиромаштијата во Република Македонија................79

## 2. ДИСКУСИИ

**Димитрија Трајковски**
Што да се направи за невработените, а работоспособни граѓани?....................................................88

**Мирјана Сланинка-Динева**
Да се соочиме со сиромаштијата и да ја ублажиме..91

**Катерина Ношпалова, Стојан Трајанов**
Намалување на сиромаштијата во Република Македонија со мерки во системот.............................94

**Славејко Сасајковски**
Идеолошко-политичките детерминати на можностите за намалување на сиромаштијата........98

**Илија Ацески**
Основи на стратегијата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија..............103

**Душан Бубевски**
Некои историски аспекти на сиромаштијата...........106

**Лилјана Јанкуловска**
Дали постојат можности за започнување на процесот за намалување на сиромаштијата...........................110



**Етем Азири**
Социјалните проблеми и сиромаштијата................112

**Оливера Петрова**
Движење на корисниците на социјална помош во ЈУ меѓуопштински центарот за социјална работа на град Скопје - состојби и проблеми..................................114

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ И МОЖНИ РЕШЕНИЈА........ .....121

## 4. SUMMARY.......................................................125

# ПРЕДГОВОР

Овој Зборник содржи реферати и дискусии од научниот собир посветен на тема: "**Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување**" што се одржа во Скопје на 18 и 19 декември 2000 година.

Потребата за одржување на овој Собир беше очигледна. Нашето општество во голема мера е зафатено со економски и социјални предизвици, додека истражувањето на трајните цели и патишта за обликување на подобра иднина е недоволно. Опасноста од тоа занемарување е толку големо, што ниту со парцијалните, а камоли со мултидимнензионален пристап не можат успешно да се надминат, без јасна визија на целокупниот општествен развој со кој може да се обликува карактерот и типот на социјалниот развој со цел да се подобри и зголеми квалитетот на животот на сите луѓе.

Овој Собир им дава можност на научните и стручните работници сестрано да се позанимаваат со тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување.

Иако не можеме да се задоволиме со она што досега е направено на ова поле, сепак треба да сѐ истакне дека сегашните сознанија не почнуваат од нула. Не навлегувајки во подетални набројувања, овде ќе потсетиме само на некои значајни зафати во остварувањата во доменот на дефинирањето на профилот и карактеристиките на сиромаштијата. Пред сѐ треба да се напомене дека во 1997-1998 година група соработници од различни научни области во Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања од Скопје, во соработка со Светската банка, спроведоа истражување под наслов: "Квалитативна анализа на животниот стандард на населението во Република Македонија", а Државениот завод за статистика го спроведе истражување "Квантитативна анализа на сиромаштијата".

Научниот собир посветен на тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување предизвика големо внимание кај нашата јавност, што се гледа од бројот на рефератите и учесниците во дискусијата. На собирот учествуваа научни и стручни соработници од различни научни дисциплини, така што тој доби вистински мултидисциплинарен карактер.

На Собирот е постигнат релативно висок степен на согласност околу многу прашања, но и, разбирливо најмногу индивидуални варијации. Почитувајќи го правото и слободата на учесниците на научниот собир да излагаат свои погледи и ставови на начин за кој самите сметаат дека е адекватен, се одлучивме сите реферати и дискусии да се објават онака како што се напишани од авторите.

Со објавувањето на овој материјал, односно со неговото презентирање пред поширокатa јавност со право очекуваме дека ќе се пополни една значајна празнина во домашната литература и дека ќе претставува основа за изградба на нашата стратегија за намалување на сиромаштијата.

На крајот, со задоволство истакнуваме дека Фондацијата "Фридрих Еберт" канцеларија Скопје, ценејќи ја вредноста на резултатите од Собирот, направи се и финансиски се заложи за неговото благовремено објавување, за што искрено се заблагодаруваме.

Исто така се заблагодаруваме и на средствата за јавно информирање кои на високо професионално ново ја информираа македонската јавност за работата на Собир.

Благодарност изразуваме и на Ректорската управа на Универзитетот Св."Кирил и Методиј" - Скопје кој го овозможи одржувањето на Собирот.

Мај 2001 Д-р Јорде Јакимовски



**Јорде Јакимовски**
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје**

# СТРУКТУРНИ ТЕНДЕНЦИИ НА СИРОМАШТИЈАТА

"Цела нација или општествени групи може да биде потчинета и експлоатирана за подолг период, но тие реагираат... Која реакција ќе настане зависи од многу фактори: од економски и политички, од духовната клима во која човекот живее. Ако тој живее под услови кои се спротивни на неговата природа и основните потреби на човековиот развој и здравствена состојба, тој не може а да не реагира; тој мора или да се изопачи, или да пропадне или да создаде услови кои се многу поголеми во рамките на неговите потреби" ( Е. Фром, 1963.: 43).

## Вовед

Во изминатите десет години во Република Македонија се извршуваат значајни институционални, структурни и правни промени и се создадени основните претпоставки за спроведување на пазарна економија и развој на парламентарна демократија.

Меѓутоа, процесот на транзицијата инволвира многу меѓузависни промени коишто се остваруваат, во структурата на претпријатијата - место доминација на големи претпријатија се фаворизираат малите и средните претпријатија, се заменува прикриенатата со отворена невработеност, се напушта постојниот и се прифаќа светскиот стандард на пазарот, се преместуваат делови од социјалната заштита од претпријатијата на државата, односно на системот на социјалното осигурување и сл.

Во овој контекст треба посебно да се имаат предвид и резултатите од приватизацијата, бидејќи таа претставува далеку посложен процес отколку што се мислеше на почетокот и бара повеќе време. Особено потребни се квалитативни промени и консолидирање на приватизираните претпријатија или односите во нив, посебно во совладување на проблемите во раководењето и со акционерите, кои сега се јавуваат во улога на пасивни сопственици.

Отсуството на повеќе од потребниот амбиент за функционирање на новото општество: **незацврстените правила на демократијата, неприсутност на сите елементи на пазарната економија, недоволна моќ на приватно-сопственичката структура, недостиг на претприемачки класи,** придонесоа да се зголеми и продлабочи сиромаштијата. Имено, сиромаштијата се зголемува од 4% во 1991 година до 21% во 1999 година, а индексот на јазот на сиромаштијата порасна од 3,9% во 1996 година на 5,3% во 1999 година.

Постојат значајни промени во структурата, профилот и локацијата на сиромаштијата. Стапката на сиромаштијата се зголемува кај старите лица, семејствата со мали деца и невработените. Поголем дел од сиромашните домаќинства живеат во руралните подрачја. Лицата со пониско општо образование имаат понизок животен стандард. Сиромаштијата ги погодува сите делови во Републиката, но состојбата во недоволно развиените подрачја е критична и бара специјално внимание и акција.

## 1. Популацијата и сиромаштијата

Сиромаштијата е придружена со неухранетост, ограничен пристап до образовните и здравствените услуги, невработеност, низок статус на жената и слично. Сите овие фактори придонесуваат за високото ниво на морбидитет, морталитет, несоодветна дистрибуција на населението, слаба економска продуктивност, неодрживо користење на природните ресурси и извесна еколошка деградација.

Голем број од населението, кое пред неколку години припаѓаше на средните слоеви денес со страв и со нескриена носталгија по минатото вели **„станавме многу победни од порано".**

Во сегашниот период на транзицијата се случуваат големи движења во социјалната структура, како во трансферите помеѓу социјалните категории, така и во составот на социјалните групи. За краток временски период, новите **елити** се адаптираат на новите услови, со голема социјална дистанца спрема останатите социјални групи и тоа во услови на стагнација, па дури и опаѓање на стопанската активност.

**Сиромашните** стануваат уште посиромашни, **средните** се спуштаат во долните слоеви, а се помал број од населението станува **богато.**

Промените во економската и социјалната сфера значително ги менуваат параметрите на демографскиот развој.



***Табела 1: Динамика на некои демографски и социо-економски показатели***

| Години | Живо родени на 1000 | Умрени на 1000 | Природен прираст на 1000 | Склучени бракови | Разведени бракови | Индекси на реална нето плата | Индекс на трошоци на живот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1990 | 16,6 | 6,9 | 9,7 | 15842 | 749 | 100,0 | 100,0 |
| 1991 | 17,1 | 7,3 | 9,8 | 15 688 | 496 | 87,5 | 210,8 |
| 1992 | 16,2 | 7,8 | 8,4 | 15 311 | 578 | 58,4 | 3396,6 |
| 1993 | 15,7 | 7,6 | 8,1 | 15 354 | 636 | 75,3 | 15692,4 |
| 1994 | 17,2 | 8,1 | 9,1 | 15 736 | 612 | 67,6 | 35825,7 |
| 1995 | 16,3 | 8,3 | 8,0 | 15 823 | 710 | 64,7 | 41450,7 |
| 1996 | 15,8 | 8,1 | 7,7 | 14 089 | 705 | 65,0 | 42403,7 |
| 1997 | 14,8 | 8,3 | 6,5 | 14 072 | 1021 | 65,1 | 43506,2 |
| 1998 | 14,6 | 8,4 | 6,2 | 13 993 | 1027 | 67,3 | 43462,7 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 1995,1997,1998,1999 година

Податоците во табелата покажуваат дека рашireноста на сиромаштијата значително влијае на демографските параметри како што се порастот, структурата и дистрибуцијата на популацијата. Во Македонија, учеството на популацијата под 15 годишна возраст е 24,9%. Децата кои живеат во сиромаштија се изложени на висок ризик на неухранетост, болести, жртви се на експлоатација на трудот, на трговија, на сексуална злоупотреба и зависност од дрога.

Опаѓањето на животниот стандард нема еднакво влијание врз начинот на живеењето на различните социјални групи. Така, на пример, кај некои (сопственици на приватни фирми, стручни лица) се стеснува можноста за реализација на својата поголема куповна моќ, кај другите кои се во огромен број (невработени, пензионери, неквалификувани работници, земјоделци, домаќинки) нужно се смалуваат и онака минималните финансиски средства за исхрана, облека и обувки, опрема, школување на децата и слично.

- На оваа констатација упатуваат во голема мера и одговорите на прашањето **„Ве молиме, посочете кој вид на модалитет (одговор) најмногу одговара на финансиската состојба на Вашето домаќинство"?)** [1]

- Нема доволно пари да купи храна ------------------------ 23,1%
- Има доволно пари да купи храна, но постојат тешкотии за купување на облека и обувки ------------------------ 38,4%
- Има доволно пари да купи храна, облека и обувки но не може да си дозволи да си купи скапи работи (бела техника, мебел и сл.)------------------------------------------------ 31,7%

[1] Резултатите од проектот „Социјалното раслојување и квалитетот на животот во периодот на транзицијата", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања Скопје, 2000.

- Може да си купи скапи работи, но не и сѐ што сака-----------5,8%
- Може да си дозволи речиси сѐ што сака-------------------------1,0%

Вкупно 100,0%

Големите процеси на промените и прилагодувањата се проследени со интензивирање на сиромаштијата и социјалната дезинтеграција. Се поставува прашањето: како да се справиме со овие процеси за да се зголеми користа од нив и да се ублажат негативните последици по луѓето.

Сиромаштијата премногу често резултира со **изолација и маргинализација.** Несигурноста со која многу луѓе, особено загрозените, се соочуваат, несигурноста на нивната иднина, иднината на децата - **се интензивира:**

- Повеќе од 380.000 жители во Република Македонија живеат во **голема сиромаштија,** односно 23% немаат **доволно пари** да купат храна. Така, најголем дел од популацијата што нема доволно пари да купи храна се невработените (47,5%), лицата без образование и незавршено основно образование (38,7) и селската популација (25%).
- Постојат исто така сериозни социјални проблеми од различна природа и обем, кои доживуваат фундаментални политички, економски и социјални трансфомрации.
- Значаен фактор, за влошување на социјалната и економската состојба, претставува неодржливата шема на производството и потрошувачката.
- Жените сносат несразмерен дел од проблемите на сиромаштијата. Ризикот од запаѓање во сиромаштија е поголем за жените отколку за мажите, особено во староста, и тоа кога со системот на социјалното осигурување не се зафатени жените.
- Семејните односи значително или многу се влошени и претставуваат потенцијална закана за појава на негативни општествени појави, што доведува до забавување на планираниот општествен развиток.
- Старите лица се особено ранливи на социјалната исклученост, сиромаштијата и маргинализацијата.

## 2. Невработеноста и сиромаштијата

Еден од потешките проблеми со кои се соочува Република Македонија во периодот на транзицијата е фактот што се намалува превработеноста во претпријатијата, а се зголемува невработеноста. Проблемот на невработеноста има добиено такви димензии што со право се поставува прашањето, дали тоа мораше така да се случи. Како може да се објасни дека во Република Македонија по десет години на транзиција треба да има 360.000 невработени (според Заводот за вработување).

Меѓутоа, треба да се признае дека не само во областа на вработеноста, туку и во целокупниот општествено-економски развој во Републиката, проблемите се решаваат многу потешко отколку што се предвидуваше. Неизбежно доаѓа до продлабочување на разликата помеѓу



понудата и побарувачката на работната сила, при што преовладува понудата.

Во услови на сопственичкото преструктуирање на поранешните општествени претпријатија низ процесот на приватизацијата, се очекуваше приватниот сектор да одигра значајна улога на акцептор на постојната маса на невработени.

Меѓутоа, во овој период ваквите надежи се покажуваат како неосновани, при што се продолжува опстојување во зоната на сивата економија **неформалното вработување** кое се јавува како природна консеквенца од незаокруженоста на правниот и економскиот систем.

Активноста во неформалниот сектор е често водечки извор на можности за вработување на оние луѓе кои имаат ограничен пристап до вработување во формалниот сектор, особено за жените.

Вработените во неформалниот сектор често ги немаат основните права (здравственото и пензиското осигурување, безбедни услови).

Во структурата на невработените лица, големо е учеството на младата популација (48,3%) до 30 години.

Најголем број невработени млади лица се образовани, што покажува колку губи општеството од неискористените инвестиции во младата работна сила за професионалната квалификација и образование.

Голем број припадници од младите школувани генерации се доведени во положба да ги губат најдобрите години од животот чекајќи вработување, и тоа во години кога можат на општеството да му дадат најмногу со својата способност и творештво.

Невработеноста во Република Македонија не претставува само економски проблем, туку и тежок социјален проблем и депресивна содржина на човековиот развој ( Н. Узунов, 1999.: 87).

Подолготрајното чекање за вработување на голем број млади и квалификувани лица го намалува угледот на општествено-економскиот поредок на земјата и крие во себе голема опасност за социјалниот мир и за стабилноста на земјата. Долгорочната невработеност води кон обесхрабрување на работниците. Времетраењето на барањето работа е во корелација со социо-демографските карактеристики на работната сила. Помалку образованите имаат подолг период на чекање во споредба со повисоко образованите лица. Ова го објаснува и зголемувањето на сиромаштијата кај лицата со пониско образование. Повторното вработување е потешко кај лицата кои се подолго време невработени, поради губењето на вештините и опаѓањето на моралот.

Полнолетната млада генерација живее од поддршката на семејството, односно од солидарноста на родителите и најблиските роднини. Долготрајната невработеност ги прави младите фрустрирани и незадоволни затоа што се приморани во недоглед да ги одлагаат значајните за поединци и општеството функција - склопување брак, родителство и слично.

Од една страна, паралелно со подолгото чекање на вработување се поместува старосната граница за стапување во брак, а од друга страна кај воспоставените брачни заедници се појавува нарушување во функциите на семејството (Ј.Јакимовски, 2000.: 44).

## 3. Жената и сиромаштијата

Значаен феномен на транзицијата е зголемената сиромаштија на жената. Трансформациите на политичкиот, економскиот и социјалниот систем честопати доведува до намалување на приходите на жените или кон лишување на жената од приходи.

Економската рецесија, како и тековните реструктуирања на Републиката имаат несразмерно негативно влијание врз вработувањето на жената.

Жената често прифаќа вработување, на кое му недостасува долгорочна сигурност на работата или на опасни работни услови, работи на незаштитено домашно производство или е невработена.

Како последица на зголемената невработеност или несигурниот карактер на вработување на жената, во пораст е бројот на сиромашните жени.

Поради половата поделба на трудот и одговорностите за добросостојбата во семејството, жените сносат несразмерен товар, обидувајки се да ја одржат потрошувачката и приходите во домаќинството во услови на зголемена сиромаштија.

Сиромаштијата е особено акутна за жената во руралните семејства. Сиромаштијата на жената на село директно е поврзана со непоседување на имот, ограничен или недостаток на пристап до образованието и услугите на помошта. Високиот степен на незавршено основно образование на селската жена претставува сериозен фактор за зголемување на сиромаштијата, особено на женските деца кои порано го напуштиле образовниот ситем, немаат никаква квалификација и се најранливи на пазарот на трудот. Кај неписмените и помалку образованите жени се влошува исхраната, здравјето, образованието на децата и се намалува можноста да партиципираат во одлучувањето во општеството.

Ризикот од запаѓање во сиромаштијата е поголем кај жените во повозрасните години, особено кај жените кои не се социјално обезбедени. Старите жени се соочуваат и со поголеми пречки за повторен влез во пазарот на трудот.

## 4. Сиромаштијата и демократијата

Долните слоеви се политички апатични, крути, со конзервативни гледања на политичките прашања, подлегнуваат на влијание на екстремните религиозни секти и пружаат отпор на демократските институции (С. Липсет, 1969.:15).

Постојат повеќе фактори кои влијаат врз стабилноста на демократијата, ние како примери, и релевантни ги издвојуваме:

**социјално-економскиот развој и законитоста.** Имено, колку е нацијата побогата, толку поголемо е верувањето дека ќе се одржи демократијата.



Само во богато општество, во кое релативно мал број на граѓани живеат во сиромаштија, населението може интензивно да учествува во политиката и развојот на самоконтролата.

**Значи, просекот на богатството, степенот на индустријализацијата и урбанизацијара се во корелација со демократските процеси.**

**Според тоа:**

- нискиот приход по глава на жител создава услови за "мала демократија";
- меѓутоа, истражувањата покажуваат дека сиромашната популација е либерална и повеќе левичарски ориентирана во економските прашања.;
- тие се за создавање на општата благосостојба;
- за прогресивно оданочување, поддршка на синдикатот и слично.

Но, во услови кога либерализмот се дефинира со неекономски термини, како што е прашањето на **граѓанската слобода** и **интернационализмот**-корелацијата е обратна. Имотната група е либерална, а сиромашната е за нетолеранција.

Податоците од јавното мислење покажуваат дека нискиот слој е многу малку за демократијата како политички систем, за разлика од средните и високите слоеви.

Групите со низок општествен економски статус покажуваат мал степен на учество во организации, здруженија, поретко читаат списанија и книги, слабо се информирани за јавните работи и покажуваат помал интерес за политиката. Оние што не учествуваат во гласањето и кои малку се интересираат за политиката покажуваат поголема нетолеранција и ксенофобија од оние кои гласаат и имаат интерес за политиката.

## Акции за намалување на сиромаштијата

Според, Т. Schultz, одличен фактор за осигурување на човековата благосостојба е вложувањето во човекот и знаењето." Научивме дека сиромашните луѓе се многу заинтересирани за подобрување на сопствената положба и положбата на своите деца... А тие не се ниту помалку способни да остваруваат максимална корист од своите ограничени ресурси. Квалитетот на населението и знаењето се значајни" (Т. Schultz, 1982: 22).

Треба да се отфрли тезата дека ограничениот простор, енергијата и други производни ресурси се решавачки фактори за благосостојбата на човекот. Способноста на луѓето - образованието, искуството, вештината и здравјето се основни фактори на економскиот, политичкиот и социјалниот развој на општеството.

За сиромаштијата, како комплексен мултидимензионален проблем, не може да се бара и најде единствено решение. Сиромаштијата е поврзана со недостатокот од контрола на ресурсите, вештините, знаењата, капиталот и социјалните врски. Намалувањето на сиромаштијата не може да се постигне само преку програми за борба против неа, туку таа бара и

демократска партиципација и промени во економската структура. Сиромаштијата бара мултидимензионален пристап на економските и социјалните можности кои ќе овозможат промовирање на пригодни приходи и основни социјални услуги на луѓето.

Оттука, потребно е:

- создавање на еднакви услови за сите луѓе уште при промовирањето на политичкиот, економскиот и социјален развој;
- креирање на активна политика за целосно продуктивно и соодветно платено вработување;
- обезбедување на адекватна економска и социјална заштита при невработеност, инвалидност и старост;
- давање на соодветно значење на образованието, односно зајакнување на образовниот процес на сите нивоа и обезбедување пристап до основното и средно образование. Сите истражувања на ова прашање покажуваат дека образованието е значаен чинител за приходот и занимањето;
- воспоставување на политика за давање на повисок приоритет на основните социјални услуги;
- изработка на национална стратегија за искоренување на сиромаштијата;
- креирање и зајакнување на мерки и активности за подобрување на економските, социјалните и животните услови во руралните средини и спречување на руралниот егзодус;
- обезбедување на јавни и приватни инвестиции за подобрување на глобалната човекова средина и инфраструктурата (водовод, канализација, домување и превоз);
- формулирање и имплементирање на програми кои ќе го зголемат пристапот на жените (особено во руралните области) до финансиските, техничко-технолошките и маркентинг услугите со цел да се зголеми приходот и подобри животниот стандард;
- невладините организации треба да одиграт значајна улога во борбата против сиромаштијата, и тоа особено организациите кои ги застапуваат сиромашните и различните ранливи групи.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Декларација од Копенхаген и Програма за акција: Светски самит за социјален развој, 6-12 март, 1995

2. Ерих, Фром: Здраво друштво,Рад, Београд, 1963, 337

3. Јакимовски, Јорде: Социјалната стратификација и квалитетот на животот во Република Македонија - Зборник на трудови: Социјално раслојување во Бугарија и Република Македонија: Фондација "Фридрих Еберт" канцеларија Скопје, Институт по социологија при БАН и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, Софија, 1998.





4. Јакимовски, Јорде (2000): Невработеноста и социјалните проблеми, во: Јорде Јакимовски и Александар Петроски (ред.): Економски и социјални аспекти на невработеноста во Република Македонија и во Република Бугарија и перспективи за нејзино намалување: Зборник на трудови.- Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје; Економски институт,Скопје; Фондација "Фридрих Еберт" - канцеларија Скопје, 41-49

5. Јакимовски, Јорде: Социјалното раслојување на населението во Република Македонија и човековиот развој. - **Економски развој**, Скопје, Год 1, бр.3 ,1999: 87-98.

6. Sejmor M. Lipset: Politički čovek, Београд, 1969, 518

7. Schultz, T : Ulaganje u ljude.- Економска библиотека, Загреб,1985

8. Самит за земјата, извештај за Агенда 21,Обединети нации, Конференција за животна средина и развој, Рио де Жанерио, Бразил, 3-14 јуни, 1992

9. Узунов, Никола: Споредбена анализа за нивото на човековиот развој.- **Економски развој**,Скопје, 1 (1999) 3: 75-88

**Благица Новковска**
**Државен завод за статистика**

# КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА СИРОМАШТИЈАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Достигнатиот степен на економскиот развој на една земја и начинот на дистрибуцијата на приходите на населението се главните индикатори за нивото на благосостојбата во неа.

Во Република Македонија за првпат е започнато со квалитативно мерење на благосостојбата на населението во 1996 година. Со првите мерења на сиромаштијата, кои се однесуваа на периодот 1994-1996 година, беа идентификувани социјалните последици од транзицијата и сиромашните групи од населението. Понатамошните мерења на сиромаштијата овозможија да се следат состојбите и трендовите во животниот стандард на населението, но и да се идентификуваат ранливите групи од населението кои се хронично сиромашни.

Квантитативните анализи на сиромаштијата овозможуваат да се најде одговор на прашањата: кој е сиромашен, колку е сиромашен, но и кои се основните причини за осиромашувањето на одредени групи од населението.

Целта на овој труд е да даде приказ на состојбите на сиромаштијата во Република Македонија во периодот 1997-1999 година, со осврт на основните профили на сиромаштијата.

## 1. Економските промени во Република Македонија

Динамиката на економскиот развој во Република Македонија најлесно може да се оцени преку движењето на БДП, стапката на инфлација, стапката на невработеност, бројот на корисниците на социјална помош.

Овие индикатори во последните неколку години покажуваат пораст на БДП, благо опаѓање на стапката на невработеност, мала стапка на инфлација. Ваквите движења на економските индикатори укажуваат на запирање на трендот на негативни економски движења, што од аспект на мерењето на сиромаштијата би требало да значи подобрување на животниот

стандард на населението. Но, истовремениот пораст на бројот на корисниците на социјална помош е сигнал дека дистрибуцијата на приходите е нерамномерна и дека е во пораст нееднаквоста меѓу населението.

**Табела 1: Динамика на некои економски индикатори**

| | Бруто домашен производ по жител во САД $* | Стапка на инфалција | | Стапка на невработеност | Корисници на социјална помош (просек) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | RPI | CPI | | |
| 1991 | 2083 | 114.9 | 110.8 | - | - |
| 1992 | 1937 | 1690.7 | 1511.3 | - | - |
| 1993 | 1785 | 349.8 | 362.0 | - | - |
| 1994 | 1742 | 121.8 | 128.3 | - | - |
| 1995 | 1705 | 15.9 | 15.7 | - | 52955 |
| 1996 | 1709 | 3.0 | 2.3 | 31.9 | 53652 |
| 1997 | 1722 | 4.4 | 2.6 | 36.0 | 64480 |
| 1998 | 1763 | 0.8 | -0.1 | 34.5 | 62712 |
| 1999 | - | -1.1 | -0.7 | 32.4 | 68087 |
| 2000 | - | - | - | 32.1 1) | 74961 2) |

1) Претходни
2) Просек за 10 месеци
*Конверзијата е направена со методот на ценовно прилагоден курс - метод на ООН - Фаре метода

## 2. Животниот стандард на населението

Нивото на животниот стандард на населението најлесно се мери преку нивото на семејните буџети и нивната структура. Податоците за овие состојби покажуваат дека во текот на процесот на транзицијата се случиле динамични промени токму во структурата на приходите и расходите на населението.



***Табела 2: Структура на потрошувачката и на приходите***

| | 1990 | 1991 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна потрошувачка** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| *Исхрана* | 44.2 | 43.6 | 46.4 | 46.4 | 44.3 |
| *Пијалак* | 4.5 | 5.1 | 4.3 | 4.3 | 5.1 |
| *Тутун* | 3.2 | 3.3 | 3.8 | 3.7 | 4.0 |
| *Облека* | 7.7 | 6.7 | 4.9 | 4.5 | 4.7 |
| *Обувки* | 3.8 | 3.2 | 2.9 | 2.9 | 2.6 |
| *Домување* | 2.1 | 2.7 | 2.8 | 2.7 | 2.4 |
| *Огрев и осветление* | 8.9 | 9.7 | 9.9 | 9.9 | 9.2 |
| *Покуќнина* | 3.8 | 2.3 | 2.0 | 1.8 | 2.3 |
| *Хигиена и здравје* | 4.2 | 5.5 | 7.0 | 7.2 | 7.2 |
| *Образование, култура и разонода* | 5.7 | 5.0 | 3.7 | 3.2 | 4.1 |
| *Сообраќај и ПТТ* | 8.2 | 9.7 | 9.5 | 10.1 | 10.9 |
| *Друго* | 4.0 | 3.0 | 2.9 | 3.3 | 3.3 |
| **Вкупни приходи** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| *Примања од работа* | 69.4 | 67.0 | 56.1 | 54.7 | **55.5** |
| Примања од работен однос | 59.7 | 59.4 | 45.5 | 44.0 | **46.4** |
| Нето примања на самовработени | 1.1 | 1.8 | 1.9 | 1.8 | **1.8** |
| Нето примања од земјоделство | 8.5 | 5.8 | 8.7 | 8.9 | **7.3** |
| *Социјални трансфери** | 11.5 | 15.1 | 21.2 | 21.9 | **22.4** |
| *Друго* | 19.1 | 18.0 | 22.7 | 23.5 | **22.1** |

* Вклучени се: детски додаток, пензии,примања по основ на социјално осигурување, социјална помош, инвалиднини, стипендии, парична помош, материјален надоместок на невработени.

На почетокот од транзицијата, 69.4% од вкупните приходи на домаќинствата биле примања од работа. Учеството на примањата по основ на социјални трансфери било 11.5%. Најголемо учество во приходите на домакинствата имале примањата од редовен работен однос (59.7%). Во текот на економските, но и на социјалните преструктуирања, се случиле промени и во изворите на приходите на домаќинствата. Во последните неколку години примањата од работа се намалувале и нивното учество било: 53.6% во 1996 година, 56.1% во 1997 година, 54.7% во 1998 година, 55.5% во 1999 година. Во истиот период помалку од половина од приходите биле од редовен работен однос, а дури 22% потекнува од разни видови социјални трансфери. Овие структурни промени во приходите на населението соодветствуваат на зголемувањето на бројот на невработените и корисниците на социјална помош.

За промените кај животниот стандард уште поилустративни се промените кај вкупната потрошувачка на населението. Во 1990 година, 44.2% од вкупната потрошувачка била наменети за исхрана, 7.7% за облека, 3.8 % за покуќнина, за образование, култура и разонода 5.7% и за останатите потреби 38.6%.

Во 1999 година, најголем дел од вкупните трошоци бил наменет за исхрана (44.3%). Истовремено, заради зголемувањето на трошоците за сообраќај и ПТТ, домување, хигиена и здравје, се намалиле издвојувањата за облека и обувки, покуќнина, образование, култура и разонода. Овие структурни промени на потрошувачката се силен индикатор за опаѓањето на животниот стандард на домаќинствата, но и за зголемена ранливост на одредени групи од населението.

## 3. Сиромаштијата во периодот 1997-1999 година

Врз основа на податоците од анкетата за потрошувачка на домаќинствата, релативниот метод за мерење на сиромаштијата и ОЕЦД еквивалентната скала, беа утврдени основните профили на сиромаштијата во Република Македонија во периодот 1997-1999 година.
Мерењата покажуваат мал пораст на делот од популацијата кој е под линијата на сиромаштија.

***Табела 3: Индекс на сиромаштија***

| Профили на сиромаштијата, 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка | | | |
|---|---|---|---|
| **Индекси на сиромаштијата** | **1997** | **1998** | **1999** |
| **Head count index** | 19.0 | 20.7 | 21.0 |
| Poverty gap index | 4.6 | 5.0 | 5.7 |

Истовремено со порастот на осиромашениот дел од населението се продлабочува и нивната сиромаштија, иако за одредени профили се намалува сиромаштијата или пак нејзината длабочина.

***Табела 4: Индекс на сиромаштија според населено место***

| Профили на сиромаштијата, 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Региони | 1997 | | 1998 | | 1999 | |
| | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap |
| Скопје | 12.5 | 3.0 | 14.2 | 3.7 | 26.3 | 8.3 |
| Други урбани | 20.3 | 4.3 | 21.8 | 4.8 | 17.0 | 3.8 |
| Рурални | 23.3 | 6.2 | 25.1 | 6.4 | 20.9 | 5.6 |

За овој тригодишен период најголемо осиромашување се забележува кај жителите на Скопје. Во 1999 година, од вкупниот број на жители на Скопје 26.3% биле сиромашни и во однос на претходната година, што значи осиромашување за уште 12.1% од популацијата. Најсериозни причини за ова може да се сметаат: остарувањето на популацијата во



Скопје, природно и механичко, насочувањето на голем дел од новите инвестиции кон другите урбани средини, најсилна социјална стратификација токму во главниот град на земјата. Сепак, најсериозен фактор за осиромашувањето на жителите на Скопје во 1999 година е влијанието на косовската криза.

Во другите урбани средини се забележува намалување на сиромаштијата и нејзината длабочина. Во руралните средини исто така опаѓа бројот на сиромашни домаќинства, но се намалува и длабочината на нивната сиромаштија.

***Табела 5: Индекс на сиромаштија според големината на домаќинството***

| Профили на сиромаштијата, 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Домаќинства по број на вработени | 1997 | | 1998 | | 1999 | |
| | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap |
| 1 | 19.2 | 4.3 | 21.5 | 4.6 | 21.2 | 5.3 |
| 2 и повеќе | 9.8 | 1.6 | 7.3 | 1.4 | 7.3 | 1.5 |
| невработени | 23.5 | 6.7 | 25.6 | 6.8 | 31.4 | 9.1 |

Во најранливите категории од населението секогаш се вбројуваат невработените, но и вработените кои се со помали квалификации, несигурна работна иднина и нередовна исплата на заработеното.

Од вкупниот број на домаќинства кои имаат само по еден член вработен во 1997 година 19.2% биле сиромашни, во 1998 година 21.5%, а во 1999 година 21.2%. Намалувањето на учеството на овој вид на домаќинства во групата сиромашни во 1999 година, но истовременото продлабочување на нивната сиромаштија, укажува дека всушност станува збор за посериозно осиромашување на повеќечлените домаќинства во кои само еден член е вработен.

Состојбите со животниот стандард на сиромашните домаќинства со два и повеќе вработени членови останале непроменети во овој период. Од овој вид домаќинства во 1999 година само 7.3% биле под утврденото ниво на неопходен животен стандард. Бидејќи индексот на длабочината на нивната сиромаштија е низок тоа значи дека мал износ на дополнителни средства насочени кон нивниот буџет може да ги отргне од категоријата сиромашни домаќинства.

Како најранлива група се потврдува категоријата невработени лица. Во 1999 година во однос на претходниот период најголемо осиромашување со истовремено силно продлабочување на нивната сиромаштија се случило всушност за невработените лица.

***Табела 6: Индекс на сиромаштија кај домаќинство со деца до седум години***

| Домаќинства со деца до 7г. | 1997 | | 1998 | | 1999 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Профили на сиромаштијата, 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка | | | | | | |
| | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap |
| Без | 17.4 | 3.5 | 18.7 | 4.2 | 19.7 | 5.1 |
| Со | 24.5 | 8.0 | 27.2 | 7.8 | 25.9 | 7.8 |

Секогаш од особено значење е состојбата со најмладата популација. Нејзиното учество во категоријата сиромашни значи голема веројатност за нивно рано социјално исклучување, ограничен пристап кон образовните, кон здравствените услуги.

Во анализираниот период забележителен е трендот на пораст и продлабочување на сиромаштијата на домаќинствата без деца до 7 години. Тоа укажува на посериозни анализи на семејната структура на овие домаќинства. Истовремено кај категоријата домаќинства со деца до 7 годишна возраст се забележува благо опаѓање на бројот на сиромашни домаќинства, но без промена на длабочината на нивната сиромаштија, се потврдува дека тие се всушност дел од категоријата хронично сиромашни.

***Табела 7: Индекс на сиромаштија според возраста на главата на домаќинство***

| Возраст на главата на домаќинството | 1997 | | 1998 | | 1999 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Профили на сиромаштијата, 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка | | | | | | |
| | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap | Head count index | Poverty gap |
| До 39 | 19.8 | 6.1 | 24.7 | 7.3 | 26.9 | 8.4 |
| 40-59 | 18.5 | 4.4 | 19.6 | 4.7 | 19.9 | 5.1 |
| 60 и повеќе | 19.4 | 4.0 | 20.6 | 4.5 | 20.4 | 5.6 |

Имајќи ги предвид претходно идентификуваните категории сиромашни домаќинства и лица, анализата на профилите на сиромаштијата според возраста на главата на домаќинствата овозможува да се прецизираат најранливите групи кај населението и интензитетот на нивното осиромашување.

Младите домаќинства со глава на домаќинството на возраст до 40 години се со висок ризик од понатамошно осиромашување. Во 1997 година 19.8% од овој вид на домаќинства биле сиромашни, а во 1999 година 26.9%. Кај повозрасните домаќинства се случува исто така осиромашување но не со таква динамика. Кај старите домаќинства има незабележително опаѓање на



сиромаштијата, но поинтензивното продлабочување на нивната сиромаштија упатува на заклучокот дека се работи за самечки старечки домаќинства.

## Заклучни согледувања:

Квантитативните мерења на сиромаштијата дефинирана како *"релативен стандард на опстојување"*, овозможуваат да се идентификува кој е сиромашен во Република Македонија и колку е сиромашен.

Според податоците за периодот 1997-1999 година:

- вкупниот број на сиромашни домаќинства е во мал пораст, но поголеми промени се идентификуваат кај длабочината на сиромаштијата кај поеделните профили на сиромашни домаќинства и лица;
- најранливи групи од населението се: невработените лица, домаќинствата со деца до 7 години, руралните домаќинства, самечките старечки домаќинства и младите домаќинства каде главата на домаќинството е невработено лице на возраст до 40 години;
- најдинамични промени во овој период се случиле во главниот град на земјата каде е и најсилно изразена нееднаквоста во приходите и социјалната стратификација на населението;
- најголем ризик од понатамошно осиромашување имаат лицата на возраст до 40 години, со помало образовно ниво, невработени и со место на живеење во Скопје;
- главна причина за поинтензивното осиромашување на одредени групи од населението во 1999 година е косовската криза. Според податоците од мерењата на сиромаштијата, најсериозни социјални последици од оваа криза се случиле во главниот град на земјата;
- причини кои подолгорочно влијаат за осиромашувањето на населението се: невработеноста, несоодветното насочување на социјалните трансфери, местото на живеење, продлабочувањето на нееднаквоста во дистрибуцијата на примањата на домаќинствата;

Имајќи ги предвид овие причини за осиромашувањето на населението, напорите за нејзиното намалување треба да бидат насочени кон:

- Побрз и порамномерен економски развој (намалување на невработеноста, запирање на емиграцијата и одливот на квалификуваниот работоспособен потенцијал);
- Соодветно насочување на социјалните трансфери кон најсиромашните домаќинства и лица, со што би се намалила нееднаквоста во приходите на населението како една од сериозните причини за продлабочувањето на сиромаштијата на најризичните групи.

**Весна Димитриевска**
**Филозофски факултет-Скопје**

# КВАЛИТИВНА АНАЛИЗА НА СИРОМАШНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО МАКЕДОНИЈА

## Вовед

На крајот на милениумот, кога триумфира науката, се јавува тенденција на елиминација на човекот. Духот на човекот "застарува" и тој функционира беспрекорно како "совршена машина". Современото технолошко општество, користејќи ги средствата што му ги нуди техничкиот напредок, развива посебни механизми со кои човекот го врзува за општеството и го доведува во состојба на инструмент.

Техничкиот развиток сам по себе не значи и духовен развиток, духовно богатство. Духот се сведува на технички разум, интелект, развој на науката и техниката, а науката и техниката се во служба на бескрајниот процес на усовршување, кој има смисла само од гледна точка на материјални добра и повисок животен стандард. На тој начин се создава материјалистичка култура. Во неа човекот се профилира како потрошувач,индивидуата се претвара во безлична маса, материјално богата, но духовно сиромашна. Луѓето го живееат животот сé помалку размислувајќи за него. Како да е изгубен вечниот парадокс на човековото битие "да се биде она што е и да се мечтае по она што не е".

Наспроти достигнувањата сé позачудувачко е сознанието дека приближно една милијарда луѓе од овој свет живеат на "работ на егзистенцијата". Таа категорија на граѓани, како да е заборавена. Тие луѓе живеат на маргините на општеството, кај нив полека се губи "идентитетот на духот и телото". Можеби ова звучи морбидно, но оваа категорија на човечки суштества, како и да ја дефинираме - единство на духот и телото, или преку човековите потреби, или преку потрошувачката, - постојано е во неможност да ги задоволува своите човечки потреби.

Овој податок особено загрижува, знаејќи дека бројот на сиромашните постојано се зголемува.

Лажен би бил впечатокот доколку мислиме, дека ова појава е типична само во неразвиените земји, земјите од Третиот свет (Азија, Африка,

Средна и Јужна Америка) или земјите од некогашниот "комунистички комонвелт" (Југоисточна и Источна Европа)

Сиромашни имало секогаш, ги има и денес, насекаде во светот.

Сиромаштијата има долга историја. Таа датира од самиот почеток на настанувањето на човековото општество. До појавата на класните општества, "продукцијата и репродукцијата" на сиромаштијата била условена од недостаток на природни извори, неразвиеност на производните сили и сеопшта немоќ на човекот да се спротивстави на дејствувањето на природните сили. Свој придонес кон таквата состојба имале и сè почестите поплави, суши, земјотреси, болести и слично.

Причините за појавата и ширењето на сиромаштијата, од првото класно општество па сè до денес, се многубројни. Како најопшти би ги издвоиле:

недоволна развиеност на производните сили;
карактерот на производните односи;
светска економска криза;
елементарни непогоди и
одредени животни состојби (болест, инвалидност, старост и слично).

За правилно идентификување на причините за појава на сиромаштија, неопходно е најпрвин да се идентификува, односно дефинира, поимот сиромаштија. Следниот чекор е изнаоѓање на начини како таа може да се мери. Кога сиромаштијата е идентификувана (дефинирана) и правилно измерена, тогаш лесно може да се откријат и причините за нејзиното појавување.

Проблемот, секако, заслужува поголемо внимание. Имајќи ја предвид комплексноста на појавата, ќе ја анализираме и ќе укажеме и на некои дефиниции кои се тесно поврзани со животниот стандард.

## 1. Што е животен стандард?

Во литературата се присутни многу дефиниции ,кои од различен аспект го дефинираат животниот стандард. Поголемиот број од нив ги вклучуваат матерјалните услови за живот и работа , како клучни елименти во дефинирањето на животниот стандард. Во Зборникот на поими од социјалната политика, Едита Вајс вели: "Поимот животен стандард ги опфаќа материјалните, работните и други услови на живот и работа на населението во една земја или неговите групи во одреден простор". Едита, животниот стандард го сфаќа како општествено - економска категорија. Таа укажува и на поврзаноста на оваа категорија со општествено-економската репродукција.

Марксистички ориентираните мислители ги вклучуваат сите елементи кои влијаат на условите во кои живее и работи човекот. Со други зборови, животниот стандард е израз на задоволување на материјалните и останати потреби, кои настануваат на одреден степен од развојот на производствените сили и односи. Како клучни елементи при дефинирањето на животниот стандард ги истакнуваат: материјалната потрошувачка, услугите, нематеријалните (образование,култура,станбена заштита), како и работните услови.



Голем придонес за дефинирањето на животниот стандард имаат Обединетите Нации. Тие укажаа кои елементи треба да бидат вклучени при дефинирањето. Сфаќајќи го човекот како единство на духот и телото, во почетокот истакнаа педесет различни елементи. Од практични причини, денес бројот е намален и сведен е на: здравје, потрошувачка на храна, образование, вработеност и услови на работа, домување, обувки и облека, рекреација и забава, социјална сигурност и човекова слобода.

Не навлегувајќи во подетална анализа, ние ќе ја прифатиме најопштата дефиниција за животен стандард "степен на задоволување на материјални и нематеријални потреби".

Во услови на низок животен стандард, приоритет имаат материјалните потреби.

Прашањето што стои пред нас е: како, на кој начин и во кој обем , сиромашните граѓани на Република Македонија ги задоволуваат материјалните и нематеријалните потреби.

## 2. Состојбата во Република Македонија

Општо е познато дека Р. Македонија е сиромашна земја. Со стекнувањето на независноста во 1991 год., таа го започна процесот на темелни промени, во многу специфични и тешки услови, без никакво сопствено искуство. Темпото на транзициските промени, во голема мера беше условено, од негативните економски ефекти што земјата ги трпеше и ги трпи како резултат на "војните на југословенската сукцесија", познатите проблеми со Грција, како и други фактори од субјективна и објективна природа.

Станува збор за еден процес на преминување од социјалистички колективизам во граѓанско капиталистичко општество. Може да истакнеме и други димензии на овој транзициски период: преминување од централна-политика кон пазарно стопанство, од еднопартиски идеолошки монополизам кон политички плурализам итн.

Проблем што се појавува во овој период е отсуството на повеќе од потребниот амбиент за функционирање на новото општество. Еден систем се урива, а другиот се создава. Не постои доволно моќна приватно-сопственичка структура, не се присутни нужните елементи за функционирање на пазарот. Воспоставена е парламентарна демократија, но таа е слаба. Правилата на демократијата уште не се зацврстени. Цивилното општество е во фаза на создавање.

Еден од најкомплексните проблеми во овој период, ценам дека е приватизацијата и нејзината реализација. Токму нејзиното спроведување, "правилно или не", доведе до низа неправилности. Приватизацијата создаде армија "стечајни" работници, со што се зголеми и онака големиот број на невработени. Така, од 156.000 невработени лица во 1990 година тој број се зголеми на 332.812 во 1999 година.

Поради укинувањето на субвенциите, како и поради наглото зголемување на цените дојде до опаѓање на стандардот на населението. Таа состојба предизвика фрустрации кај граѓаните и појава на "чувство" на осиромашување. Особено тоа го почуствуваа социјално ранливите групи (помалку образованите, неквалификуваните работници со нижо

образование, домаќинките, семејствата со еден родител, невработените, пензионерите особено оние со мали пензии).

Голем број од населението, кое пред неколку години беше во средните слоеви, денес со страв и со нескриена носталгија по минатото, вели: "станавме многу победни од порано".

Во овој транзициски период се случуваат големи движења во социјалната структура, како во трансферите во социјалните категории, така и во составот на социјалните групи.

Богатите стануваат уште побогати, а сиромашните уште посиромашни.

Сите наведени промени, а секако и голем број други, несомнено придонесоа да опадне квалитетот на живеењето во државата. Тоа особено се почуствува со: намалувањето на работната способност, ниските плати и нивната нередовна исплата.

Сакале ние или не, мораме да признаеме дека во Република Македонија, во овој транзиционен период, па и во поранешниот систем, нема систематско научно мерење на сиромаштијата. Прво посериозно истражување е направено во Заводот за статистика на Република Македонија, во рамките на проектот "Социјални реформи-техничка помош и потпроектот за социјална помош", нарачан од страна на Владата на Република Македонија.

## 3. Квалитативна анализа на сиромаштијата

Сиромаштијата е еден мошне комплексен феномен, и се разликува од земја во земја.

Проектите "Квалитативна анализа на животниот стандард на населението во Република Македонија", "Промените во општествената структура во Македонија", со помош на применетата квалитативна анализа и моите сопствени истражувања на овој проблем ни овозможија длабински да ја анализираме сиромаштијата во нашата држава.

### 3.1. Како сиромашните ја дефинираат сопствената состојба

Поголемиот дел од испитаниците, сиромаштијата ја дефинираат апстрактно. Како основен показател на сиромаштијата според анкетираните е квантитетот и квалитетот на исхраната. Како втор показател, беше истакната неможноста да се лекуваат, поради трошоците кои се потребни за лекување.

Речиси сите интервјуирани родители, како најзначаен показател ја истакнуваа нивната неможност да ги задоволат потребите на своите деца.

#### 3.1.1. Разлики во дефинирањето според типот на домакинството

Она што ценам дека треба да се истакне при анализата на сиромаштијата во Македонија е фактот, дали домаќинството цел живот било со ограничени средства и лоши услови на живеење или тоа домаќинство порано се вбројувало во средната класа, а сега под влијание на состојбата во општеството осиромашило. При тоа, сосема лесно се воочуваат разликите во степенот на чувството на непријатност кај двете категории домаќинства и начинот на живеење.



Анализирани беа нивните расх ди напр лет (мај) и в зимски т пери д (декември). П сматрани беа в еден п д лг пери д ( д 1995-2000г д.)

С анализата се д би п јасна слика за двата типа д маќинства. Имен , как се хранат, каде ја набавуваат храната и дали таа зад в лува дредени стандарди.

Кај д маќинствата д првата катег рија, забележлив е к нзумирање на пр изв ди, купувани п ефтина цена на пазарите, чест пати с критичен р к на траење, чест пати с бирани д пазариштата как неп д бни за пр давање или с бирани д нивите, за к и пр изв дителите ги цениле как неп требни. К нзумирањет на сн вните пр изв ди, п требн за н рмалн живеење, сведен е п д пр пишаните стандарди, свен уп требата на пр изв ди д жит и прераб тки д истите и витални масти, к и се движат в рамките на д зв лен т . Ваквата с ст јба е присутна в пр летни т и зимски т пери д, и в цели т испитуван пери д.

Овие д маќинства сите пари ги тр шат за храна. М раме да истакнеме дека п г леми т бр ј д д маќинствата и немат пари.

С сема минимални средства тр шат за хигиена , нек и д маќинства дури в пшт не тр шат на (пр. сумчлен семејств в тек т на еден месец к ристи едн т алетн сапунче д 150 грами, 5 р лни т алетна хартија, два кг. праш к за перење, една паста за заби д 50мл.).

Режиските тр ш ци не ги плаќаат, блека не набавуваат. Интересен е п дат к т шт д цигари не се ткажуваат и п крај т а шт не купуваат на пр. млек , мес и сл., а п веќе пари тр шат за цигари (на пр. ист т сумчлен д макинств за петнаесет дена тр ши 56 кутии цигари ,или в денари 1288 денари, а сам 700 денари за мес , риба, јајца и прераб тки или 850 денари за млек и прераб тки д млек ).

Се наметнува едн м шне суштествен прашање, имен за културата на живеење.

Забележлива е мала пр мена кај д маќинствата д вт рата катег рија.

П крај уп требата на виталните масти над предвидените стандарди, уп требата на станатите пр изв ди се приближува к н н рмалата. Ос бен п изразена е с ст јбата в зимски т пери д.

Овие д маќинства малку п веќе дделуваат средства за хигиена. Режиските тр ш ци ги плаќаат, н с мал зад цнување. Нешт малку тр шат за блека и бувки (ефтин и д пазар). Как и претх дната група на испитаници и вие не се ткажуваат д цигарите и п крај факт т шт станатите пр изв ди ги уп требуваат п д пр пишаните стандарди. Интересен е п дат к т шт д ста пари тр шат за лижавчиња, см ки, грицки и мастики. Нема п себна разлика, в зависн ст д сез ната, в начин т на тр шење на парите. Оваа катег рија испитаници мн гу чест игра игри на среќа (л т , бинг ).

Општ заклуч к би бил, дека сир машните д маќинствата в сн ва се исхранувaат неквалитетн и п д предвидените минимални стандарди. П разн видна е исхраната в пр летни т пери д, н е п д предвидените стандарди. Сите д маќинства најмн гу уп требуваат пр изв ди д жит и прериб тки д истите, витални масти, шекер и прераб тка. Уп требата на

зеленчукот е сведена претежно на грав, компир и зелка најчесто. Загрижувачки е податокот што и нивната употреба е под пропишаните стандарди. Иста е состојбата и со овошјето, со тоа што во зимскиот приод се конзумира повеке, и тоа најмногу јаболко. Ова е и разбирливо, со оглед на достапната цена на истите.

Општо, за сите домаќинства, би истакнале дека трошат многу повеќе отколку што им се реалните приходи. Оправдувањето за недостигот од пари може да го објасниме со честите позајмувања, одложено плаќање, свесно пречекорување на дозволеното салдо на тековната сметка.

Она што особено загрижува при анализата на расходите е отсуството на основните елементи, кои беа истакнати од Обединетите Нации, како неопходни при дефинирањето на животниот стандард.

Се наметнува прашањето, дали оваа категорија на граѓани во Македонија го изгубила или го губи чувството за задоволување на елементарните потреби, и кој е виновен за таквата состојба? Оттука произлегува и мојата констатација, дека сиромашните полека го губат единството на духот и телото. Овој труд е придонес за тоа да не се случи.



**Мариа Доневска**
**Филозофски Факултет-Скопје**

# СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИ ПОТРЕБИ НА СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ (според истражување во беровските села)

## Воведни забелешки

Утврдувањето, дијагностицирањето и задоволувањето на социјално-заштитните потреби на луѓето, доста скромно е елаборирано во македонската научна и истражувачка мисла. Особено слабо се диференцирани потребите на руралното општество. Како основна компонента во сите социјално-заштитни потреби се јавуваат елементи кои ја сочинуваат егзистенцијата на граѓаните. Токму во тој контекст ќе ги разгледуваме социјално-заштитните потреби на селското население, кои беа анализирани преку истражувањето спроведено од страна на дваесет студенти од Филозофскиот факултет-Скопје, учесници на Летниот истражувачки камп во Берово во 1999 година.

Со оглед на обемноста на истражувачкиот материјал, во овој труд ќе бидат презентирани само некои негови делови.

## 1. Што посебно знаеме во однос на осиромашувањето на македонското рурално општество?

Истражувањата од страна на Светската банка, заедно со државните и невладините институции во Македонија, во однос на осиромашувањето на македонското општество дозволуваат да се донесе заклучок, дека за селското население во тој поглед знаеме многу малку. Впрочем, може да се каже дека селското население во Македонија е прилично запоставено во поглед на социоекономските истражувања. Анализирајќи ја најновата домашна литература од 1997 година која се однесува на сиромаштијата, забележуваме некои укажувања во однос на селското население:

- Според Ј. Јакимовски (1998), во Македонија можеме да се соочуваме со конфликтите помеѓу: бедните и богатите, работниците и работодавците, младите и возрасните, невработените и вработените; а исто така и помеѓу селското и градското население. Конфликтите според авторот се, меѓу другото, последици од осиромашувањето.
- Истражувањето "Јавно мислење 1997" покажа дека 56% од македонското население има влошена материјална положба. Селската популација, индивидуалните земјоделци и работниците, семејствата со ниски примања, а исто така и младите - негативно ја оценуваат својата материјална ситуација.

- Според Националниот извештај за човековиот развој (1998) профилот на сиромаштијата во Македонија се карактеризира со:
    - предоминантно рурално население;
    - земјоделски домаќинства;
    - повеќечлени домаќинства ;
    - ниско образование на членовите на домаќинствата ;
    - и најголем број на невработени членови.

Како последица од осиромашувањето на Земјата се зголемуваат постоечките социјални проблеми (болести на зависности, малолетничка делинквенција, криминалитет) и изникнуваат нови, кои се резулат на социјалниот развој на девијантното однесување на луѓето. Од нив, во литературата посебно се потенцираат:

**а - загрозување на биопсихосоцијалниот развој на децата (Доневска М. 1998);**

**б - нарушени социјални односи во семејствата со низок стандард (Матилов, 1998, 158);**

**в - здравствени проблеми на населението (Димитриевска В. 1998, Матилов Н. 1998).**

Во тој контекст, интересно е да се согледаат **изолирано** некои проблеми на селското население, конкретно состојбите во однос на социјално - заштитните потреби.

## 2. Што подразбираме под социјално - заштитни потреби?

Терминот "потреба" се сретнува во сите општествени науки. Неговиот обем е широк и со недоволно одредено значење. Потребите се условени од различни фактори, односно потребата е израз на биофизиолошките нагони, психолошката структура на единката, но воедно е и резултат на културно-историскиот развој на општество во кое живее единката. (Доневска М., 1999).

Меѓу најважните поими во социјалната работа се вбројува и поимот социјално-заштитни потреби, кој сé почесто е заменуван со поимот ризична ситуација. Овој поим е користен и во Законот за социјална заштита на Република Македонија (1997) и под социјален ризик се подразбираат; ризици по здравјето, стареење, мајчинство и семејство, невработеност, професионална неадаптабилност и неадаптираност кон социјалната средина.

Како синоними за социјално-заштитни потреби во странската литература се користат поимите *social welfare needs, notbedurfinisse*: но се среќаваат и термините *состојба на социјална потреба и ризична ситуација.*

М. Милосавлевиќ (1981) под поимот социјално - заштитни потреби или потреба за социјална заштита ја подразбира состојбата на поединецот, семејството и општествената група во која изгледа дека ќе дојде или веќе дошло до неможност или потешкотии во задоволувањето на нови развојни потреби во оспособувањето за извршување на општествените (особено работните) улоги и посебни нарушувања во односите, структурите на семејствата и другите општествени групи (кога се јавуваат обележја на социјален проблем).



Милосављевиќ М. (1981) сите социјално-заштитни потреби ги дели на:
*- материјални потреби (исхрана, облека, заштита на здравјето, образование и оспособување за самостоен живот);*
*- потреби за рехабилитација и социјална интеграција, тешкотии или пречки во психофизичкиот и социјалниот развој на човекот;*
*- потреби кои имплицираат карактеристики на "социјален проблем" (девијантно однесување, болни од зависности, скитање и други). (Доневска М., 1999,34)*

## 3. Некои специфични белези на селското население

За поимот село колку и да е познат и јасно изразен, кога се зборува за него постојано се прави споредба со градот. Според Карталов Х. (1996) за селото обично се врзува поимот на природна, органска средина, додека пак градот сé повеќе личи на вештачка, планирана средина, односно за селото се зборува како за "природна средина", а за градот се зборува како за "техничка средина".

Постојат повеќе критериуми за поделба на селото и градот: обемот на заедницата, бројот на жителите, густината на населението, професионалната структура на населението, застапеноста на стопанските дејности и слично. Може да се заклучи дека селото се простира на одредена територија, луѓето меѓусебно се знаат, општествените контакти се значително почести, а градот како населба доста се проширил, луѓето не се познаваат меѓусебно, а општествените контакти се релативно ретки.

Наместо поимот село може да се сретне и поимот селско населено место, а за поимот селанец - граѓанин од селско населено место или земјоделски производител (сточар, градинар, лозар итн.).

Селското општество има релативна автономија на своите колективитети, селаните конструираат парцијални општества со парцијални култури, живеат од она што ќе го произведат, секој учествува во производството на храна, секој го познава секого во колективитетот, положбата на секого и задачите што му припаѓаат се определени од роднинските односи, од полот и од староста.

Самата просторна блискост на луѓето на една иста територија влијае да се засноваат и да се одржуваат извесни општествени односи, и под влијание на факторите да се формираат одредени белези кои се разликуваат од заедниците сместени на други територии. Тие се разликуваат не само во природен, културен туку и во општествен поглед.

Селото претставува мала локална заедница организирана на одредена територија, географски простор, во кој постои интеракција на односи на различни индивидуи, групи и мрежа на институции.

## 4. Зошто го одбравме малешевскиот крај?

Во најисточниот дел на Република Македонија, во горното сливно подрачје на реката Брегалница каде што се наоѓа државната граница со Р.Бугарија, лежи Малешевската котлина, на апсолутна височина од 800-1000 метри. Од етнички аспект, Малешевската област е населена претежно со

македонско население. Покрај македонското население во областа живеат Турци, Роми и Бугари. Најкарактеристично е селото Црник кое брои околу 800 жители и е населено со Роми, Македонци и Турци.

Малешевската област, како место на истражување, беше одбрана пред се поради доволниот број на села со поголем број на жители, поволната патна инфраструктура, малата раздалеченост меѓу селата, градот Берово и локацијата на истражувачкиот камп (РЦ. Малешево).

## 5. Што истражувавме, на кој начин и кои беа нашите испитаници?

Непосреден предмет на истражувањето беше утврдување на социјално-заштитните потреби на селското население. Социјално- заштитните потреби ги разгледавме во контекстот на: социјалните потреби на членовите на семејството, утврдување на земјоделското стопанство, приходите, здравствените потреби, како и начините на задоволување и надминување на тие потреби во беровската општина .

Утврдениот примерок за истражување беше составен од 113 корисници на програмата за социјална помош, (донесена од страна на Владата на Р. Македонија во 1992 година), 11-постоечки корисници на постојаната парична помош, и 110 просечни граѓани.

Основна методолошка процедура што беше применета во истражувањето беше акцискиот пристап, а од техниките: набљудување, стандардизирано интервју, а за некои испитаници и студија на случај.

Истражувањето беше изведено во 11 малешевски села со број на случаи, пропорционално одбрани според бројот на жители. Истражување беше спроведено во следниве села: Русиново, Црник, Умлена, Ратево, Мачево, Митришанци, Робовово, Смојмирово, Будинарци, Чифлик. Во истажувањето учествуваа вкупно 234 испитаниници.

Податоци од истражувањето се обработени на квантитативен и квалитативен начин (Н.Ангеловска-Галевска,1998). Во нашиот случај текот на истражувањето имаше главно квантитативен карактер, но во одредени фази за добивање на додатни информации за некој случај, го консултиравме Центарот за социјална работа, кој беше информиран за сите релевантни појави забележани во испитуваните семејства, со цел да се превземе соодветна акција.

Во структурата на анкетираните лица, женскиот пол учествуваат со 58,1%, додека лица од машки пол се јавуваат со 41,9%. Доста значаен е процентот на немажени (14,5%), а исто така и бројот на вдовици односно вдовци (9,3%). Вонбрачна заедница е идентификувана во 1,7% случаи, додека разведени има 3,4%.

Според национална структура, истражуваната популација се изјаснила на следниот начин: 184 испитаници се Македонци, 37 Роми, 10 Турци, 2 Бугари и 1 Србин (Ромско и турско население, како што веќе напоменавме живее во селото Црник).

## 6. Како се задоволени материјалните потреби ?



Според истражувањето, изворите на приходи во домаќинствата, каде што барем еден член е вработен се редовни. Меѓутоа во тие семејства се добиваат и дополнителни приходи од земјоделство, потоа приходи од други земјоделски работи, како и од дополнителни хонорарни приходи. Некои од членовите на семејствата во кои што има редовни парични примања, остваруваат и право на пензија.

Во семејствата каде што сите членови се невработени, како извор на приход се јавува социјалната помош (113 семејства). Некои семејства, покрај социјалната помош, остваруваат приходи и од земјоделство и дополнителни хонорарни приходи, додека кај некои млади брачни двојки застапена е и помошта од родителите.

Најголем број видови на социјални бенифици се јавуваат во семејства со ниту еден вработен, ниту пензионер, и тоа во 62,4% случаи (детски додаток, социјална помош).

Во истражувањето од особено значење беше прашањето: "Што правите кога немате редовни приходи?". Поголемиот број од анкетираните одговориле дека решавањето на тој проблем е преку: купување *на вересија* од продавниците и сезонска работа. Многу често се случува и да позајмуваат пари од роднините и од родителите. Карактеристично за селата во Берово е собирањето на билки и габи и нивно продавање. Најчесто се собираат разни билки од планината кои може да се користат како чаеви, потоа собираат коприви и смрека која ја продаваат во Скопје.

Вкупните месечни приходи во домаќинството ги групиравме во одделни интервалски класи. Најмногу од домаќинствата се застапени во интервалската класа од 3001 до 6000 денари (43,2%). Во тој број најголема е групата со четиричлени и петчлени семејства. Но ова не може да го земеме за сигурно и точно, бидејќи некои домаќинства не ги прикажале точно вкупните месечни приходи (приходите од продавање на тутун, млеко, сирење). Ситуација во тие семејства понекогаш е мошне тешка. Според увидот во едно 4-члено семејство од селото Црник (сл.бр 52*) "Самохрана мајка живее во крајно мизерни услови со 3 мали деца. Прима само социјална помош од 3600 денари. Децата се болни,често хоспитализирани*". Во село Митрашинци (сл.бр 145*)" во 5-члено семејство таткото алкохолочар, мајката ментално ретардирана. Немаат никакви примања освен приходи од сопствениот имот. Таткото сите пари ги троши на пиење... мајката е физички малтретирана, а децата незгрижени, без храна и облека"*... Во село Црник (сл.бр 222) "*татко на 5 члено семејство, со сопствен обработлив имот, познат алкохоличар, ги малтретира соседите и двете малолетни деца"*.

Прилично голем е бројот на семејства (25,2%) со примања до 3000 денари, што всушност наликува на крајна сиромаштија 9% од домаќинствата имаат месечни приходи од 6001 до 9000 денари, 8,9% од домаќинствата имаат приходи од 9001 до 12.000 денари, 3,6 % од 12.001 до 15.000 денари, 1,2% од 15.001 до 18.000 денари, 1,2% од 18.001 до 21.000 денари, 0,4% од 21.001 до 24.000 денари и едно домаќинство од 27.001 до 30.000 денари.

**Табела бр.1 - *Трошоци за храна од вкупните приходи според бројот на членови во домаќинството* Н = 234**

| Трошоци за храна број на членови | Сите приходи | Поголемиот дел од приходите | Половина од приходите | Мал дел бидејќи произведуваат | Купуваат само најнеопходно | Не одговориле | Вкупно семејства со дадениот број на членови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 член | 19 | | 2 | 3 | 1 | 1 | 26 |
| 2 члена | 11 | 7 | 7 | 3 | 2 | 2 | 32 |
| 3 члена | 13 | 11 | 2 | 4 | 4 | 1 | 35 |
| 4 члена | 23 | 28 | 11 | 7 | 2 | 2 | 73 |
| 5 члена | 24 | 7 | 2 | 3 | 3 | | 39 |
| 6 члена | 11 | 4 | 1 | 1 | | 2 | 19 |
| 7 члена | 4 | | | | | 1 | 5 |
| 8 члена | 1 | 2 | 1 | | | | 4 |
| 9 члена | | | | 1 | | | 1 |
| Вкупно | 106 | 59 | 26 | 22 | 12 | 9 | 234 |
| Процент | 45.3 | 25.2 | 11.1 | 9.4 | 5.1 | 3.8 | 100 |

Од табелата бр.1 се гледа дека најголемиот дел од испитаниците (45,3%) се изјасниле дека нивното домаќинство го користи вкупниот месечен приход за покривање на трошоците за храна.

Голем број на домаќинства поголем дел од приходите користат за трошоци за храна (25,2%). Од вкупно анкетираните, 11,1% одговориле дека користат мал дел од приходите за храна, бидејќи произведуваат дома поголем дел од тоа што им е потребно. Еден дел од испитаниците (5,1%) се изјасниле дека купуваат само што им е најнеопходно за храна (брашно, шеќер, зејтин, сол и слични намирници.)

***Преглед бр. 1 Услови на живеење. Видот на куќа. Н=234***

| Вид на куќа | Број на одговори | Процент |
|---|---|---|
| Импровизориум | 4 | 1.70 |
| Трошна куќа | 70 | 29.92 |
| Тврда градба | 160 | 68.38 |
| Вкупно | 234 | 100.00 |

Од 234 испитаници, дури 70 испитаници (29,9%) живеат во многу стари куќи и имаат минимални услови за живот. Куќите се мали и стари, а во нив живеат и по седум - осум члена во 4 соби. Ги користат сите простории, а преку зима користат само една соба за дневен престој, бидејќи само таму имаат затоплување. Покуќнината обично е стара и веќе дотрајана, а во



некои домаќинства ги нема ниту основните елементи за во кујна. Некои од домаќинствата живеат и во две соби кои што се тесни и мрачни, нечисти и во кои има само кревети и една маса.

Дворовите обично беа прашливи и несредени, а на крајот од дворот обично имаше нужник. Во дворовите имаше и чешма со студена вода. Овие куќи не беа приклучени на канализација.

Најголем дел од испитаниците (68,4%) живеат во куќи од тврда градба кои што имаат доволно простории. Некои од овие домаќинства не ги користат сите простории, туку само две или три простории. Куќите беа доволно уредени, но и меѓу нив имаше некои со стара покуќнина и скромно уредени. Некои од куќите беа приклучени на канализацијата и имаа нужник, бања со туш, чешма со студена вода во куќата.

Некои од дворовите и куќите изгледаа прекрасно, беа добро уредени со цветни градини, но меѓу нив имаше и такви кои што беа прашливи, несредени, со многу расфрлани предмети. Некои од куќите со тврда градба се уште не беа завршени и се градеа, но сопствениците живееја во нив на долниот кат кој беше скромно уреден.

На прашањето: "Кога би располагале со пари, што најпрво би купиле за Вашето домаќинство?" - добивме многу различни одговори. Многу од испитаниците пред сè се задржуваат на најнеопходните работи за домаќинството, некои под тие најнеопходни работи подразбираат брашно, сол, храна. Вака одговориле пред сè голем број од корисниците на социјална помош.

Се среќаваат и одговори според кои кога би располагале со пари, тогаш би купиле покуќнина, елементи за во кујна (бела техника), облека. Неколку испитаници одговориле дека би изградиле бања, бидејќи моментално тоа најмногу им треба заради одржување на хигиената.

Испитаниците од групата просечни граѓани наведуваат дека би купиле автомобил, трактор или пак камион, но се среќаваат и такви кои би купиле куќа.

Во анализата на анкетите се задржавме и на прашањето: "Колку често ја обновувате облеката и обувките за членовите во домаќинството?" Дојдовме до заклучокот дека луѓето мошне ретко ја обновуваат облеката и обувките.

Испитаниците пред сè гледаат да ја обноват облеката и обувките за децата, а за возрасните доколку останат пари. Често се среќава и одговорот дека облеката се обновува по потреба, а тоа што го имаат го носат додека да се скине.

Поседувањето на земјишен имот кај најголем дел на испитаниците претставува основен извор за снабдување со огрев т.е. дрва. Еден дел од земјишниот имот што го поседуваат испитаниците, е приватна шума, која што сопствениците ја сечат и ја користат за огрев во зима. Испитаниците се жалеа на високата сума што е потребно да ја платат на шумското претпријатие за вадење дозвола за сечење од приватните шуми, па затоа тие се снаоѓаат како знаат и умеат.

Дел од испитаниците кои поседуваат земјишен имот, дрва за огрев купуваат од шумското претпријатие, бидејќи немаат приватна шума или пак

не сакаат да ја сечат. Оние испитаници пак кои што не поседуваат земјишен имот најчесто дрва за огрев купуваат од шумското претпријатие.

Еден дел од испитаниците (26%) изјавија дека се снаоѓаат сами. Едноставно немаат можност да купат огрев или да се снабдат од сопствена шума, па затоа се одлучуваат да крадат дрва од планината.

- ***Заштита на здравјето***

Потребите кои се однесуваат на заштитата на здравјето се однесуваат на: снабдување со лекови, ортопедски и други помагала, категоризација според ментални болести, болести на зависности, потреба од институционално сместување на лица во различни социјални институции и друго.

***Табела бр.2 - Испитаници според здравственото осигурување и начините на кои го остварува тоа осигурување Н=234***

| Здравствено осигурување / Облици преку кои се остварува | Сите се осигурени | Повеќе од 1 член е осугурен | Само еден член е осигурен | Сите не се осигурени | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниту еден не е невработен | 113 | - | - | 33 | | 146 |
| Барем еден е вработен | 36 | 2 | 2 | 1 | 8 | 49 |
| Само пензионери | 32 | | | | | 32 |
| Барем еден вработен во сем. и пензионер | 2 | 1 | 1 | 3 | | 7 |
| Вкупно | 183 | 3 | 3 | 37 | 8 | 234 |
| Процент | 78.2 | 1.3 | 1.3 | 15.8 | 3,4 | 100 |

Од табелата се гледа дека здравственото осигурување граѓаните го остваруваат по различен основ. Така да, сите членови на домаќинството се осигурани 78,2% од вкупниот број на домаќинства, кои здравственото осигурување го остваруваат по основ на тоа што се корисници на социјална помош, вработени или пак пензионери.

Според истражувањето во 15,8% од домаќинствата никој не е здравствено осигуран.

Од вкупниот број испитаници 47,8% во случај на болест најчесто купуваат лекови во приватни аптеки, со поголеми цени. Само 19,6% од испитаниците купуваат лекови во државни аптеки, на рецепт. Меѓутоа забележителен е и фактот дека 25,6% од испитаниците купуваат лекови, во случај на болест и во државни и во приватни аптеки, со објаснување дека дел од лековите што им се препишани на рецепт ги нема во државните аптеки, па затоа граѓаните се приморани да ги купуваат во приватни аптеки по повисоки цени.



Мал е бројот на оние кои ги купуваат само најнеопходните лекови, било од државни или приватни аптеки, односно тоа се 10 испитаници. Мал број (6) испитаници вели дека во нивните семејства нема пари за лекови, но во случај на болест позајмуваат останати лекови од соседите или од роднини.

## 7. Потреби за социјална рехабилитација и реинтеграција

Во животот на човекот се појавуваат потреби, кои произлегуваат од тешкотии или од пречки во психофизичкиот развој. Задоволувањето на тие потреби може да се остварува со помош на организациите на системот, а исто така преку успешна реинтеграција во самата микросредина.

***Преглед бр 2. - Испитаници според поседување на имот и користење на облиците на социјална помош Н = 234[1]***

| Поседување на земјишен имот / Облици на социјална помош | Поседува | Не поседува | Друго |
|---|---|---|---|
| постојана парична помош | 9 | 9 | - |
| социјална помош | 53 | 37 | 19 |
| помош во натура | 35 | 34 | 19 |
| старателство | 1 | 1 | - |
| сместување во социјална институција | 1 | - | - |
| додаток за нега и помош | 3 | 1 | 1 |
| детски додаток | 3 | 1 | |
| Користење јасли, градинка | 3 | | |
| помош во школување | 2 | 1 | |
| Друго | 7 | - | 6 |
| Вкупно | 136 | 84 | 45 |

[1] Некои од испитаниците имаат дадено повеќе од еден одговор на прашањето

Квалитативната анализа на прегледот покажува дека од анкетираните 234 лица поголем број одговориле дека поседуваат имот и се корисници на некој од облиците на социјална помош. Најчест облик е социјалната помош и помошта во натура кои ги дава Центарот за социјална работа.

Корисниците на облиците на социјална помош, најчесто, не оствареуваат додатен приход од некои други земјоделски дејности.

Најмногу корисниците на социјална помош остваруваат додатен приход од одгледувањето на добиток, додека оние кои што не се корисници на некој од облиците на социјална помош вршат две или повеќе земјоделски дејности за да ги задоволат своите егзистенцијални потреби. Како најчести земјоделски дејности се јавуваат одгледувањето на добиток и шумарство.

- ***Реинтеграција во средината***

Од истражувањето се утврди дека во селските локални заедници добро опстојуваат институциите соседство и роднински односи.

*Табела бр.3. - Испитаници според бројот на членови во домаќинство и кој најчесто помага за време на настанати проблеми, H=234*[6]

| Кој помага / Број на членови | Роднини | Сопствени деца | Соседи | Пријатели | Хуманитарна организација | Друг | Без одговор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 член - 26 семејства | 10 | 10 | 15 | - | - | - | - |
| 2члена - 32 семејства | | 15 | 10 | - | - | 3- | 5 |
| 3 члена - 35 семејства | 35 | 5 | 20 | 5 | - | - | - |
| 4 члена - 73 семејства | 45 | - | 25 | 25 | 5 | 5 | 5 |
| 5 члена Ђ 39 семејс. | 25 | - | 15 | 15 | - | - | - |
| 6 члена - 19 семејств | 10 | - | 5 | - | - | 2 | - |
| 7 члена - 5 семејства | 5 | - | - | - | - | 3 | - |
| 8 члена - 4 семејства | - | - | 4 | - | - | - | - |
| 9 члена - 1 семејство | 1 | - | - | - | - | - | - |
| Вкупно - 234 | 131 | 20 | 94 | 45 | 5 | 13 | 10 |

[6] Бидејќи испитаниците имаат дадено повеќе од еден одговор вкупната сума е поголема од 234

Без оглед на тоа колку члена се во семејството во случај на некои настанати потреби најчесто први што упатуваат помош се роднините и соседите. Кај семејствата каде што најголемиот дел од роднините живеат во близина односно во истото населено место, роднините најчесто помагаат за решавање на проблемите.

Многу поретко помошта доаѓа од страна на пријатели и хуманитарни организации.



Во графата "Друго" се одговорите на испитаниците кои одговориле дека кога имаат некои проблеми си помагаат сами, односно сами во семејството го бараат решението на проблемот не дозволувајќи некој друг да им помогне. Исто така се среќаваат и одговори во кои испитаниците одговориле дека "никој" не им помага кога имаат проблем.

## 8. Потреби кои имплицираат карактеристики на социјални проблеми

Социјален проблем претставува состојба од социјална потреба која загрижува голем број на луѓе, а која настанува поради катастрофални, природни или сложени општествени настани (Доневска М, 1999)

Кај анкетираните 234 лица, според возраста најмногу социјални проблеми се јавуваат во интервалската класа од 25 - 30 години. (Возраста е земена како аритметичка средина од сите членови на домаќинството). Од квантитативната анализа може да се забележи дека во некои семејства се јавуваат повеќе социјални проблеми, кои се поврзани меѓу себе, односно еден проблем претставува причина за други проблеми.

Најчесто се јавуваат семејните проблеми кои се присутни речиси во секоја интервалска група.

Во секојдневниот живот се јавуваат проблеми, како што се: болести на зависности и проблеми со стари лица. Се покажа дека во едно домаќинство може да се сретнат повеќе проблеми. Сепак во 120 од испитуваните семејства не се прикажани тој вид социјалните проблеми или испитаниците не се свесни за тоа.

Интересно е да се одбележи дека со проблемите најтешко се справуваат едночлените и двочлените семејства, додека најголем број семејства во кои не се евидентирани социјални проблеми се петчлените семејства. Во семејствата каде што постојат семејни проблеми (што впрочем преовладува) најчесто се јавуваат и болести на зависности кај некои членови и тоа пред сѐ алкохолизмот.

Од истражувањето се утврди дека во некои семејства членовите го одобруваат пиењето и сметаат дека тоа е нормална појава. Семејните проблеми се придружени и со нарушувања во физичкиот и психичкиот развој на некои членови од семејството.

Забележителни се и проблемите со стари лица и тоа на релација свекор, свекрва-снаа; како и проблеми на релација со поширокатa фамилија на сопругот.

## 3. Заклучок

Задоволувањето на социјално-заштитните потреби зависи од материјалната обезбеденост на луѓето. Постои разлика во однос на задоволувањето на потребите на членовите на семејствата од двете категории на испитаници: корисниците на социјална и постојана парична помош и таканаречените просечни граѓани.

Незадоволувањето на социјално - заштитните потреби на населението резултира со социјална загрозеност и несигурност, што е посебно карактеристична кај лица од 25 - 30 години.

Повеќе од половината на истражувани лица е добро информирана за институциите од кои треба да се бара помош. Сепак, во сложени ситуации

најчесто помагаат роднини и соседи. Многу скромно на тој план е учеството на хуманитарни организации, а невладиниот сектор воопшто не е спомнат.

Според увидите во 124 семејства кои се корисници на социјална помош и постојана парична помош кај 27,4% треба да се направи проценка, посебен увид со превземање на додатни активности од здравствени и социјални институции бидејќи состојбите во семејствата од аспект на обезбедување на потребите се променливи.

Со цел да се подобри животот во селските заедници би требало да се овозможи навремено задоволување на потребите на населението и подобрување на условите за живот, пред сé повеќе можности за социјализација, почнувајќи од децата па сé до старите лица.

Во селските заедници не се доволно искористени потенцијалите на самите жители во однос на унапредување на социјалниот развој на заедниците.

## ЛИТЕРАТУРА


- Ангелоска-Галевска Н.: (1998) Текот и етапите на квалитативно истражување. - *Дефектолошка теорија и практика*, ФФ, Скопје.
- Доневска М.: (1999), Теоретски основи на социјалната работа, Скопје
- Доневска М.: (1998.), Мерење на загрозеноста на биопсихо-социјалниот развој на децата од семејства со низок материјален стандард, *Просветно дело.* бр 4.
- Димитриевска В.: Поимот сиромаштија и можности за нејзино мерење (Во:) Социјална сигурност на населението во Р. Македонија во услови на транзиција, Фондација "Фридрих Еберт" -Скопје, 1998
- Закон за социјална заштита на Р. Македонија, Службен весник бр. 50, 1997
- Јакимовски Јорде: Социјалната сигурност на граѓаните корисници на социјална помош во Македонија: Во: Социјална сигурност на населението во Р.Македонија во услови на транзиција, Фондација "Фридрих Еберт"- Скопје
- Јавно мислење 1997, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје
- Карталов Х.: Социологија на селото, Скопје, 1996
- Лакичевиќ Д.: Теории на сиромаштијата, Београд, 1983
- Матилов Н.: (1998): Социјалната држава и некои аспекти на социјално-економска положба на семејство во Македонија во услови на транзиција (Во) Социјална држава помеѓу концептот и практика, Фондација "Фридрих Еберт" канцеларија Скопје
- Национален извештај за човековиот развој, Министерство за развој - Скопје, 1998
- Панов М.: (1998), Енциклопедија на селото во Република Македонија, Скопје
- Самарџиски Ј.: (1986), Смојмирово - Месна заедница с.Смојмирово, Скопје
- Стаменкова - Трајкова В.: Психологија, Скопје, 1995

**Љубица Чонева**
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања Скопје**

# СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО КОНТЕКСТ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Секој суштински проект на вкупните реформи за очекуваниот развој во пазарната економија мора солидно да ја познава социјалната ситуација и проблеми во земјата, нивните квалитативни и квантитативни аспекти подеднакво, како и изразеноста, масовноста и тежината на сѐвкупните промени. Во тој контекст, и транзицијата во македонската држава треба да ги користи наведените искуства на земјите кои веке го поминаа тој тежок пат, не апстрахирајќи ги и сопствените достигнувања и слабости во изминатата деценија, на планот на социјалната положба на населението и неговите егзистенцијални проблеми.

Непобитен е фактот дека актуелната ситуација на македонското општество на почетокот на новиот век и натаму ја следи повеќеслојна, долгорочна и структурна криза, а во тие околности сѐвкупната социјална ситуација бележи значителни социјални промени. Истовремено, оваа социјална слика ја следи кумулација и кулминација на различни и сложени социјални проблеми, чија генеза е долготрајна и директно поврзана со состојбите во овие ситуации и бавниот развој. Покрај тоа, социјалните проблеми и противречности не се само последица на економските, политичките и социјалните услови, туку се и битен ограничувачки фактор на динамиката и ефектите од овие реформи.

## 1.Стари и нови социјални проблеми во транзицијата

Социјалните проблеми во однос на економските, во основа стојат во причинско-последичен однос, а нивното постоење и изразеност обично се јавува како ограничувачки или спречувачки фактор за реформските цели, што е присутно и во нашата земја. Така, денес транзицијата во Македонија за која најчесто се забележува дека премногу се продолжи, ја карактеризираат познатите стари, но и нови социјални проблеми, кои се нејзин следбеник и највпечатлив индикатор уште од 90-те години. Оттука, задача и одговорност на науката е врз основа на проучување и следење, да понуди соодветни идеи за адекватен однос на носителите на општествениот развој е према различните видови на социјални проблеми, кои се динамична категорија.

Тие, во случајов претставуваат предизвик за секој вид промена, но никогаш не можат да се сокријат или занемарат, бидејќи тогаш се јавуваат со сé поголема сила, па дури и со разорно дејство. Затоа, ќе констатираме дека, социјалните последици во транзицијата стануваат сé позначаен фактор во изборот на натамошниот пат на развојот, а **цената со која треба да се плати дејствувањето на пазарните закони станува сé поголема.** Исто така, загрозувањето на човековата егзистенција од секој вид, која во основа претставува осуетеност во задоволувањето на човековите потреби на голем број луѓе во одредени општествени околности, бара темелни акции од државата насочени кон условите што доведуваат до тешкотии во задоволувањето на потребите на граѓаните.

Денешната кризна ситуација не само што ги задржа и зголеми старите социјални проблеми, туку произведе и нови, како на пример:

*-сиромаштијата и понатамошното осиромашување на населението;*
*-реална и прикриена невработеност;*
*-негативни демографски појави; и*
*-социјални девијации.*

На овие појави покрај долготрајноста, заеднички им се многуте негативни последици по поединците, семејствата, одделните групи на граѓани и глобалното општество.

Во сферата на **социјалните фактори** се издвојуваат негативни промени и поместувања во социјалната структура на населението, како во трансферите меѓу социјалните категории, така и во составот на социјалните групи. Високата социјална диференцијација (горни, средни и долни слоеви), во суштина е последица на негативните економски и политички процеси, а не на трудот и резултатите од него. Доминантен елемент во горните слоеви население сега стануваат успешните бизнисмени (10%), а средните слоеви се спуштени во долните слоеви, и овој сегмент на многу големи поместувања кон долу сé уште расте. За проблемот на понатамошни раслојувања говори податокот дека 20% од населението не остварува егзистенцијален минимум, односно живее во реална сиромаштија. Резултатите од одделни истражувања покажуваат дека околу 49% од граѓаните на Република Македонија за себе сметаат дека се сиромашни или многу сиромашни. Според државниот Завод за статистика, главниот збирен индекс на сиромашно население во Македонија е во постојан пораст и во период од две години двојно се зголеми (во 1996 изнесува 18,26%).[2] Појавата на диференцијација и растечко осиромашување е проследена и со зголемени **социјални тензии, масовна невработеност, паѓање на реалните плати и пораст на немаштијата**. Токму овие состојби во македонското општество ја сочинуваат социјалната компонента т. е. опачината на транзицијата.

Иако не постојат општоприфатени индикатори за идентификување на "ризичните" групи граѓани, односно кои слоеви од населението трпат целосно или делумно социјално исклучување во транзицијата, слободни сме да констатираме дека во овие промени најмногу настрадаа сиромашните кои станаа уште посиромашни, работниците кои ги загубија своите работни места, вработените кои добиваат мала плата, нередовно или воопшто не примаат

[2] Завод за статистика на Р. Македонија. , Индекс на сиромаштија.



плата, инвалидите и граѓаните неспособни за работа. Во структурата на наведените социјално загрозени категории на население, можеби во најтешка материјална положба се домаќинствата корисници на социјална помош (72.000), од кои најголем број не се во можност да го преминат прагот на сиромаштијата. Според правилата, социјалната помош се доделува на ниво од 57% од востановената линија на сиромаштија, а се проценува дека нејзе ја користат 11- 13% од вкупното население во Земјата. Покрај тоа, социјалната помош е мошне ниска и недоволна за минимум животен стандард, што всушност треба да биде целта на истата. Карактеристично е што таа сé повеќе ја губи својата социјална смисла, бидејќи со последната Одлука за висината, помошитите се намалени за 2/3 за возрасните и повеќе од половина за малолетните корисници.

Овие состојби даваат доволно аргументи да се заклучи дека, во споредба со почетокот на транзицијата, структурата на сиромашните во Земјата во последните години суштински се промени. Така, денес покрај **старите сиромашни** (семејства со голем број членови или со еден родител, инвалидни лица, стари лица без средства за живот), се појави групата на **нови сиромашни.** Тука ќе ги наведеме младите лица и неквалификуваните работници кои не можат да остварат прво вработување, потоа оние кои не добиваат надомест за време на долготрајна невработеност, таканаречените **сиромашни вработени**, семејствата од селските подрачја и земјоделските домаќинства. Иако постои речиси општоприфатено мислење дека вкупните ефекти на транзицијата посебно ги погодија најстарите граѓани во државата, истражувањата покажуваат дека на сиромаштија повеќе се изложени децата и возрасните невработени од 40 до 59 години, отколку пензионерите.

Невработеноста во Македонија бележи висока стапка (36%) и претставува најманифестна форма на деградација и осиромашување на граѓаните. Исто така, таа претставува најдрастичен пример на маргинализација на човековите ресурси во државата. Според реформските движења и економските, технолошките, социјалните и други прилики во Земјата, и онака високата невработеност постојано се зголемува со таканаречената технолошка невработеност. Во оваа ситуација на највисока невработеност, наместо да им се обезбеди работа, а со тоа лична економска и социјална сигурност на граѓаните и нивните семејства, човековиот фактор стана речиси непотребен во системот.

Ваквата социјална стратификација на македонското население кое формира мнозинство на сиромашни граѓани, секако дека има своевидно влијание и врз социјалната кохезија. Евидентни се и проблемите поврзани со порастот на отуѓеност и осаменост на многу луѓе, слабеењето на роднинските врски и влијанието на малите социјални ефекти, проблемот на ангажирање на слобоодното време, културните активности и различни разоноди - сé заради слабата куповна моќ и беспарица.

Во трката за обезбедување на услови за егзистенција, доста често се прибегнува кон **нелегални, полулегални или забранети начини** за остварување на овие цели. Тука се сé поекспанзивните класични социјално патолошки проблеми, како што се алкохолизмот, скитањето, проституцијата и питачењето, но и новите видови девијации меѓу кои наркоманијата како најзагрижувачка појава, потоа трафингот на девојки и млади жени од

Бугарија, Романија, Косово, Албанија и Литванија во Македонија, каде што се искористуваат за проституција. Овие појави со негативни ефекти од различни содржини и вид, опфаќаат голем дел од населението, имаат зголемена толеранција на општествената јавност и стеснети можности, до немоќта на општествените институции (полицијата, социјалните служби, правосудство и др.) посеопфатно и на одговорен начин да застанат спроти причините и последиците од истите.

Во актуелната криза во македонската држава, посебно се јавуваат различни видови на **адаптивни девијации,** кои експанзивно ги зафаќаат речиси сите општествени слоеви, а особено оние со загрозена егзистенција, како и организираните девијации чии корени се во слабостите на економскиот и политичкиот систем. Поконкретно, во прашање се адаптивни девијации изразени низ различни видови на општествено однесување за остварување на лична социјална сигурност и обезбедување на услови за живот, поради што не ретко се прибегнува кон нелегални, полулегални или забранети начини за остварување на овие цели.

Еден вид на социјален амортизер, во пресрет на намалување на економските активности, стана препродажбата на секаков вид производи и други услуги во **сивата економија** - како начин да се преживее, што често вклучува и цели семејства. Работата се врши обично по канцеларии или на пазарите и најчесто на земјоделски производи, но и на текстил и прехранбени артикли. Според една студија на економисти од Македонија се проценува дека овој вид на работа учествува со 40% во бруто домашниот производ (БДП)[3] Меѓутоа, подолготрајното учество во овие однесувања со многу неповолни околности, не ретко влијае и на формирањето на специфичен вредносен систем со негативна конотација и стил на живеење со сите карактеристики на подкултура и маргинализација на цели групи население (на пр. Ромите).

Наспроти овие девијации во општествените релации се јавува и еден друг специфичен и значаен вид девијации во поларизирана положба од првите, бидејќи вршат искористување на другите за лична корист и богатење, престиж и позиција, преку искористување на економската и политичката моќ во институционалниот систем или слабостите на постојните регулациони системи. Меѓу покарактеристичните од нив се **митото и корупцијата,** и монополот на услуги и слични на нив дејности, каде што се задоволуваат најосновните административни, здравствени, образовни и други потреби на граѓаните. Некои емпириски истражувања покажуваат дека дури 60-70% од македонските граѓани биле принудени некого да потплатат за да добијат државна или јавна услуга.

**Демографските движења** поврзани со социјалниот аспект на живеењето во Република Македонија, можеби, најмногу се поврзани со емиграцијата и работата во странство. Во периодот меѓу 1990 и 1998 година, 21,3% од населението кои емигрирале од Македонија претходно биле вработени, 72,4% биле невработени, а 4,6% биле неактивни. Младите, кои се посебно погодени од транзицијата, се застапени со 45% во вкупниот број на лица луѓе кои емигрирале на возраст меѓу 18-25 години. Како дополнение

[3] Национален извештај за човековиот развој за Европа и Сојузот на независни држави



на редовното емигрирање, голем е бројот на граѓани коишто остануваат илегално во странство (Словенија, Италија, Швајцарија) по неколку месеци да заработат, или вработувањето на студенти преку специјализирани агенции во САД за краток временски период.[4] За разлика од периодот пред 90-те години, кога од Македонија се емигрираше во западните земји, а особено во прекуокеанските, а заминуваа главно необразовани луѓе и претежно од селските средини, денес најчесто емигрираат млади и високообразовани луѓе. Оваа појава има повеќестрана рефлексија и загуби во економскиот, социјалниот и општествениот развој на Земјата. Исто така, овој процес влијае врз нарушувањето на демографската рамнотежа, обемот и квалитетот на работната сила, но и на репродуктивното однесување на населението. На страната на понудата на работната сила заради овие трендови во иднина ќе се манифестира смалување на стапката на растеж на младите во работната сила, но и опаѓање на вкупното учество на младата генерација, која треба да е носител на развојот на земјата.

## 2.Насоките на социјалното потпомагање на населението во периодот на реформите

Секој концептуален пристап кон натамошно намалување на сиромаштијата и социјалните проблеми сврзани со неа се ориентира кон решенија или систем на мерки од социјално-економска и политичка природа.

Систематизирањето и објаснувањето на факторите се од особено значење при определувањето и изборот на приоритети на реформата, на постапките за нејзино суштествување, начините на кои се спроведуваат одделни сегменти и конкретни решенија.

Од позиција на неопходни промени во социјалното потпомагање на социјално загрозеното население во Македонија, треба да се решат повеќе прашања по разјаснувањето на постојниот мониторинг на сиромаштијата и поголемиот број социјални проблеми, законските и институтуционалните рамки на непосредната практика. Во постојниот систем на мерки против сиромаштијата, се работи за нагласен модел на заштита на социјална политика, со доминирачка улога на државата и сè поширок круг на корисници на социјални престации. Оттука, со мерките на социјалната заштита не се решава проблемот, туку само се спречува продлабочувањето на сиромаштијата и настанувањето на беда и кај материјално поосиромашните граѓани. Меѓутоа, едно е извесно: доколку социјалните давања не се диференцираат по принципите на работа и општествена солидарност, не можат да се очекуваат позначајни поместувања, а камоли промени во социјалната положба на населението во државата. Тука не треба да се занемари влијанието на вредностите кои се изградија во претходните фази на развојот и неадекватните аспирации, реални и потикнувани врз тие основи. Во нив спаѓа сферата на социјалните права, кои постојано се проширувaa, често само декларативно, создавајќи очекувања на граѓаните.

3 Национален извештај за човековиот развој, за 2000 година, стр. 68.

При барањето на подобри решенија во паричното социјално потпомагање, и тоа во делот на обезбедување на законските права на бенефициентите, се наведува дека недостасуваат програми за дополнително помагање на специфични (ризични, социјално ранливи) групи од населението. Политиката за борба против сиромаштијата со овој вид специјални програми ќе стане повеќестрана и покомплексна, ако тие се паралелни со основната програма и ја надополнуваат шемата на минимално заштитно ниво на бенефициентите.

Проекциите на социјалните промени подеднакво како и програмите за економските и политичките промени мораат да ја имаат предвид и цената врзана за човековиот потенцијал на населението. Од друга страна, тие мора да се базираат врз добро познавање, следење и изучување на причините, интензитетот и последиците на постојните, но и очекуваните социјални проблеми во иднина, кои најчесто водат во сиромаштија, во бесперспективност, социјално исклучување, до маргинализација на еден многу поголем дел од населението, повеќе отколку досега и во минатото. Или поконкретно, се поставува прашање, како да се справиме со појавите кои повеќе или помалку се јавуваат во организираните современи држави и се разликуваат од другите, по способноста за осмислување и насочување на промените и оцените спрема социјалните противречености и проблеми. Во тоа секако дека посебно значајна улога има науката и научните истражувања.

Неповолната економска конјуктура и ограничените можности за сузбивањето на сиромаштијата и општественото реинтегрирање на лицата корисници на социјална помош во пазарот на трудот, во поставените цели можат да се помогнат и со алтернативни мерки. Тие најчесто се организираат од групи на граѓани за взаемно помагање и самопомош, како сообразени инкубатори на инвидуалните знаења и потфати за справување со специфични критични ситуации. Тука во голема мера треба да помогнат мерките стимулирани од приватната и неформалната иницијатива во социјалната заштита, која принудно се движи на работ на **скромна задоволеност.**

Во овој текст укажав само на некои можни правци на таквите истражувања и на потребите од кореспонденција и интердисциплинарен пристап во насочувањето на сѐвкупниот развој со основна цел да ги подобриме условите за живот на населението, да ја искоренуваме сиромаштијата, да имаме сѐ помалку фрустрирани, отуѓени, психички оптоварени и маргинализирани граѓани. Потценувањето на значењето и можностите на современата наука се враќа како бумеранг, како што може да биде и ограничувачки фактор на промените кои се сакаат да се направат во севкупниот развој на земјата.

## ЛИТЕРАТУРА


- Радовановиќ М.: Беда и сиромаштво - Социјална заштита - Загреб, 1984год.
- Милосављевиќ М.: Човек, право, развој - Социјална политика, 7-8, 1988, Београд.





- Национален извештај за човековиот развој за 2000 год на Република Македонија.
- Чонева Љ.: Социјалната заштита во функција на социјалната сигурност на населението во Македонија - во Социјалната сигурност на населението во Р. Македонија, Скопје, 1998 год.

**Илија Ацески**
**Филозофски Факултет, Скопје**

# СИРОМАШТИЈА
/теоретски и методолошки аспекти /

## Вовед

Сиромаштијата е сложена социјална појава. Се појавила оној момент кога општеството почнало да се дели на оние кои, поради различни причини присвојувале и трошеле од општествените добра многу повеќе отколку што им било потребно за нормален живот, и оние кои се соочувале со задоволување на елементарните потреби за да преживеат. Целокупната историја може да се интерпретира и како борба за поделба на материјалното богаство. Кога ќе кажеме сиромаштија, мислиме на неповолна состојба во која се нашол поединецот или семејството.Тој збор сугерира дека на тие луѓе треба да им се помогне за да излезат од таа состијба во која им е загрозен животот. Да се биде сиромашен, навистина е непријатна состојба. Некои сиромаштијата не ја гледаат само во материјалните потреби, како што е храната или домувањето, туку и во сферата на културните потреби и социјалното исклучување, кое подразбира одрекување или нереализација на социјалните права кои ги има секој поединец на одреден стандард на живеење и вклучување во општествените текови и институции. Тоа значи дека принципите за кои се залагаат демократските општества не станале реалност. Да се биде сиромашен во богато општество можеби не е исто и да се биде сиромашен во сиромашно општество, но некои карактеристики се заеднички за сите сиромашни, без разлика каде живеат и на кој економски и социјален степен се наоѓа конкретното општество. Во нашата анализа ќе се обидеме да дојдеме до некои од заедничките карактеристики и специфичности на сиромаштијата денес, како во развиените земји исто така и во земјите во транзиција по речиси една деценија радикални промени во насока на изградба на општество на пазарна економија и плуралистичка демократија. Прашањето што денес си го поставуваат голем дел од истражувачи на земјите во транзиција се однесува токму на енормното зголемување на сиромаштијата. Има многу причини за проширувањето и продлабочувањето на сиромаштијата во овие држави. Секако дека структурните промени во економијата и нееднаквоста во диструбуцијата на приходот се сметаат за најзначајни.

## Теории за сиромаштијата

Пред да преминеме на анализата на сиромаштијата во нејзината социолошка и социо-економска димензија, накратко ќе укажеме на неколку теоретски гледишта, кои се присутни во социјалните наука, а кои се обидуваат сиромаштијата да ја анализираат во поширок контекст на односите во општеството. Без разлика на позицијата од која се поаѓа во анализата, скоро сите теории се сложуваат во едно: дека таа претставува непријатна состојба за човекот и дека треба да се решава и да им се помогне на сиромашните. Начините како тоа треба да се направи, суштински ги разликува разните теоретски гледишта. Познатиот социолог Херберт Спенсер беше остар критичар на сиромаштијата. За него сиромашниот човек е лош, нечесен, скитник, криминалец. Оние кои се премногу мрзливи не треба да јадат. Одговорот на прашањето, зошто луѓето станале сиромашни, за Спенсер лежи во нивниот морален карактер. Вината за сиромаштијата лежи во нив самите, во нивната неспособност. Државата не треба многу да се меша во животот на поединецот. Ако таа им даде на сиромашните повеќе од износот на апсолутниот минимум за опстанок, во општеството ќе се прошират мрзливоста и моралното пропаѓање. Сиромаштијата е неопходна за општеството, без нејзино присуство ќе се изгуби желбата за работа, а тоа не е добро за прогресот на општеството. Гледиштето на Спенсер, како и многу други слични на него, се обидува сиромаштијата да ја објасни со карактерните особини на поединецот: Да се биде сиромашен значи да се биде мрзлив и незаинтересиран за работа. Ако државата ја обезбеди нивната егзистенција, тоа само ќе ја зголеми нивната мрзливост и ќе ја убие желбата за излез од таа состојба. Државата треба да се грижи само за оние кои не се во состојба сами да заработуваат - поради болест, старост, или било која друга причина која ги спречува активно да се вклучат во процесот на трудот. Некои истражувања, кои беа реализирани седумдесетите години на дваесетиот век, за што поопширно ќе говориме во продолжението на ова излагање, открија цврста врска меѓу ниската заработувачка и социјалната помош што ја обезбедува државата, во смисла дека, колку е пониска заработувачката толку е поголем интересот за помош од државата, односно помал е интересот за работа. Во таа ситуација подобро е да се прима социјална помош, така резонираат сиромашните, која е приближно еднаква на најниската заработувачка, отколку да се прифати некоја тешка и нечиста работа и со тоа се изгуби помошта од страна на државата.

## Затворениот круг на сиромаштија

Истражувањата на сиромаштијата, особено од средината на дваесетиот век, се интензивираат и се насочуваат во урбаните средини. Според теоријата на "култура на сиромаштијата", сиромашните се фатени во "затворен круг" од каде тешко се излегува, каде сиромаштијата раѓа



сиромаштија и се пренесува од едно поколение на друго. Таа е предизвикана од условите за живот кои се крајно неповолни за сиромашните. Исхраната најчесто е неквалитетна и недоволна и поради тоа сиромашните страдаат од неисхранетост, што има тешки последици особено кај децата и бремените жени. Лошата исхрана кај бремените жени може да го поремети развојот на плодот и да доведе до предвремено раѓање. Недостатокот на белковини може да доведе до забавен развој на мозокот на детето кое сѐ уште не е родено, така што подоцна може да се појават тешки последици во животот. Најчесто, сиромашните работат тешки физички работи, за што е потребна калорична храна, која не се во состојба да ја обезбедат. Сиромашните во голем број на случаи се здравствено неосигурени. Тие живеат во крајно неадекватни станбени услови, во влажни и пренаселени станови, што крајно негативно се одразува врз нивниот психо-социјален живот. Оскар Луис, познат американски урбан антрполог, ќе забележи дека животот на сиромашните во многу нешта се разликува од другите членови во општеството, но и тоа дека тие се слични меѓу себе без разлика каде живеат. Тие формираат една посебна социјална состојба, за која Луис го употреби поимот "култура на сиромаштијата". Основни карактеристики на таа состојба - култура, на ниво на поединецот се: чувството на маргиналност, беспомошност, зависност, инфериорност, силна ориентација кон сегашноста, чувство на резигнираност и фатализам. На ниво на семејство карактеристични се дивите бракови, разводите, деца со еден родител, (што не мора да асоцира на сиромаштија, но за времето на Луис тоа било карактристика на сиромашните). Сиромашните, во принцип не се вклучени во синдикатите, неформалните здруженија, невладините организации и политичките партии. Културата на сиромашните во суштина е реакција на "нивната маргинална положба во класното и раслоено и високо индивидуалистичко општество". Културата на сиромаштијата има тенденција трајно да ја обновува сиромаштијата: резигнираноста и фатализмот го зацврстуваат прифаќањето на ситуацијата. Децата на сиромашните уште во шестата година се задоени со основните вредности на сопствената субкултура и не се психолошки подготвени да ги искористат променетите услови (се разбира ако до тоа дојде) и можности кои би можеле да им се случат во текот на животот. Еден друг социолог, во почетокот на шеесетите години во Америка, ќе рече дека "постои јазик, психологија, поглед на свет на сиромашните". Да се биде сиромашен значи. да се биде странец внатре во сопствената држава, да се расте во култура која е радикално различна од онаа која преовладува во општеството. Сиромаштијата, според оваа теорија, се репродуцира од самата себе, луѓето се фатени во стапица, се прилагодуваат на условите, не ги чувствуваат нејзините последици, развиваат посебен начин на живот. Оваа теорија уште на почетокот на нејзиното појавување предизвика широки и плодни дискусии и критики. Критичките забелешки се однесуваат на идејата дека е можно постоење на посебна култура на сиромашните. Во многубројните истражувања, потикнати главно од резултатите на антропологот Оскар Луис, еден од најдоследните застапници на оваа теорија, се негира постоењето на некаква култура која би била својствена само на сиромашните, дека нема такви обрасци на однесување кои се типични само на една група. Дали сиромаштијата може да се анализира надвор од целината на социјалната стратификација и воопшто надвор од социјалната

структура? Теориите од типот на "култура на сиромаштијата" и воопшто секоја индивидуалистичка теорија, не ги поставуваат прашањата: Зошто доаѓа до сиромаштија? Кои се причините за нејзиното постоење во општеството? Факт е дека сиромашните се наоѓаат на најниското скалило од социјалната стратификација. Таа се темели врз постоењето на нееднаквости во општеството, кои се последица на класниот-експлоататорски начин на производство. Најголемиот дел од богаството на државата се наоѓа во рацете на оние кои се сопственици на средствата за производство, а тие претставуваат малцинство. Бидејќи државата ги брани интересите на владејачките класи, од неа може да се очекува само да ги ублажи последиците од сиромаштијата, односно да поддржува или практикува начини со кои би се избегнале последиците од ниските плати. Прашањето: Зошто сиромашни? е исто со прашањето: Зошто богати? Оваа ориенатација е во основа марксистичка и таа се обидува функционирањето на општеството да го набљудува низ борбата на класите - на оние кои се потчинети и оние кои владеат. Ситуацијата на поединецот во општеството зависи од неговата класна позиција, од неговата позиција во процесот на трудот, од количината на моќ со која располага за да влијае врз пазарот на трудот за своја корист. Ова гледиште на Макс Вебер упатува на реалната состојба во која се наоѓа секој поединец неспособен за работа: старите и болни лица скоро немаат никаква моќ на пазарот на трудот и затоа имаат мали примања. Но, не се сите од редовите на овие групи сиромашни, од проста причина што врз тоа влијае и поранешната состојба. Фактот што најголемиот дел од сиромасите се од редовите на овие групи, говори за тоа дека најчесто и пред тоа заработувале малку или биле корисници на социјална помош. Ниските плати се во функција на капиталистичкиот начин на производство: ако тие се укинат, тоа негативно ќе се одрази врз функционирањето на капитализмот. Зошто постои сиромаштијата? Дали богатите земји можат (или треба) да ја надминат? За некои социолози, како што е Херберт Ганс, американски социолог, сиромаштијата опстојува бидејќи е корисна за определени групи во општеството. Доколку таа не би постоела, некои привремени, валкани, тешки и опасни работи не би биле извршени. Сиромашните се гаранција дека тоа нема да се случи. Потоа, нејзиното постоење создава работни места за повеќе професии кои се грижат и им служат на сиромашните. И најпосле, сиромаштијата може да им го гарантира статусот на оние кои тоа не се, а кои најчесто се споредуваат со сиромашните. Во секое нормално општество има многу богати и сиромашни. Барем тоа е очигледно во државите на благосостојба.

## Сиромаштијата во економски развиените земји

Пред да преминиме на анализата на сиромаштијата во развиените земји, накратко ќе се обидеме вниманието да го задржиме на неколку методолошки забелешки кои се важни за подлабоко разбирање на овој феномен. Најголем дел од истражувањата на сиромаштијата во земјите од Европската заедница, големо внимание посветуваат на дефинирањето на



сиромаштијата, поконкретно на определување на попрецизни стандарди и мерила за тоа кој се смета за сиромашен. Во таа смисла, Грахам Рум во истражувањето на сиромаштијата во Европската заедница разликува два концепта: англо-саксонски, кој се фокусира на дистрибутивните проблеми особено на ретките ресурси и континенталниот концепт кој се фокусира на заедничките проблеми поврзани со социјалната позиција и социолошката интеграција на сиромашните во глобалното општество. Во овие два концепта-традиции сиромаштијата не е третирана како резидуален социјален проблем одделен од другите во општеството, туку како интегрален дел од социолошката анализа како што е дистрибуцијата на ресурсите, социјалната нееднаквост и социјалната интеграција. Еден друг автор, разликата на пристапот кон сиромаштијата ја прави во однос на начинот на живеење: за сиромашни се сметаат оние кои ги немаат неопходните ресурси, способностите или правото да стекнат минимум стандард според нивниот начин на живеење, а според вториот концепт, за сиромашни се сметаат ако имаат начин на живеење кој претставува минимум стандард , без разлика на тоа од што е детерминиран таквиот начин на живот. Првиот концепт се нарекува индиректен, бидејќи сиромаштијата е дефинирана индиректно преку детерминираноста од начинот на живот , додека во вториот случај таа е дефинирана директно од начинот на живот. Некои автори се обидуваат да ги комбинираат предностите на едниот и другиот концепт во сфаќање за "стандардот за живеење". Имено, сиромаштијата се дефинира како состојба на "низок стандард на живеење, што претставува лишување од начинот на живеење заради недостатокот на ресурси за да се избегне истото". Да се биде сиромашен зависи од тоа како живееш, а не од тоа како се чувствуваш, е суштински став на ова сфаќање, според кое, тоа значи да се биде исклучен од начинот на живот кој е карактеристичен за даденото општество.

## Дефиниција на сиромаштијата

Кој се смета за сиромашен? Некои луѓе за себе сметаат дека се сиромашни иако објективно тоа не се, или барем така се третирани од служобите на институциите на државата кои се задолжени да вршат распределба на помошта на оние кои не се во состојба да заработат доволно средства за живот. Она што е карактеристично за земјите во транзиција е фактот што навистина за голем дел од населението реалните приходи многу опаднаа и што голем дел од средните слоеви се преселија во групата на сиромашни. Ако од тој аспект ги анализираме специфичностите и карактеристиките на сиромаштијата во Македонија, тогаш сиромаштијата разгледувана од еден социо-психолошки аспект во многу нешта ќе се разликува од сиромаштијата во државите на благосостојба во развиените општества на Запад каде профилот, карактеристиките и структурата се формирале низ еден подолг временски период и на "природен" начин. Уште во деветнаесеттиот век, кога започнува посериозно да се истражува сиромаштијата во Англија, она што истражувачите на почетокот се обиделе да го направат се содржело во утврдување на мерилата според кои реално ќе може да се мери сиромаштијата. Тоа било и во функција на помошта што

државата им ја давала на сиромашните. Првата тешкотија со која се соочува секоја дефиниција на сиромаштијата е, дали неа ќе ја третираме на ралативен или на апсолутен начин. Кога говориме за апсолутна сиромаштија тогаш предвид го имаме минималниот стандард кој може да се примени за сите општества и сите поединци кои кога ќе се најдат под таа линија ќе се сметаат за сиромашни. Мерилата на апсолутната сиромаштија се темелат врз идејата за опстанок, тоа е сиромаштија на маргините на физичкиот опстанок. Луѓето се во сиромаштија ако немаат средства за да преживеат. Сиромашни се оние чии приходи не се доволни да се задоволат основните потреби или како што некои ги нарекуваат "темелни физички потреби" како што се прехраната - мерено во фактори преку калориите и белковините: живеалиштето - мерено низ квалитетот на станот, неговата големина, хигиена и слично. Во оваа група на елементи кои служат за мерење на сиромаштијата, а кои се неопходни за човековиот живот, спаѓаат и степенот на смртност на доенчињата, квалитетот на здравствените услуги и по нешто друго кое се смета за неопходно и без кое не е можен нормален живот. Некои автори поимот на апсолутна сиромаштија го прошируваат и во сферата на "темелните културни потреби", каде најчесто се наведуваат шансите за образование, сигурноста, користењето на слободното време. Не навлегувајќи во критичките забелешки на определбите на апсолутната сиромаштија, кои се базираат врз сфаќањето за постоењето на основни потреби кои се заеднички за сите луѓе без разлика каде живеат и на кои социјални групи прпаѓаат, приврзаниците на концептот на релативната сиромаштија поаѓаат од ставот дека луѓето се многу различни, живеат во општества кои се разликуваат по степенот на материјалниот развој , но и во однос на разликите во културата и дека е тешко да се дефинираат потребите кои што би важеле за сите: на пример, потребите од храна а притоа да не се земе предвид занимањето, кое претпоставува разлики во внесувањето на калории во организмот кои се неопходни за извршување на некоја работа. Минималните потреби кои се неопходни за опстанокот на човекот зависат од многу други фактори и се различни во секоја култура и општество. Сепак, мора да се признае и покрај оправданоста на критиките на концептот на апсолутната сиромаштија, дека постои еден минимум услови за живот, под кој животот на секој човек без разлика каде живее и на кој степен од општествениот развој се наоѓа, практично е незамислив и е на границите на физичкиот опстанок. Тоа значи дека е потребно минимално количество на калории и белковини, кои ако не бидат внесувани во организмот настапува смрт. Зарем денес во светот милиони луѓе не умираат од глад или тоа што немаат никаква здравствена заштита не е директна причина за смрт? Со поимот на релативна сиромаштија сме поблиску до една реална и поцелосна дефиниција на сиромаштијата. Имено, поимот релативна сиромаштија се однесува на стандардите на едно конкретно општество и во едно конкретно време. Според оваа концепција, линијата што ги дели сиромашните од другите членови на општеството е повлечена според тоа колку е богато тоа општество. Ако во едно општество кое е економски понеразвиено некои материјални потреби се луксуз, тоа не значи дека тие ќе бидат тоа во општеството кое се наоѓа на повисок степен на развој. На пример, во богатите општества, производите и услугите како што се топла и



ладна протечна вода, континуирано школување, поседување на автомобил, фрижидер, здравствена служба го поминале патот од луксуз, преку удобност до нужна потреба. Во право е Петер Тонсенд кога вели дека секоја дефиниција на сиромаштијата мора да се создава во односите со потребите и барањата на конкретното општество кое е во процес на постојани промени. Сé до средината на дваесеттиот век, се сметало дека сиромаштијата не претставува проблем и дека таа за брзо време ќе биде искоренета со помош на бенефициите (социјалната помош) кои во тоа време ги уживале сиромашните. Оптимизмот се базирал и врз економскиот развој по Втората светска војна, врз целосна вработеност и врз успехот на социјалната политика. Приврзаниците на тоа сфаќање беа убедени дека распределбата на богатството, од страна на државата, ќе овозможи повисок стандард на работничката класа и повисок степен на праведност. Без разлика на тоа дали ние ќе го употребиме директниот или индиректниот начин на разгледување на сиромаштијата, секогаш во нејзиното објаснување треба да бидат вклучени повеќе аспекти. Во емпириските истражувања на сиромаштијата, истата често се мери преку терминот на приход, со одредување на конкретна граница (линија) на сиромаштијата и броење на луѓето што се наоѓаат под таа граница. Употребата на приходот со цел да се измери сиромаштијата е често објаснуван заради тоа што тоа е најважниот ресурс кој им е на располагање на поединците, и второ, поради тоа што приходот ги детерминира индивидуалните животни услови и како таков може да биде употребен како предизвикувач на сиромаштијата.

## Некои искуства во дефинирање на сиромаштијата во Англија

Во оваа прилика, накратко, ќе наведеме дел од резултатите од истражувањето на еден од најдобрите истражувачи на сиромаштијата, не само во Велика Британија, туку и пошироко, социологот Петер Тонсенд. Тој подготвил неколку студии, од кои една послужила за дефинирање на сиромаштијата од страна на Владата на Англија. За Тонсенд, сиромаштијата најдобро можеме да ја дефинираме само во релација со стандардите на конкретното општество. Тој е убеден дека сиромаштијата ќе се проширува и понатаму во услови на недостаток на материјални ресурси. За него постојат три начини на дефинирање на сиромаштијата. Првиот начин е поврзан со стандардот на сиромаштијата кој се базира врз официјалната статистика. За него авторот смета дека е самоволно определен од страна на владата. Вториот начин (или дефиниција) ја нарекува "релативен доходовен стандард" на сиромаштијата, а се базира врз идентификација на оние домаќинства чиј доход опаѓа многу под линијата на просекот на домаќинства со еднаков број на членови. Сиромашни се оние кои примаат под 50% или помалку од просекот, а оние кои примаат 80% од просекот или помалку се на границата на сиромаштија. Оваа дефиниција навистина го потенцира релативното значење на сиромаштијата: со промена на просечниот доход се поместува и линијата на сиромаштијата. Тонсенд не ја прифаќа оваа

дефиниција, сметајќи ја за самоволна, затоа што 50%, 60% или 70% од просекот можат да се земат како линии без при тоа да се наведат сериозни аргументи. Втората забелешка се однесува на разликите помеѓу нееднаквоста и сиромаштијата. Тонсенд се обидува сиромаштијата да ја дефинира не само во релативни димензии, туку и да ги приближи стандардите на живеење кои се својствени за различните групи од населението. Не само тоа што општеството ги детерминира човековите потреби, туку ги детерминира и разликите во начинот на консумирање, потребите од калории во зависност од работата што човекот ја извршува, видот на храна и слично. Сиромаштијата ја вклучува неможноста да се учествува во социјалните активности кои се сметаат за нормални, како што е посетата на пријатели или роднини, забавата, одењето на годишен одмор. Имено, станува збор за тоа дали некој оди на одмор или не, а не за тоа каде го користи, дали во близина на местото на живеење под шатор или скап одмор во странство, за што се потребни многу пари. Сиромашните обично не ни помислуваат да одат на одмор и од проста причина што добар дел не се вработени. Тонсенд сиромаштијата ја дефинира како состојба на поединци или семејства, на кои им недостигаат парични средства за да си обезбедат прописна исхрана, да учествуваат во активности и да уживаат во животни услови кои се вообичаени во општеството во кое живеат. Нивните парични средства се толку многу под оние кои се утврдени како просечни за еден човек или домаќинство, што нив ги исклучува од обичниот живот и активност. Во делото "Сиромаштијата во Англија", Тонсенд ја користи својата дефиниција за да ја измери стапката на сиромаштијата во Англија. За да ја илустрира сопствената дефиниција на сиромаштијата, тој формирал индекс на немаштија со кој се опфатени вкупно 60 видови на немаштија кои се однесуваат на домаќинството, а со кои главно се опфатени: исхраната, облеката, средствата за одржување на хигиената, работните услови, семејниот живот, рекреацијата, слободното време и слично. Тој го утврдил приходот кој се смета за неопходен за секое семејство според бројот на членовите, вработеноста, возраста на децата, дали има инвалиди во семејството и слично на тоа. Врз основа на овие истражувања тој открил дека 22,9% од населението во Англија (или приближно 12 милиони) биле сиромашни (1968-69 година). Ова е важно да се истакне, затоа што официјалната статистика како за сиромашни ги сметала само 6,1% .Тонсенд открил дека сиромаштијата е многу пораширена отколку што тоа било регистрирано од страна на државата. Во една друга студија (1985-86 год.) Тонсенд, со уште двајца други социолози, користи други методи за истражување. Врз примерок од 2703 испитаници од Лондон, направиле разлика меѓу материјалната и социјалната немаштија. Материјалната немаштија се однесува на недостаток на храна, облека, живеалиште, основни предмети во домаќинството, невработеност, а социјалната немаштија главно ја фокусирале на неможноста за вработување, недостаток на семејни активности, неможност за интеграција во пошироката заедница, неучествување во социјалните институции, немање на услови за рекреација и користење на слободното време. Во оваа студија авторите направиле разлика помеѓу објективната и субјективната сиромаштија. Објективната сиромаштија била мерена со помош на индексот на немаштија, а



субјективната со ставот на испитаниците за висината на приходот кој им е потребен на нивните семејства за да ја избегнат. Она што заслужува да се истакне во оваа студија на лондонските социолози е фактот што нивната пресметка за потребите на едно семејство речиси дека се поклопува со пресметката што сами ја правеле испитаниците. Истражувањето на сиромаштијата во Велика Британија во деведесеттите години покажуваат дека процентот на сиромашните значително се зголемил во периодот меѓу 80-те и 90-те години - од 7,3 милиони во осумдесеттите на 11 милиони во деведесеттите години. Тоа се однесува и на зголеумавањето на процентот на длабочината на сиромаштијата.

## Сиромаштијата во Македонија: состојби и карактеристики

Истражувањата на сиромаштијата во Република Македонија се на почеток. Се уште нема истражувања на национално ниво. Владее едно убедување дека располагаме со доволно сознанија за сиромаштијата и начините како да ја намалиме. За разлика од некои земји во транзиција, каде што не дојде до масовно осиромашување на населението, Македонија се најде во редот на оние земји во кои за само неколку години од падот на комунизмот се случи и голем пад на стандардот на населението, кој остана низок и по десет години, сè до почетокот на дваесет и првиот век. Кога ја анализираме сиромаштијата во Македонија, не можеме да не го истакнеме фактот дека практично Македонија од почетокот на деведесеттите години па сè до денес немала објективни можнисти економски нормално да се развива, секогаш била објективно, од надвор попречувана преку најразлични начини: од блокади на границите до војни во блиското соседство и Косовската криза која и денес на почетокот на 2001 година се манифестира на нејзината северна граница со чести упади на терористички групи, кои сериозно ја дестабилизираат нејзинита безбедност и значајно влијаат врз економскиот развој што се одразува, меѓу другото, и врз стандардот на населението. По својата природа, како што тоа го потенциравме во нашата анализа, сиромаштијата е мултидимензионална појава. Во услови на драстичен пад на економските активности, реално намалување на платите и структурни промени во стопанството доаѓа до зголемување на социјалните разлики меѓу луѓето, што од своја страна крајно негативно се одразува врз целината на реформите воопшто. Накратко, на економоски план доаѓа до намалување на бруто домашниот производ од 2080 САД долари во 1989 година на околу 1.700 долари во 2001 година. Потоа, доаѓа до драстичен пораст на бројот на невработените и денес (на почетокот на 2001 година) се стабилизира на 32%, што е апсолутно највисок процент во Европа. Бројот на корисниците на социјална помош постојано се зголемува и на почетокот на 2001 годнина достигна околу 80.000 семејства кои примаат социјлна помош. Што е карактеристично за сиромаштијата во Република Македонија во последните неколку години? Прво, статистичките податоци покажуват мал пораст на

делот од популацијата кој е под линијата на сиромаштијата, од 19,0% во 1997 пораснува на 21,0% во 2000 година, со тенденција на стабилизирање околу 20% во наредните неколку години. Во исто време длабочината на сиромаштијата пораснува од 4,6% во 1997 на 5,7% 2000 година, што не е безначајно ако се имаат предвид очекувањата дека во почетокот на 2000 година ќе дојде до нејзино намалување за неколку проценти. Второ, сиромаштијата последните неколку години се зголеми во Скопје и другите поголеми градови, а се намалува во помалите градови и селските средини. Така, на пример, во Скопје пораснува од 12,5,% во 1997 на 26,3% во 1999 година. Дали поголемите градови, вклучувајќи го и Скопје, во блиска иднина ќе се претворат во градови на сиромаштија ? Трето, во однос на вработените се забележува процес на намалување на сиромашните во домаќинства со двајца вработени, но се зголемува кај невработените и пораснува од 23,5% во 1997 на 31,4% во 1999 година. Ниските примања на вработените, особено кај оние со низок степен на квалификација и во претпријатија кои не се конкурентни на пазарот и најчесто се пред стечај ги доведува вработените во кругот на сиромашните. Четврто, во најранливите категории од населението, покрај невработените и нископлатените работници се наоѓаат и оние кои живеат во повеќе члени семејства и домаќинства со малолетни деца. Речиси секое четврто домаќинство со деца (едно или повеќе) над седумгодишна возраст се наоѓа во категоријата на сиромашни. Петто, за профилот на сиромаштијата во Македонија е карактеристично и тоа што таа се продлабочува кај младата популација, до 40 години, што не е случај кај останатите земји во транзиција. Фактот што секое четврто домаќинство кај кое главата на домаќинството е до 40 години се нашло во категоријата на сиромашни говори за драматичноста на социјалните промени и за безперспективноста на голем дел од младата популација во нашата држава. Основниот заклучок за состојбите на сиромаштијната во Македонија е следниот: продолжува да се зголемува процентот на сиромашните и да се продлабочува сиромаштијата кај некои категории од населението, а последните неколку години доаѓа до драстично зголемување во Скопје, во кое живее една четвртина од населението во Македонија и повеќе од 40% од градското населние и во неколку поголеми градови, каде што е забележан и највисок пораст. Сиромаштијата постепено ги добива карактеристиките на неразвиените економии, масовно се сели во поголемите градови и Скопје, каде што можноста за вработување и обезбедување на нормални услови за живот станува неостварлив сон за мнозинството од населението.

**Основна литература:**


- Ацески, Илија: Скопје - визија, реалност, 1997,Скопје
- Ацески, Илија: Социологија, 2000, Скопје
- Харалабмос, М., Хеалд, Р.: Увод у социологију, 1989, Загреб
- Taking Stock of Poverty in Macedonia, Извештај изготвен за Канцеларијата на Светската банка во Скопје, април - мај 2000 год.





- Тенденции на сиромаштиајта и можностите за нејзино надминување, Научен собир, Фондација "Фридрих Еберт", канцеларија - Скопје, 18 и 19 декември, Скопје
- Фокусирање на сиромаштијата, Документ на Светска банка, јуни, 1999 год.
- Радовановиќ, М.: Социолошка, антрополошка проучавања "култура беде" у савременој грaѓанској социологији и антропологији, "Социологија" бр. 2, Београд
- Харингтон, М.: Друга Америка, 1965, Београд
- Национален извештај за човековиот развој во Македонија за 1998 и 1999 год.
- Стратегија за намалување на сиромаштијата (Интеримверзија) јули, 2000 год., Министерство за развој и Светска банка.

**Благоја Наневски**
**Економски институт-Скопје**

# МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА И СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одржувањето на воспоставената макроекономска стабилност, остварувањето на релативно високи стапки на економски развој, намалувањето на невработеноста и зголемувањето на животниот стандард на населението се основните приоритети на макроекономската политика на Република Македонија. Остварувањето на овие цели е претпоставка за зголемување на благосостојбата на населението, а со тоа и за намалување на сиромаштијата.

Тоа значи дека стопанството на Република Македонија во наредниот период треба да бележи високи стапки на годишен растеж БДП, а тоа ќе може да се оствари единствено ако се зголемува обемот на производството и на извозот. Ова е мошне сложена задача ако се има предвид дека основна претпоставка за зголемување на производството и на извозот е завршување на започнатите структурни реформи во стопанството. Притоа, не треба да се занемари мошне неповолното влијание на надворешното окружување врз стопанските движења во државата. Во целокупниот период по транзицијата, поради неповолното окружување и конфликтите во поранешна Југославија, на Косово, а сега и во Република Македонија, претрпените штети се големи. Неизвесностите за идниот стопански растеж се мошне изразени и ќе вршат силно влијание врз идниот развој, а со тоа и врз можностите за намалување на сиромаштијата во Република Македонија.

Реструктуирањето на стопанските претпријатија во идниот период претставува еден од основните приоритети на макроекономската политика која треба да создава услови и претпоставки за зголемување на производството и на извозот. Познато е дака макроекономската стабилност на долг рок единствено може да се одржува со зголемување на производството и на обемот на понудата. Освен тоа, со оглед на малиот обем на пазарот на Република Македонија, зголемувањето на производството наменето за извоз, исто така, наметнува квалитативно преструктуирање на претпријатијата. Сето тоа, пак, од своја страна е претпоставка за зголемување на бројот на вработените во земјата, за зголемување на животниот стандард и за намалување на сиромаштијата.

Процесот на транзиција во Република Македонија се остварува веќе десет години со различна динамика и успех. Доследното остварување на

макроекономската стабилизација и успешното завршување на реформите се неопходни за успешно завршување на процесот на транзиција, што е претпоставка и за функционирањето на пазарната економија. Тоа е неопходен предуслов не само за траен и одржлив стопански развој, туку и за успешно вклучување на Република Македонија во европските интеграциски текови. Вклучувањето во европските економски интеграциски процеси претставува апсолутен приоритет за Република Македонија.

Во рамките на процесот за вклучување на стопанството на Република Македонија во Европската Унија во тек е остварувањето на многубројни системски промени во сите области на општествено - економскиот живот. Промените се остваруваат во областа на даночниот и царинскиот систем, финансискиот сектор, монетарните финансии, надворешно - трговскиот систем и др. Паралелно со овие реформи се одвиваат промени во јавниот сектор и тоа во секторот на социјалата, здравството, образованието, администрацијата, судството итн. Овие реформи имаат за цел стопанскиот и политичкиот систем на земјата да го прилагодат на европските и светските стандарди.

Во рамките на стратегијата за интеграција со Европската Унија што ја гради Република Македонија се предвидува забрзување на процесот на приближување (хармонизација) на легислативата со таа на Европската Унија и подготовка на економијата за учество на европскиот пазар. Сето тоа има влијание врз конципирањето и степенот на реализација на целите зацртани во макроекономската политика. Од брзината и доследноста во оживотворувањето на реформите ќе зависи брзината со која ќе се надминаат многубројните напластени проблеми кои ја намалуваат ефикасноста на стопанските претпријатија и се пречка за побрз економски развој.

## 1. Проблеми и остварувања во економскиот развој

Претходно е истакнато дека надворешното окружување имаше и се уште има мошне неповолно влијание врз економскиот развој и остварувањето на целите на макроекономската политика на Република Македонија. Долгогодишната политичка криза во регионот нанесува големи штети на стопанството на Република Македонија. Војните и политичките тензии не само што неповолно се одразуваат врз динамиката на стопанскиот растеж, туку ги забавуваат реформите и преструктуирањето на стопанството, придонесувајќи за високиот ризик на земјата.

Условите за стопанисување во некои години особено беа неповолни како резултат на влијанието на надворешните фактори (војните, ембаргата, војната на Косово, тензиите на северната граница итн.). Тоа предизвика затворање или намалување на работењето на голем број на производствени капацитети, намалување на извозот, запирање на инвестициони проекти и откажување на склучени договори за извоз и заедничка соработка со странски партнери, зголемување на транспортните трошоци, намалување на конкурентската моќ на претпријатијата итн.

Во периодот по 1996 година, макроекономската стабилност претставува една од основните карактеристики на стопанството на Република Македонија. По 1996 година порастот на цените е минимален и тој во некои години е под критериумите поставени со договорот во Мастрихт (во 1998 тој изнесуваше 0,8%, а во 1999 година е забележана дефлација од -1.1%). Буџетскиот дефицит, исто така, е понизок од рамките дозволени за членките на Економската и монетарната унија - да не е повисок од 3% од БДП (стапката на буџетскиот дефицит во Република Македонија изнесува во 1998 година 1,8%, а во 1999 година 1,5%). Слична е состојбата и со јавниот долг кој во Република Македонија е понизок од критериумот за ЕМУ - да не е повисок од 60% од БДП (во Република Македонија во 1998 јавниот долг изнесува 47,7% од БДП, а во 1999 година 51,0%). Во областа на девизниот курс се остварува критериумот за нагова стабилност со оглед дека последната девалвација на денарот е извршена на 09 јули 1997 година. Кај каматните стапки, пак, за кредитите одобрени на претпријатијата, состојбата во Република Македонија значително е понеповолна. На пример, во Република Македонија во 1998 година каматните стапки одобрени на претпријатијата изнесуваат 20,5% и 20,0%[5], од онаа на земјите на ЕМУ која изнесува 6,7%.

По 1996 година во Република Македонија се остваруваат реално позитивни стапки на пораст на БДП. Надминатa е рецесионата фаза и реално е да се очекува забрзување на економската активност во наредниот период (во 1999 година е остварена реална стапка на пораст на БДП од 2,7%). Треба да се одбележи дека остварениот пораст во 1999 година само делумно произлезе од остварените структурни реформи во стопанството. Порастот главно е резултат на зголемениот обем на производството во втората половина од годината и од поголемата искористеност на капацитетите.

Кога се набљудува структурата на понудата, кај сите стопански дејности, со исклучок на индустријата и рударството, се забележува пораст на новосоздадената вредност. Порастот е остварен кај терцијалните дејности чии што пораст придонесе за неутрализирање на неповолните движења во областа на индустријата и рударството (понизок пораст од -2.6% во 1999 во споредба со претходната година). Притоа, највисок пораст е остварен во областа на сообраќајот (13,7%) и градежништвото (12,2%), а како резултат на инвестициите што се во тек во областа на патната мрежа. Релативно висок пораст е остварен и во областа на угостителството и туризмот (9,2%) поради поголемиот престој на странски лица во земјата и во областа на трговијата (6,7%).[6] Во првата половина од 2000 година се забележува пораст на индустриското производство (особено кај црната металургија, хемиското производство и обоената металургија). Ова подобрување се јавува како резултат на поволната светска конјуктура на базните суровински производи. Освен тоа, подобрени се можностите на извозот на пазарите во регионот (производството на градежни материјали, производство на дрвена граѓа и финални производи од дрво). Позитивни тенденции се јавуваат и во областа на производството на текстилни производи.

---

[5] Годишен извештај 1999. Народна банка на Република Македонија, сруктурата.10.

[6] Годишен извештај..., срт.10-14.

Меѓутоа, кај најголемиот број стопански претпријатија од областа на индустријата состојбата во областа на опремата воопшто не е изменета и подобрена, што значи дека реструктуирањето и осовременувањето бавно се остваруваат. И понатаму е присутна состојбата на висока истрошеност на опремата, застареност на технолошките линии, високи трошоци во работењето, големи загуби, неликвидност и сл. Еден голем дел од претпријатијата повеќе години бележат загуби во работењето. Последиците од ваквата состојба се манифестираат во вкупните деловни резултати, а особено на нивната финансиска состојба, со оглед дека во овие претпријатија е вработен поголем број на лица.

Личната потрошувачка во Република Македонија е релативно ниска. Ваквата состојба се одржува во текот на целиот период на транзицијата. Со координирано дејство на монетарната и фискалната политика, а во услови на цврста контрола на порастот на платите се одржува рамнотежа помеѓу глобалната понуда и побарувачка. Тоа е една од основните претпоставки за спречување на инфлацијата на цените. Меѓутоа, цврстата контрола на обемот на побарувачката и на вкупната потрошувачка придонесува за нискиот обем на животниот стандард на населението и појавата и одржувањето на сиромаштијта. Нагласката што макроекономската политика ја дава на одржувањето на стабилноста има неповолно влијание врз заживувањето на стопанската активност и забрзувањето на стопанскиот растеж.

Кај личната потрошувачка присутна е рестриктивност во обемот и нивото на потрошувачката на населението со помош на контролата на движењата на платите. Иако важечките законски прописи дозволуваат усогласување на платите со порастот на трошоците на живот, досега мошне малку се користи овој инструмент. Нискиот пораст на цените во текот на последните неколку години и појавите на дефлација не создаваат простор за вакво услогласување. Треба да се одбележи дека во областа на платите во Република Македонија е присутен висок интервенционизам, со оглед дека повеќе од две третини од исплатените плати подлежат на административно ограничување (во јуни 2000 година просечната нето плата изнесуваше 10.236 денари или 167 долари).[7]

Во овие рамки треба да се наведе, дека во Република Македонија улогата на синдикатите е релативно маргинална. Се уште не е донесен нов закон за синдикално организирање, што неповолно се одразува на заштитата на интересите на вработените. Бројни се појавите на бездушна експлоатација на вработените од страна на работодавачите, што е најприсутно кај новоформираните приватни претпријатија (ниски плати, работа во тешки услови, уцени, неплаќање на работа во сабота, недела или ноќе и др.). Ваквите појави, кои беа караткеристични пред стотина и повеќе години, ќе можеа успешно да се спречат доколку синдикалното организирање беше поставено на современи основи.

Како резултат на воведувањето на данокот на додадена вредност, како и на високиот пораст на цените на нафтата на светскиот пазар и на

[7] Економски развој на Република Македонија. Петнаесетти извештај. Министерство за финансии, 2000, стр. 8.



електричната енергија што се случи во 2000 година, ќе се појави потреба од усогласување на порастот на платите со оној на трошоците на животот. Највисоки плати примаат вработените во областа на финансиските и техничките услуги кои се за 70% повисоки од просечните плати во државата, додека најниски плати примаат вработените во градежништвото, кои изнесуваат околу 35% од просечната плата. Состојбата во областа на платите ја влошува и нередовноста во исплатата, која е забележителна и има повеќестрани реперкусии врз живеењето и животниот стандард. Мошне висок е процентот на вработените кои не примаат или нередовно ги примаат заработените плати. Така, на пример, во 2000 година, само околу 77% од вработените примаа редовно плата, а остатокот не примаат плата или истата ја примаат со задоцнување.

Невработеноста има мошне големо влијание врз обемот и интензитетот на сиромаштијата во Република Македонија. Невработеноста особено е зголемена во периодот на транзицијата. Бројот на евидентираните невработени лица, според службени извори во јуни 2000 година изнесува 354,0 илијади, со што бројот на регистрираната невработеност ја надминала бројката на регистрираната вработеност за околу 39.000 лица. По општини најголемо учество во регистрираната невработеност има Скопје (24,5%, Куманово (8,4%), Струмица (6,7%) и Битола (6,0%). Скоро 70% од вкупната невработеност се помлади од 40 години, 43,4% од нив имаат помалку од 30 години, а 26,6% имаат 30-40 години. Според полот, 45,0% од евидентираните невработени се жени.[8] Можностите за вработување се мали со оглед на неповолниот однос помеѓу понудата и побарувачката на работната сила, при што мошне скромна е побарувачката на работна сила.

## 2. Главни насоки на макроекономската политика

Макроекономската политика во наредниот период ќе ги следи веќе утврдените главни определби за одржување на висок степен на ценовна стабилност, рамнотежа на курсот на денарот, забрзување на порастот на производството и на бруто домашниот производ, зголемување на извозот итн. Заживувањето на стопанската активност ќе придонесе за пораст на вработеноста, што од своја страна ќе придонесе за намалување на невработеноста и на сиромаштијата. Тоа претпоставува реализација на програмите за активирање на големиот број производствени капацитети, како и пораст на инвестициите, кои, во најголем дел, треба да се остваруваат во областа на малите и средни претпријатија и семејните бизниси.

Финансирањето на инвестициите се предвидува да се остварува преку зголемена мобилност на домашното штедење и прилив на странски капитал. Притоа, неопходно е во областа на инвестиционата потрошувачка да се промени нејзината структура, со тоа што значително треба да се зголеми учеството на вложувањата во производствени капацитети ориентирани за извоз.

За да се остварат потребните релативно високи стапки на растеж и на вработување, неопходно е продолжување на започнатите и започнување на нови реформски процеси во повеќе области на стопанскиот систем. Во

[8] Економски развој...,стр.13.

таа насока се истакнува потребата од ревидирање и усогласување на еден голем број на нормативни решенија согласно стандардите на Европската Унија. Во иста насока неопходно е постприватизационо преструктуирање на претпријатијата и нивното финансиско консолидирање што се јавува како неопходност за да се зголеми ефикасноста на нивното работење. Како посебно подрачје на активности се истакнува забрзувањето на продажбата на државниот капитал. На тој начин, не само што ќе се зајакне приватниот сектор, туку тоа е претпоставка и за поголема ефикасност и конкурентност на целокупната економија.

Сиве овие мерки и активности треба да придонесат за заживување на економската активност во наредните години. Така, се проценува дека во 2000 година БДП ќе оствари реален пораст од 6% во однос на претходната година, порастот во областа на индустијата треба да изнесува 9%, во земјоделството 5%, извозот на стоки номинално треба да се зголеми 20%, а увозот за 14%. Како последица од влијанието на порастот на цените на енергентите на светскиот пазар и на влијанието од воведувањето на данокот на додадена вредност, цените на мало се очекува да остварат пораст од околу 9,5%.

Меѓутоа, забрзувањето на реформите, особено во врска со реструктуирањето на претпријатијата загубари, негативно ќе се одрази на платите и на вработеноста. Поради тоа, во областа на платите се очекува нивното реално намалување за 5,4%, а регистрираната невработеност се очекува да се зголеми за 0,5%. Тоа значи, дека во 2000 година ќе дојде до намалување на животниот стандард на вработените и пораст на сиромаштијата. Во 2001 година се очекува продолжување на трендовите на релативно високи стапки на растеж. Така, се очекува реален пораст на БДП за 5-6%, пораст на индустриското производство за 5%, на земјоделското за 2%, пораст на платите за 2%, извозот би се зголемил за 9%, увозот за 5%, а цените на мало би пораснале за 4%.[9]

Едно важно прашање кое е тесно поврзано со остварувањата во областа на макроекономската политика, на инвестиционата потрошувачка и социјалните трансфери, претставува сивата и црната економија. Во Република Македонија не се следат систематски овие појави од аспект на нивните макроекономски консеквенции. Досега е извршено само едно истражување за сивата економија, според кое нејзиното учество во БДП на Република Македонија изнесува околу 40% во 1996 година. За појавните облици, видовите и обемот на црната економија досега не е направено поопстојно истражување.

Сивата економија, несомнено, придонесува за ублажување на невработеноста и на сиромаштијата, со оглед дека овозможува егзистенција на значителен број на лица. Исто така, и црната економија овозможува создавање на приходи и придонесува за егзистенција на дел од населението. Меѓутоа, треба да се има предвид дека последиците од црната економија се многу поголеми што произлегува од нејзиниот нелегален карактер, како и многубројните социјални последици и штети кои ги трпи државата и населението.

[9] Економски развој..., стр.30.



Истражувањето и следењето на појавите на сивата и црната економија во Република Македонија е неопходно како за нивното сузбивање, така и за градење на политиката на јавни приходи и расходи. Имено, преку сивата и црната економија во Република Македонија се создаваат значителни приходи кои не се евидентираат, така што за нив не се плаќаат даноци. На тој начин, двојно се оштетува буџетот на државата бидејќи, од една страна, намален е приливот на средства и обемот на вкупните буџетски приходи, а од друга страна, се одлеваат средства за финансирање на намени кои, во случај да се има добра евиденција, не би се финансирале со буџетски средства.

* * * * *

Во наредните години не треба да се очекуваат поголеми промени во макроекономската политика на Република Македонија. Нејзините основни цели ќе останат релативно непроменети. За да се задржи макроекономската стабилност потребно е монетарната политика и понатаму да биде поддржана со соодветна макроекономска и структурна политика. Фискалната политика треба да продолжи да ја поддржува макроекономската политика со одржување на урамнотеженост помеѓу приходите и расходите и низок процент на дефицит на буџетот во однос на БДП. Во иста насока ќе дејствува и задржувањето на сегашното ниво на јавниот долг како процент од БДП. Слично на фискалната политика и политиката на доход треба да дејствува координирано со останатите компоненти на економската политика, а со цел да се задржи контролата врз агрегатната побарувачка.

Стабилноста на девизниот курс на долг рок ќе може да се оствари со зголемување на извозот и намалување на дефицитот во размената со странство. Порастот на извозот, пак, ќе зависи од брзината и успешноста на спроведувањето на структурните реформи во претпријатијата. Монетарната политика има мало директно влијание врз состојбите на микроекономијата и работењето на стопанските претпријатија. Искуството покажа дека поголемото и несоодветно ангажирање на монетарната политика во оваа област ќе предизвика нерамнотежа и инфлација.

Висината на порастот на БДП, зголемувањето на вработеноста и на животниот стандард, што се основни претпоставки за намалување на сиромаштијата, ќе зависи од брзината и успешноста на спроведувањето на реформите. Искуството во Република Македонија, а и во други земји, покажа дека последиците од ненавременото спроведување на реформите ќе бидат поголеми, а ќе се манифестираат преку нискиот животен стандард на населението и зголемената сиромаштија. Во такви услови и намалувањето на сиромаштијата побавно и потешко ќе се остварува.

Александар Петроски
Економски Институт-Скопје

# ИНВЕСТИЦИИТЕ КАКО ЧИНИТЕЛ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА

Нивото на стопанската развиеност непосредно влијае врз појавата на сиромаштијата на населението. Повисокото ниво на стопанска развиеност претпоставува помала сиромаштија, и обратно, пониското ниво на стопанска развиеност е основен услов за појава на поголема сиромаштија на населението.

Основен фактор за зголемување на нивото на стопанската развиеност се инвестициите. Покрај големината на инвестициите, мошне значајно влијание врз стопанскиот развој има нивната структура по дејности и гранки. Ова е особено значајно не само од аспект на динамизирање на стопанскиот развој и зголемување на бруто домашниот производ по жител, туку и од аспект на создавање на нови работни места и вработување на расположливата работна сила. Сето ова непосредно влијае врз намалувањето на сиромаштијата на населението.

Во Република Македонија во транзициониот период постоеа повеќе ограничувачки фактори за зголемување на инвестициите. Меѓу позначајните би ги истакнале: ниското ниво на развиеност на македонското стопанство, неговата ниска акумулативна и репродуктивна способност, ниското ниво на штедење на правните субјекти и на населението, се уште недоволно реформираниот банкарски ситем, негативното влијание на војните што се водеа на одделни подрачја од поранешна Југославија, кои придонесоа Република Македонија да стане ризично подрачје за инвестирање и др.

Како резултат на овие и други ограничувачки фактори, инвестиционата потрошувачка во земјата е мошне мала и не обезбедува подинамичен стопански развој. Основен индикатор кој укажува на

големината на инвестициите е нивното учество во бруто домашниот производ. Учеството на остварените инвестиции во бруто домашниот производ во периодот 1992-2000 година по години се движи меѓу 19,4% и 13,4%.[10] Највисоко учество на инвестициите во бруто домашниот производ е остварено во 1992 година, а најниско во 1994 година. Во другите години учеството на инвестициите во бруто домашниот производ се движи меѓу овие две големини.

Ако се земе предвид големината на бруто домашниот производ врз која е пресметано учеството на остварените инвестиции, од една страна и самото ниско учество од друга страна, недвосмислено може да се констатира, дека со ваков обем на инвестиции не може да се очекува подинамичен стопански развој на Република Македонија. Оттаму, не може да се очекува дека со ваков интензитет на инвестициона потрошувачка ќе се создадат поповолни услови за намалување на сиромаштијата во нашата земја. Во стопански развиените земји, во кои бруто домашниот производ по жител е поголем за повеќе пати од оној кај нас, учеството на остварените инвестиции во бруто домашниот производ се движи над 20%. За остварување на подинамичен стопански развој и создавање на услови за намалување на сиромаштијата преку отворање на нови работни места, учеството на остварените инвестиции во бруто домашниот производ во нашата земја во наредниот период треба да се движи околу 25%.

## НАСОЧУВАЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ПО ДЕЈНОСТИ И ГРАНКИ - ЕДНА ОД ОСНОВНИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Носители на инвестиционата активност во Република Македонија во периодот 1992-1998 година се три дејности и тоа: индустријата и рударството, сообраќајот и врските и станбено - комуналната дејност. Понатаму, позначајно учество во вкупно остварените инвестиции имаат: земјоделството и рибарството, трговијата, финансиските, техничките и деловните услуги и т.н. Учеството на одделните дејности во вкупно остварените инвестиции по години изнесува како што следи.

[10] Документација кон макроекономската политика на Република Македонија во 2000 година и наши пресметувања врз основа на податоците од Републичкиот завод за статистика, СП 305 и Билтен 3/1999 на НБРМ.



***Структура на остварените инвестиции по дејности во % (вкупно = 100%)***

| ДЕЈНОСТИ | ГОДИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 |
| Индустрија и рударство | 24,7 | 21,5 | 20,2 | 17,0 | 18,7 | 25,1 | 25,4 |
| Земјоделство и рибарство | 8,8 | 6,8 | 5,9 | 5,2 | 5,4 | 5,2 | 4,1 |
| Шумарство | 0,6 | 0,5 | 0,5 | 0,3 | 0,3 | 0,4 | 0,3 |
| Водостопанство | 1,1 | 0,6 | 1,1 | 0,8 | 1,0 | 0,5 | 0,5 |
| Градежништво | 1,0 | 0,9 | 2,3 | 2,4 | 1,5 | 1,9 | 1,6 |
| Сообраќај и врски | 9,1 | 10,1 | 14,8 | 21,7 | 21,4 | 16,0 | 21,5 |
| Трговија | 6,2 | 6,3 | 6,9 | 8,3 | 8,4 | 7,9 | 4,8 |
| Угостителство и туризам | 1,1 | 1,7 | 1,6 | 1,4 | 1,7 | 2,0 | 1,7 |
| Занаетчиство и лични услуги | 1,9 | 2,4 | 1,8 | 1,9 | 1,9 | 1,7 | 1,6 |
| Станбено - комунална дејност | 37,0 | 40,2 | 34,4 | 29,7 | 29,1 | 27,7 | 26,3 |
| Финансиски, технички и деловни услуги | 0,7 | 3,7 | 3,8 | 5,5 | 4,7 | 5,1 | 6,2 |
| Образование, наука, култура и информации | 3,9 | 1,1 | 1,5 | 2,0 | 1,6 | 1,6 | 1,1 |
| Здравство и социјална заштита | 0,8 | 1,7 | 2,5 | 1,5 | 1,3 | 3,3 | 2,9 |
| Органи на државната власт | 3,1 | 2,5 | 2,7 | 2,3 | 3,0 | 1,6 | 2,0 |

Извор: Наши пресметувања врз основа на податоци од РЗС, Статистички преглед 305, соопштение 204 и 210.

Во дејноста индустрија и рударство носители на инвестиционата активност во последните години, за кои постојат објавени официјални податоци е електростопанството. Учеството на инвестициите во ова индустриска гранка, во вкупно остварените инвестиции во индустријата и рударството се движи од 15,6% во 1992 година до 54,6% во 1995 година, односно до 56,2% во 1998 година.[11] Притоа, интересно е да се истакне дека по 1992 година постојано се зголемува учеството на инвестициите во електростопанството во вкупно остварените инвестиции во индустријата и рударството и достигнува дури до 56,2%. Кога станува збор за инвестициите како активен чинител за намалување на сиромаштијата во државата да истакнеме дека електростопанството е капиталоинтензивна гранка, и со насочувањето на инвестициите во ова индустриска гранка не се создаваат услови за отворање на нови работни места и нови вработувања. Значи, не се создаваат услови за ангажирање на дел од расположливата работна сила во процесот на производството или услугите, што е основна претпоставка за обезбедување на потребни средства за егзистенција, а со тоа и за намалување на сиромаштијата кај населението.

[11] Овие и наредните податоци кои се однесуваат за учество на инвестициите на одделните гранки во вкупно остварените инвестиции во соодветните дејности претставуваат наши пресметувања врз база на изворните податоци од Републичкиот завод за статистика, Инвестиции во Република Македонија, СП бр. 305 и 3.401.

Инвестиционите вложувања во индустриските гранки: црна металургија, производство на руда на обоени метали, производство на обоени метали, производство на хемиски производи и преработка на хемиски производи во периодот 1992-1998 година, по години, изнесуваат меѓу 9,0% (1997) и 20,8% (1992) од остварените инвестиции во индустријата и рударството. Притоа, исто така да истакнеме, дека и овие индустриски гранки се капиталоинтензивни, така што, со насочувањето на инвестициите во овие индустриски гранки, во основа не се отвораат нови работни места и не се создаваат услови за нови вработувања. Што значи не се создаваат услови за дел од невработената работна сила да се вработи и да обезбедува финансиски средства за својата егзистенција, со што ќе се намали бројот на семејствата кои егзистираат од социјална и друга помош.

Од вкупно остварените инвестиции во индустријата и рударството, во наведените капитално интензивни гранки реализирани се од 35,8% во 1993 година, дури до 71,7% во 1995 година. Значи, во испитуваниот период 1992-1998 година учеството на инвестициите по години, во анализираните капиталоинтензивни гранки се движи меѓу овие две големини. Додека, пак, учеството на вработените во овие индустриски гранки во вкупно вработените во индустријата и рударството, по години, се движи од 19,9% во 1993 година до 24,1% во 1997 година.[12] Изнесените показатели недвосмислено укажуваат, дека во Република Македонија околу 2/3 од инвестициите се реализирани во капиталоинтензивни индустриски гранки, во кои се вработени нешто помалку од 1/4 од вкупно вработените во ова стопанска дејност и дека овие инвестиции не овозможуваат отворање на нови работни места - како појдовна основа за намалување на сиромаштија во државата.

Според учеството во остварените инвестиции на ниво на индустрија и рударство, индустриската гранка производство на прехранбени производи се наоѓа на второ место. Во испитуваниот период (1992-1998 година) учеството на инвестициите во ова индустриска гранка во вкупно остварените инвестиции во индустријата и рударството, по години, се движи меѓу 7,2% (1994 год) и 19,3% во 1997 година. Секако, релативно високото учество на инвестициите (иако во апсулутни бројки тие се мошне мали) на ова индустриска гранка имаат позитивно влијание врз намалувањето на сиромаштијата. Имено, ова индустриска гранка е трудоинтензивна, така што, со инвестирањето во неа се создаваат услови за отворање на нови работни места и за нови вработувања.

Остварените инвестиции во традиционалните, истовремено и трудоинтензивни индустриски гранки, како што се производство на предиво и ткаенини и производство на готови текстилни производи, се незначителни. Нивното учество во остварените инвестиции на ниво на индустрија и рударство, по години, се движи меѓу 2,5% (1995 година) и 4,7% во последната година од испитуваниот период, додека, пак, учеството на вработените од овие индустриски гранки во вкупно вработените во индустријата и рударството изнесува од 26,3% (1998 година) до 40,2% во

[12] Наши пресметувања врз база на изворните податоци од Републичкиот завод за статистика, СГ/ 99.



1993 година. И овие показатели недвосмислено укажуваат дека незначителните инвестиции во овие трудоинтензивни индустриски гранки не овозможуваат позначително отворање на нови работни места и создавање услови за нови вработувања како појдовна претпоставка за намалување на сиромаштијата во државата.

Според големината на остварените инвестиции во Република Македонија, станбено комуналната дејност се наоѓа на второ место. Учеството на остварените инвестиции во ова дејност, по години, во вкупно остварените инвестиции во земјата се движи меѓу 26,3% (1998 година) и 40,2% во 1993 година. Инвестициите во станбено комуналната дејност, во основа, се насочени за изградба на комуналната инфраструктура, уредување на населби и простори и изградба на станови. Секако, вложувањето во ова дејност придонесува за подобрување на условите за живеење на населението. Меѓутоа, мошне мало е нивното влијание врз намалувањето на сиромаштијата. Имено, со ваквите инвестиции се подобруваат условите на вкупното население, а не на невработените лица, кои во основа припаѓаат во групата на сиромашно население и својата егзистенција во основа ја обезбедуваат преку социјална и друга помош. Според тоа, со ваквите инвестиции не се создаваат можности за отворање на нови работни места и вработување на дел од невработената работна сила и обезбедување на потребните финансиски средства за егзистенција, а со тоа и намалување на сиромаштијата.

Стопанската дејност сообраќај и врски, според големината на остварените инвестиции се наоѓа на трето место. Нивното учество, по години, во вкупно остварените инвестиции во земјата се движи од 9,1% во 1992 година до 21,5% во последната година од испитуваниот период. Инвестициите во ова дејност во основа се однесуваат за изградба на сообраќајната инфраструктура. Ваквите инвестиции придонесуваат за подобрување на условите за стопанисување, како и на условите за подобро комуницирање на вкупното население. Економските ефекти од ваквите вложувања може да се очекуваат со развојот на стопанството, но во еден подалечен рок. Според тоа, и создавањето на услови за намалување на сиромаштијата преку инвестиционите вложувања треба да се очекува на еден подолг рок.

Од вкупно остварените инвестиции во Република Македонија во овие три стопански дејности реализирани се околу 70%, а останатите инвестиции се реализирани во другите дејности. Анализирајќи ја структурата на остварените инвестиции по дејности и гранки, се доаѓа до констатација, дека, во основа инвестиционата активност во нашата земја се реализира во јавниот сектор, додека, пак, инвестиционата активност во другите сектори е во извесен застој или е незначителна. Инвестирањето во изградба на нови производствени капацитети или проширување и модернизација на постојните е мошне ретко и незначително. Ваквото насочување на инвестициите, во кои доминантно место имаат инвестициите во инфраструктурата, не придонесува за намалување на сиромаштијата преку отворање на нови работни места и нови вработувања.

## ОСТВАРЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Погоре изнесената анализа за насочувањето на инвестициите се однесува на остварените инвестиции од страна на правните субјекти во Република Македонија. Покрај овие, според официјалните статистички податоци, дел од вкупните инвестиции ги имаат остварено физички лица.

Учеството на остварените инвестиции од страна на физички лица во вкупно остварените инвестиции во земјата, во периодот 1992-1998 година се движи меѓу 47,5% (1993 година) и 33,1% во последната година од испитуваниот период. Според овие показатели може да се констатира, дека, населението, како физички лица, има остварено значајна инвестициона активност, како основна претпоставка за создавање услови за самовработување, што претставува еден од патиштата за намалување на сиромаштијата во замјата.

Меѓутоа, ако се анализира структурата на населението кое ги реализирало овие инвестиции, со голема точност може да се претпостави дека тоа население го сочинуваат побогатите слоеви, кои имаат обезбедено повисок стандард на живеење. Населението кое е соочено со сиромаштија и низок стандард на живеење, не е во финансиска можност да се појави како инвеститор.

Ваквите претпоставки можат да се поткрепат и преку намената на остварените инвестиции. Ако се погледне структурата на остварените инвестиции, ќе може да се констатира дека поголемиот дел од остварените инвестиции се наменети за подобрување на условите за живеење. Имено, доминантниот дел од инвестициите се однесуваат за изградба на станови. Учеството на инвестициите за ова намена во вкупно остварените инвестиции од страна на физички лица се движи од 69,5% во 1997 до 76,4% во 1993 година, додека, пак, учеството на инвестициите за машини и опрема, со чија реализација се претпоставува, дека, ќе се создадат услови за отворање на нови работни места и определено вработување на невработената работна сила, како појдовна основа за намалување на сиромаштијата е незначително, односно се движи меѓу 13,3% (1993 година) и 18,1% во последната година од испитуваниот период. Останатите инвестиции од овој сектор се однесуваат за други намени кои, исто така, не придонесуваат за намалување на сиромаштијата во земјата.

Според тоа, иако овој сектор има значително учество во вкупно остварените инвестиции во Република Македонија, со голема точност може да се констатира, дека, истите не се насочени кон создавање на услови за намалување на сиромаштијата во државата. Тие, во основа, се однесуваат за подобрување на условите за живеење и тоа на населението од побогатите слоеви.

* * * * *

Анализирајќи ги остварените инвестиции во Република Македонија по сектори, обем и стриктура, може да се констатира дека, учеството на правните субјекти и на физичките лица во остварените инвестиции, како и нивниот обем, а уште повеќе насочувањето на инвестициите, не создаваат



услови за намалување на сиромаштијата кај населението. Остварените инвестиции од страна на сите правни субјекти се мошне мали и во основа се насочени во капиталоинтензивните гранки. Исто така, физичките лица поголемиот дел од сопствените инвестиции ги насочуваат кон подобрување на условите за живеење.

Инвестирањето од страна на правните субјекти, како и од страна на физичките лица во производствените капацитети од традиционалните и трудоинтензивни гранки, во кои постојат можности за отворање на нови работни места, а оттаму и за нови вработувања, е незначително. Сето ова, во основа, не влијае, или мошне малку влијае во создавањето на услови за намалување на сиромаштијата кај населението во Република Македонија.

# ДИСКУСИИ

**Димитрија Трајковски**
**Филозофски факултет-Скопје**

# ШТО ДА СЕ НАПРАВИ ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ, А ЗА РАБОТА СПОСОБНИ ГРАЃАНИ?

Едно од позначајните прашања, кое е во врска со проблемот на сиромаштијата, е социјална заштита на невработените, а за работа способни граѓани. Таа категорија на граѓани е носечка за секој економски систем. Не се работи за изнемоштени лица, туку за лица кои се способни за работа (определен вид на работа) и се во можност да се преквалификуваат. Кон оваа категорија на невработени лица државата треба да има поголем респект и да се стреми кон работно ангажирање на секој поединец кој не по своја вина останал без работа.

Значи, во Република Македонија, покрај вработеноста постои и невработеноста која како економска категорија има силни импликации на животот на поединецот и семејството како микро-социјална група, особено во урбаните средини.

Да се потсетиме дека во Република Македонија под влијанието на општествено-економските и политичките промени (создавање на новиот економски, политички и социјален поредок) кои започнаа на почетокот на деведесеттите години (во последната година на дваесетиот век), појавата на невработеност според годините расте. Тој пораст на невработеноста е различен кај порано вработените и кај оние лица кои првпат бараат работа. Според податоците од официјалната статистичка евиденција се гледа дека постојат разлики во периодот од 1991 година до денес. Анализирајќи ги феномените: вработеноста-невработеноста статистички, односно нумерички според годините, паѓа в очи дека испитуваниот период од 1991 до 1998 година може да се подели на два дела и тоа првиот од 1991 до 1994 година, а вториот од 1995 до 1998 година. Да напоменеме дека појавата "невработеност" беше присутна и пред 1990 година.

Да напоменеме дека големиот број на невработени лица може да предизвика определени социјални и политички тензии во државата. Се смета дека приватизацијата, покрај економските реформи опфаќа и реформи во политичкиот, правниот, образовниот, културниот и социјалниот систем. Реформите се започнати со промените на законодавството во соодветните јавни дејности. Не е спорно дека е потребно преструктуирање на работната сила согласно на процесот на приватизацијата. Но, како таа да се преструктуира, кога државата покажува само мал интерес за процесите на приватизацијата, особено во поглед на работното ангажирање на невработените, а за работа способни граѓани кај поголемите приватни фирми.



Не е за потценување ниедна интервентна мерка на државата во поглед на порастот на вработеноста. Да се присетиме на неколку такви интервентни мерки на државата во текот на 1996 и 1997 година (пред одржувањето на парламентарните избори во 1998 година). Тогаш беше зголемен бројот на вработените во јавните служби и тоа на лицата со повисок степен на образование, а беше намален бројот на невработеноста со вработувањето на лицата од старосната група од 20-40 години. Исто така, да се присетиме и на интервентната мерка на државата со која е оневозможено во регистрираните фирми од приватниот сектор да нема невработени (со задолжително пријавување на најмалку еден вработен).

Значи, во системот на вработувањето во поновиот период се интерполира државата, што не беше случај во периодот од 1991 до 1995 година, особено имајќи ги предвид новите вработувања на помладата популација (како прво вработување). Секако дека овие мерки имаат определено позитивно значење врз младата популација која се наоѓа во период на создавање на сопствено семејство, а која дотогаш не беше работно ангажирана. Но, со смена на власта на парламентарните избори во 1998 година, настана промена и на берзата на трудот. Приватизацијата не е довршена до крај, па не е можно берзата на трудот да има стабилни текови.

Гледано од социјално-заштитен аспект, вработеноста на младата популација и воопшто, невработеноста имаат силно влијание врз живеачката на секое семејство. Тоа го потврдија и резултатите од една мала анкета, која беше спроведена пред три години за потребите на изработката на мојата докторска дисертација "Семејството во системот на социјалната заштита во Република Македонија" (во времето на интервентните мерки на државата). Ги презентирам одговорите на тие три прашања кои што беа истовремено поставени на испитаниците кои живеат во градските локални заедници; потоа, на оние што живеат во урбаниот дел на Скопје (како главна група) и на жителите кои живеат во руралниот дел на Скопје (како контролна група).

Првото прашање гласеше: "Кои проблеми се јавуваат во Вашето семејство во поглед на задоволувањето на секојдневните потреби и барања"? На ова прашање, граѓаните кои живеат во урбаните локални заедници(освен од градот Скопје) ги дадоа следните одговори (според општата дистрибуција): "Недоволни приходи во семејниот буџет" - 28,2%; "Невработени членови во семејството"- 21,4%; "Недостиг од средства за плаќање на комуналии и други трошоци" - 14,0%; "Неможност за користење на годишниот одмор и рекреација воопшто" - 8,3%; "Недостиг од средства за обнувување на гардеробата"- 6,7%; "Останато"- 16,7% ; и "Немам никакви проблеми"- 4,7%. Постојат мали разлики во поглед на одговорите на градската популација од Скопје, но поголеми разлики се гледат кај анкетираната популација од скопските села (која беше контролна група). Имено, на семејствата од скопските села им е најпотребно вработување на невработен член на семејството (во 30% случаи).

Следното прашање (прашање бр.2) гласеше:" Каков облик на социјалната заштита (СЗ) му е потребен на Вашето семејство"? Според фреквентноста на одговорите, најзастапени се следните облици:

1. кај популацијата од градовите: "Парична помош"- 24,9% и "Помош околу вработување на невработен член" - 24,9%.

2. кај популацијата од град Скопје: "Помош околу вработување на невработен член"- 25% и "Парична помош" - 20,5%.

3. кај популацијата од скопските села: "Помош околу вработување на невработен член" - 30,0% и "Парична помош" - 26%.

Инаку, според резултатите, за модалитетот "На моето семејство не му е потребна никаква социјална заштита", популацијата од градовите (освен од г.Скопје) се изјаснила во 2,9% случаи; популацијата од г.Скопје само во 1,8% случаи, а на популацијата од скопските села (според наведениот исказ), секогаш и е потребна социјална заштита (не постојат семејства на кои не им е потребна СЗ).

Конечно, следи прашањето број 3 коешто гласеше: "Кој субјект треба најмногу да води грижа за решавањето на проблемот на невработеноста како еден од најгорливите проблеми за секое семејство во Република Македонија?" Од одговорите на тоа прашање се гледа, дека граѓаните таа грижа најмногу ја фокусираат во органите на власта, пред сé на управната власт (во поширока смисла на зборот), како и во рамките на установите. Најчесто, граѓаните се определуваат за владината социјална заштита (пред сé, за цивилната СЗ), а значително помалку на црковната заштита. Како облик на СЗ се јавува и работното ангажирање на невработените граѓани според моделот на современите држави.

Да заклучиме: и од овие анкетни резултати се гледа дека најпримарно за семејствата во Република Македонија е решавањето на проблемот на невработеноста, што тие го очекуваат да се реши со конкретна помош, пред сé на државата.



**Мирјана Сланинка - Динева**
**Институт за социолошки и политичко - правни истражувања-Скопје**

# ДА СЕ СООЧИМЕ СО СИРОМАШТИЈАТА И ДА ЈА УБЛАЖИМЕ

Сиромаштијата како збор е именка, која е сé почесто присутна во народниот говор, но веројатно и во говорот на елитата. Граматички гледано, именката "сиромаштија" во македонскиот јазик е од женски род, што е куриозитет, бидејќи во некои други јужнословенски јазици, таа е именка од среден род. Мислам дека е посоодветен збор "немаштија" (според основните глаголи во секој јазик "да се има" и "да се нема").

А сега, накусо, за главните пунктови на сиромаштијата. Станува збор само за размислувања, што се базираат врз моите искуства како емпиричар, кои во оваа прилика ќе бидат малку пошироко нотирани.

- Сиромаштијата треба да се третира интердисциплинарно, пред сé, "со градација".
- Таа "чука" секојдневно речиси на сечии порти и се заканува да стане "македонски синдром".
- Сиромаштијата се препознава уште од далеку. Ја има насекаде: во екстериерите, во ентериерите, а забрзано и силно чекори по извалканите улици, по сметот; се гледа на лицата на се по замислените жени и мажи; демнее во устите полни со кариес; ја има во училиштата, посебно во селските и приградските, во амбулантите (селски и приградски), итн.
- Нејзиниот зародиш се случи пред една деценија, со декомпозицијата на СФР Југославија. Кај нас започна во "услови на мир".
- "Ексклузивно право" на расправање за и со сиромаштијата имаат, пред сé, социјалните работници (практичари и интелектуалци од таа сфера), но и семејствата инволвирани во неа. За неа се "грижи" и Државниот завод за статистика (како управна организација).
- Сиромаштија се гледа со "голо око". За да се види не е потребен никаков микроскоп.
- Во нејзиното емпириско проучување можат да се применат бројни индикатори, што веќе е сторено при елаборацијата во рамките на рефератите презентирани на овој Научен собир.

- Несомнено, релевантен индикатор во емпириските истражувања е "барометарот на задоволство" (според различни варијабли).
- Впрочем, најинтересни се индикаторите сврзани за т.н. "потрошувачка кошничка" презентирани од страна на Државниот завод за статистика на медиумската јавност. Таа е сочинета според аршинот на четворочлено семејство (според нивната секојдневна евиденција).
- Сиромаштијата може да се третира од различни аспекти: теориски, институционален, идеолошки. Во секој случај, се прави обид таа да се анимира, со преферирање да се оди кон нејзиното намалување. Мислам дека зборот "намалување" е премногу амбициозен за приликите, т.е. за пропозициите на усвоената концепција за економскиот и социјален развој на Република Македонија.
- Може да се почне со процесот на нејзиното ублажување. За да се стори тоа, потребни се неколку работи: прво, определена маса на пари, кредити, и сл., со што се занимаваат надлежните економисти, потоа, соодветна законска регулатива, па и државна интервенција во насочувањето на ресурсите. Можни се и соодветни "њу дилови" (познати од искуството на Америка и од Германија по Втората светска војна).
- "Македонската сиромаштија", според менито, е претежно вегетаријанска, што значи дека не и е потребна "крв", туку повеќе разбирање од страна на кредиторите и новите сопственици на приватизираниот, до скоро општо општествен капитал". Притоа, треба да се почитуваат сите компаративни предности на ова поднебје.
- Едно од релевантните прашања е, какво влијание ќе има сиромаштијата врз социо - демографските движења, пред сè врз стапката на наталитетот на неисламското население? Понатаму, колку таа веќе сега влијае врз миграцијата село - град и врз ревитализацијата на селото?
- Уште едно отворено прашање: како ќе се надмине проблемот со јавната администрација, чие што "кастрење" е сега на потег?
- Што да се стори со сите оние граѓани што сакаат да живеат на село? Сигурно дека тие не можат да живеат во услови на неизградена комунална инфраструктура и без материјална поддршка на државата (пред сè на нивниот бизнис), посебно доколку се тоа млади брачни двојки.
- Мислам дека ситуацијата не е розова, бидејќи се работи за т.н. првобитна акумулација на капиталот. Правото на храна и правото на работа уште долго време ќе бидат слаби страни на општествено - економскиот и општествено - политичкиот и социјален систем на Република Македонија.
- Конечно, мислам дека за ублажување на сиромаштијата (немаштијата), е потребно следното:



1. Операционално дефинирање на сиромаштијата, односно немаштијата одделно за селото и одделно за градот. Несомнено, дека е потребен општински и меѓуопштински пристап. Притоа, сите новоосновани рурални општини кои произлегоа од поранешните 30 општини, да се третираат во духот на меѓуопштинската соработка. Регионализмот да се сфаќа како географски (а не како политички) поим.

2. Да се утврдат валидни и релевантни параметри за сиромаштијата, односно немаштијата и мерки за нивното ублажување.

3. Да се проучат и евентуално искористат определени компаративни искуства, пред сè оние од далечната континентална Кина (таму каде што најмногу вирее оризот, но и други агро-култури кои беа својствени на македонското поднебје) при конципирањето на Националната програма за ублажување на сиромаштијата.

На крајот да додадам еден слоган:

- "Сиромаштијата - немаштијата на село е бела, а во град - на тратоарот е црна!"

**Катерина Ношпалоска,**
**Правен факултет, Скопје**

**Стојан Трајанов,**
**Министерство за труд и социјална политика, Скопје**

# НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕРКИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Во процеост на транзиција Република Македонија се соочи со социо-економски промени како што се опаѓање на вработеноста, зголемување на невработеноста, опаѓање на реалните плати и пензии, зголемување на бројот на корисници на социјална помош, зголемување на вработувањето во неформалниот сектор и зголемување на емиграцијата. Сето тоа придонесе да се зголеми стапката на сирмаштија на населението во Македонија.

Околу 20% од вкупното население во Македонија живее под официјалната граница на сиромаштијата, со минимум на средства за живот. Сиромашните во Македонија се домаќинства со помалку од 60% од медијалниот (средниот) семеен доход (официјалната граница на сиромаштијата изнесува околу 75 американски долари , според цени од 1996 година).

Две третини од сиромашните домаќинства живеат во руралните подрачја под многу лоши животни услови. Најголем дел од овие домаќинства се со ниско образование, социјално изолирани и со повисока стапка на смртност.

Меѓу најсиромашните рурални семејства спаѓаат старите лица, кај кои единствени приходи се социјалната помош и ниската пензија. Стапката на сиромаштијата во руралните подрачја изнесуваше во 1996 година 25,7%, а во 1998 година 25,1%. Заради споредба во Скопје во 1998 година, околу 13,5% од населението беа сиромашни додека во другите градови во Републиката стапката на сиромаштијата изнесуваше 21,5%.

Во периодот 1996 - 1999 година се забележани значајни промени во структурата, профилот и локацијата на сиромаштијата во Македонија. Стапката на сиромаштија во овој период е зголемена од 18,1% во 1996 година на 21,3% во 1999 година, додека т.н индекс на јазот (длабочината) на сиромаштијата порасна од 3,9% во 1996 година, на 5,7% во 1999 година.

Стапката на сиромаштијата помеѓу старите лица порасна од 12,5% на 14,5% во периодот 1996 - 1999 година.

Кај семејствата со мали деца сиромаштијата се зголемила на 27,5% во 1998 година, што е за 5% повисока од 1996 година.



Сиромашните домаќинства можат да се поделат во три групи и тоа: традиционално сиромашни, ново појавени сиромашни и хронично сиромашни.

Групата на традиционално сиромашни се состои од рурални земјоделски домаќинства кои имаат повеќе од три деца. Оваа група на сиромашни семејства учествуваше со најголем процент и во периодот пред транзицијата.

Во групата на новопојавени сиромашни спаѓаат нископлатените работници, најголем број од невработените лица, пензионерите и примателите на социјална помош.

Во третата група, хронично сиромашни, спаѓаат постари лица без пензиски примања, хендикепирани лица, сиромашни селски домаќинства без постојан извор на доход, инвалиди и други.

Ваквите состојби и тенденции придонесоа за зголемување на сиромаштијата, што се согледува и преку просечниот број на домаќинства корисници на социјална помош кој во последните години постојано се зголемува . Така, од 53.652 домаќинства во 1996 година, бројот на истите во 1999 година се зголемил на 68.087, во 2000 година на 77.309, а во март 2001 година на 78.226 домаќинства.

Што се однесува до корисниците на пензија 60,5% влегуваат во првата група чии износ на пензија е до 6.000 денари во месец април 2001 година.

Влијание врз сиромаштијата има и бројот на вработени членови од домаќинствата, нивните примања и бројот на членовите на семејствата, а особено домаќинствата без ниеден вработен член на семејството или само еден вработен. Од вкупниот број на домаќинства кои имаат само по еден вработен член на семејството во 1997 година 19,2% биле сиромашни, а во 1999 година 21,2%. Домаќинствата кои немаат вработени ниту еден член на семејството од 23,5% во 1997 година се зголемиле на 31,4% во 1999 година.

Најголем ризик од понатамошно осиромашување имаат лицата до 40 години возраст со помало образовно ниво, невработени и со место на живеење во Скопје.

Најранливи групи од населението се невработените лица, домаќинствата со деца до 7 годишна возраст, руралните домаќинства и самечките старечки домаќинства.

Поаѓајќи од институционалната теорија на сектори, претпоставка за согледување на состојбите, трендовите и нивното следење потребно е да се направи социјална карта на секое домаќинство во Републиката, како основа и приоритет во изработката и импелементација на Националната стратегија на намалување на сиромаштијата, со метод на стратификација на домаќинствата и со приоритет на опфат на домаќинствата корисници на социјална помош.

Во функција на спроведување и унапредување на системот на социјална заштита во Република Македонија и поцелосна и подоследна примена на Стратегијата за намалување на сиромаштијата, потребно е да се утврдат и применат конкретни мерки за поголема и поефикасна заштита на старите лица, на децата и на ранливата група на население, заради намалување на сиромаштијата, што е и основна цел на овој труд.

Според експерти на ООН, доколку учеството на населението старо 65 години и е над 7% станува збор за земја со старо население. Во Република Македонија според пописот на населението од 1994 година, учеството на населението старо 65 и повеќе во вкупното население е 8,7%, во 2020 година во Република Македонија, учеството на ова население ќе се зголеми на 15%.

Поаѓајќи од овие факти, мерките на социјалната политика треба да бидат насочени во функција на обезбедување на сигурноста на доходот изразена во плата, пензија, социјална помош.

Мерките за повисок економски и социјален развој и структурните реформи кои треба да имаат превентивно и директно влијание врз намалувањето на сиромаштијата се насочени кон:

- порастот на извозот и зголемување на инвестициите;
- реформите во пазарот на трудот и во социјалниот сектор;
- подоброто вреднување на трудот;
- реалниот пораст на платите и редовноста во исплатата на платите и придонесите на плата;
- утврдување на најниска плата која ќе обезбедува материјална и социјална сигурност според реалните трошоци на живот;
- намалување на бројот на работоспособните корисници на социјална помош, преку поттикнување и создавање услови и можности за нивно вработување, со подготовка и финансиска поддршка на проекти кои обезбедуваат вработување на ова категорија лица, нивно ангажирање во јавни работи, вклучување во системот на обука, преквалификација и доквалификација, со приоритет на поддршка на проектите кои нудат поголеми можности за вработувања на лицата од ризичните групи, на жените и на корисници на материјални права;
- поттикнување и поддршка за нивно вклучување во отворање на семејни бизниси, мали и средни претпријатија вклучување со соодветни даночни, царински и други бенифиции.

Конкретните мерки во системот на социјалната заштита треба да бидат насочени и кон:

- проширување на мрежата, нејзина соодветна територијална разместеност на новите и постојните капацитети на установите за згрижување на старите лица, со мрежа на формирање на центри и други сервиси за обезбедување на поквалитетни и поефтини услуги на старите лица згрижени во домови и воопшто за старите лица кои живеат во урбаните и руралните средини;
- воспоставаување на систем на мерки на хуманитарно дејствување со поадекватна мрежа на институции, хуманитарни организции, здруженија и граѓани, со поголемо вклучување и учество на млади лица, во функција на обезбедување помош на старите лица за неопходните потреби од храна, лекови и др;
- подобрување и унапредување на системот на здравствена заштита на старите лица унапредување со подобро организирана и распоредена мрежа на здравствените и социјалните служби, подобрување на квалитетот на здравствените услуги и на бенифиициите на оваа област со партиципација на државата во здравствената заштита на овие лица;



- поттикнување и стимулирање за основање на сервиси и служби со одделни бенифиции за подготовка и дотур на храна за стари лица;
- поттикнување, подготовка, поддршка и реализација на програми за помагање на специфичните ранливи групи на населението, кои ќе значат дополнување на минимално - заштитното ниво на бенифициите со отворање на дневни центри за времено згрижување и престој на хендикепираните лица, со мерки за подобрување на мрежата, капацитетите и условите на установите за згрижување на овие лица;
- формирање на социјален фонд за обезбедување и насочување на средствата порамномерен распоред и насочување кон најсиромашните домаќинства во руралните средини и другите лица кои немаат средства за живот;
- организирање на Центар (агенција) за давање на специјализирана помош и услуги во подготовката на проекти со кои се создаваат услови и можности за конкретна имплементација на наведените мерки и на проекти и програми во насока на реализација на наведените цели, со приоритет на проекти насочени кон ризичните ранливи групи на население, заради намалување на сиромаштијата.

Остварувањето на овој систем на мерки во областа на социјалната заштита на населението бара организиран и координиран систем на активности и мерки на институциите на системот на социјална заштита на централно и локално ниво, нивна поголема меѓусебна соработка, соработка на владините и невладините организации, на хуманитарните организации и граѓаните

Системот на мерки во областа на социјалната заштита треба да биде во функција на остварување и афирмација и на уставните принципи и начела, според кои Република Македонија се декларира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава која се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, за законските и други прописи и за меѓународните норми што се однесуваат на системот на социјалната заштита.

**Славејко Сасајковски,**
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје**

# ИДЕОЛОШКО - ПОЛИТИЧКИТЕ ДЕТЕРМИНАНТИ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Знам дека за оваа дискусија ни приближно го немам на располагање оптимално потребното време за барем во некаква елементарна заокруженост да го елаборирам проблемот што го дефинирам во насловот поради што таа во стварност претставува само рамковно нотирање на предметната проблемско-тематска структура.

Суштественото јадро на тој предмет, навистина по малку симплифицирано зборувајќи, практично се концентрира околу нужноста пред која е исправена РМ да мора да соработува со "Бретон - Вудските близнаци" - ММФ и СБ, како и со нивната доста помлада "сестра" СТО. Поконкретно зборувајќи, спомнатата суштина се исцртува преку идеолошкиот модел кој што како тотално цврста базична детерминанта го прифаќаат ММФ и СБ, како и СТО. И, уште поконкретно, таа суштина во стварност претставува апсолутно тврдо и решително идеолошко оптирање кон десно-капиталистичката идеолошка и идеолошко-политичка алтернатива (онаа либералната, односно неолибералната, во контекст на персонална симболика позната како "Тачеризам" и "Регономика"), а не кон лево - капиталистичката идеолошка и идеолошко - политичка алтернатива (онаа социјалдемократската).

Неолиберализмот (поконкретно, идеолошките премиси и практичната политика на ММФ и СБ, како и СТО), што за нас е посебно важно во контекс на темата на овој научен собир, во своето идеолошко проседе при моделирањето на економските системи и на конкретни економски политики се определува за примат на економски цели кои по својата природа се длабоко монетарни, поточно монетаристички. Тие цели, попознати како детерминанти (или сидра) на макроекономската политика треба да обезбедат макроекономска стабилност, примарно сфатена и дефинирина како монетарна стабилност. Оваа определба својата генеза ја има со неолибералниот идеолошки третман на инфлацијата како врв на монетарна и воопшто на економска нестабилност, односно како најголемо можно општествено зло. И, за да се елиминира тоа најголемо општествено зло, ако е тоа нужно,



дозволиво е и сосема е прифатливо во определен рационално долг временски период да се поднесе (како помало општествено зло) евентуално и жртвата на рецесијата, како и на зголемувањето на невработеноста и воопшто на социјално - економската депресија.

Суштината на оваа макроекономска платформа, односно на нејзината идеолошка матрица, се наоѓа во определбата дека монетаристички одредената макроекономска стабилност претставува најплодоносна основа за бурен стопански растеж. Значи, според ова гледање, не само што апсолутно нема никаква потреба од своевидно "допингување" на стопанскиот растеж преку "социјалдемократскиот "концепт на" развојна инфлација", туку тој лево - капиталистички концепт има третман на најголемо можно економско / стопанско, и воопшто општествено зло. (Нео)либералната вистина како своја еманација ја има "догмата" дека монетаристички фундираната макроекономска стабилност нужно и иманетно (значи природно, без било какви хетерономни економски "вијагри") мора да продуцира стопански развој, со кој потполно ќе бидат неутрализирани првичните и краткорочни негативни резултати предизвикани како "колатерална" штета од спроведувањето на мерките (процесот) на воспоставување на ("монетаристичка") макроекономска стабилност.

Во овој контекст, само да ве потсетам, а воедно ова нека послужи и како практична илустрација и како своевидна аргументација за доминацијата на (нео)либералната идеолошка парадигма во современиот свет ("крајот на историјата" во ликот на нелибералната демократија - Ф. Фукујама), кога се работи за прогресивниот процес на европската интеграција дека монетарната унија има квалитативно највисок можен статус на економска интеграција, (многу повисок на пример од претходната европска царинска унија), и симфонично со тоа условите кои државите членки на ЕУ мораат да ги исполнат за да влезат во проектот на Европската монетарна унија имаат длабоко монетарна (односно монетаристичка) природа. Значи, тие услови се од десно-капиталистичкиот (неолибералниот) идеолошки комплекс (плафонирање на инфлацијата, на буџетскиот дефицит, на јавниот долг и на каматите, како и двегодишна стабилност на националната валута во механизмот на девизните курсеви на валутите на земјите членки на ЕУ) .

Ова јасно кажува дека како квалитативно највисок врв на европското интегрирање не се визионираше и не се проектираше некој концепт и некој модел што би се фундирале на темелите, целите и условите кои имаат лево - капиталистичка (социјалдемократска) природа. Како на пример: определен раст на домашниот бруто производ (ако треба стимулиран и преку социјалдемократскиот идеотипски концепт на "развојна инфлација"), па плафонирање на стапката на невработеност, плафонирање на стапката на сиромаштијата и слично.

Своевиден парадокс е тоа што ваква (нео)либерална политика беа принудени да водат влади на земји членки на ЕУ формирани не само од страна на социјалдемократски партии, туку и влади од земјите членки на ЕУ формирани од страна на партии кои идеолошки се атрибуираат како социјалистичко - работнички (на пример: ПСОЕ во Шпанија, ПАСОК во Грција, португалските социјалисти). Така се роди и, повеќе практичен отколку теориски, концептот на Третиот пат или на Новиот центар кој што,



Friedrich-Ebert-Stiftung Bonn

најгенерално зборувајќи, претставува обид да се води и неолиберална економска политика и во исто време тотално да не се поткопаат темелите и придобивките на европската Социјална држава, или Држава на благосостојба.

Кога се зборува, и тоа строго во идеотипски рамки, за современата доминантна европска идеолошка дивергенција-либерализам наспроти социјалдемократија, мора да се нотира дека фундаменталната разлика меѓу нив треба да се бара во нивното прифаќање и нивниот третман на принципите на индивидуализмот на колективизмот, односно таа фундаментална идеолошка разлика треба да се бара во дефинирањето не толку на функциите на државата колку во нивното димензионирање. И, во крајна линија, сите современо-капиталистички теориски и практично - политички дивергенции и колизии се сведуваат/се сублимираат во различното сфаќање и определување во однос на неолибералистичкиот теориски и политичко - практичен диктат на сеопшта општествена либерализација и индивидуализација/приватизација (а пред со областа на економската општествена сфера), еманирана преку одземање или редуцирање на државните функции и прерогативи и нивно транспонирање на разновидни "недржавни" /приватизирани/ приватни органи, тела, институции, друштва и сл. Сето ова на одреден начин може да се сублимира во "догмата" за "ефтина" држава, држава која нема да има потреба (благодарение на редукцијата на нејзините функции, и како пакет на функции и како димензионираност на надлежности на секоја државна функција пооделно) преку фискалниот систем и фискалната политика да ја декуражира приватната / индивидуаланта иницијативност и активност, туку напротив нив ќе ги стави во средиштето на целокупната социјална динамика и, посебно, ќе ги дефинира како основни и решавачки демијурзи на прогресивниот општествен развој. На тој начин целосно респектирајќи ја и имплементирајќи ја либералистичката "догма" за местото, улогата и функцијата на до крајни можни граници развиените (дозволените) можности на либерализираниот пазар, и тоа не само во границите на она што се нарекува национална економија /национално стопанство, туку, уште повеќе, сето тоа лоцирано во еден глобален/планетарен контекст. Впрочем токму тоа е и една од најсуштествените компоненти / димензии на процесот на глобализација / мондијализација.

Кога станува збор за функциите на државата и за нивната димензионираност во услови на (нео)либерална економија, најгенерално зборувајќи, би рекле дека тој функционален комплекс би можел некако да се сублимира на овој начин (фактички пресликувајќи ја реалноста, не заборавајќи ја нејзината суштинска идеологизираност): одржливо воспоставување на (нео)либералистички (фундаментално монетаристички) дефинирана макроекономска стабилност; конституирање и оптимално потребно функционирање на правен поредок врз база на целосно почитување на (нео)либералистичките функции на пазарот и пазарните законитости, и креирање на државни институции нужни за обезбедување на сето тоа; рационален и прагматичен (значи крајно нужен) државен интервенционизам за обезбедување на нужното ниво на социјална заштита (солидарност), тогаш и таму каде што негативните ефекти на (нео)либаралистичката економија (и воопшто целокупниот општествен живот) во значајна мера



реално ќе се заканат на општествената интеграција и кохезија, односно реално ќе се заканат во насока на делигитимирање на (нео)либералистичките општествени вредности.

Во ЕУ на највисоко можно ниво се третира проблемот на регионалното заостанување во општествениот развој, па ако сакате пословодно кажете го тоа и: регионална сиромаштија, и во таа смисла постои Фонд за регонален развој, а во составот на ЕК постои комесар, или министер, за регионален развој.

Во овој контекст, а имајќи ја во предвид и темата на овој научен собир, да потенцирам дека кога станува збор за проблемот на социјалната заштита и посебно за проблемот на сиромаштијата (нео)либералната идеологија налага индивидулистички приод базично третирајќи ги така сите општествени феномени.

Неолибералната идеолошка позиција подразбира и тоа дека сиромаштијата како социолошка и социо - економска категорија е грижа на поединецот. Сиромаштијата станува државна грижа тогаш кога е продукт на индивидуална биолошка и психолошка хендикепираност, и што е посебно битно да се потенцира, тогаш кога ќе добие такви димензии со кои што станува генератор и носител на елементи на системска дисфункционалност, односно тогаш кога ќе треба да се превенира загрозувањето на самите институции на политичкиот систем на либералната демократија, воопшто: тогаш кога сериозно ќе биде загрозено оптимумот на социјална интеграција и кохезија.

Ваквиот реален статус на неолибералната идеологија го поттикна Даниел Бел уште во 1965 година да го објави делото "Крај на идеологијата", а подоцна и Френсис Фукујама да го објави делото "Крајот на историјата и последниот човек", со основна сугестија и во двете дела, дека либералната идеологија во стварност значи крај на идејниот и идеолошкиот натпревар со тотална и крајно јасна и очигледна победа на либералната идеологија. Планетарната дифузија на (нео)либералната идеологија, односно на (нео)либералната демократија, всушност е конотативната структура на процесот на глобализација, или мондијализација, или вестернизација, со сите компоненти на тој процес (политичка, економска, технолошка, социо - културна и сл).

Во оваа смисла, и модерната политичка теорија и практика доминантно се дефинираат во прагматски контекст, односно политиката теориски се концептуализира и практично се моделира преку темелните столбови на прагматизам, рационализам, утилитаризам и телеологизам, значи, со целосна маргинализација на идеолошките проседеа, посебно при моделирањето на практичниот политички ангажман.

Сето ова кажано важи и во случајот на соработката на РМ со ММФ и СБ (како и во врска со условите што треба да ги исполни доколку сака прием во СТО) се разбира и во рамките на барањето на можните решенија за намалување на сиромаштијата во РМ. Крајно е јасно и очигледно дека таа соработка нема да биде можна ако од страна на Владата на РМ бидат предлагани решенија кои не ги почитуваат неолибералните идеолошки премиси, односно доколку се предлагаат решенија кои се на линијата на "скапата" држава, држава која има високодимензионирани надлежности,

држава која на било каков начин ги дерогира неолибералните "догми" на (пред сé): индивидуалистичкиот приод кон општествената организација, структура, интеграција и кохезија; и, на апсолутна примарност и протекција на приватната сопственост и иницијативност, едновремено и паралелно, се разбира, со реализацијата на процесите на либерализација / дерегулација.

И доколку овој научен собир предложи такви решенија кои ќе бидат спротивни или во несогласност со (нео)либералистичките ставови на ММФ и СБ, како и СТО, нема да имаат никаква практична употребна вредност. Освен ако, евентуално, Владата заклучи, што е крајно нереално да се очекува, дека не и треба соработка со ММФ и СБ. Спомнатата нереалност не се однесува само на постојната влада туку и на Влада што евентуално во блиска или подалечна иднина би била формирана од страна на сегашната опозиција.

Сакам да потенцирам, дека во однос на основната функција на ММФ, како гарант на глобалната монетарна стабилност, имаше дивергентни ставови и во врвот на Фондот. Така, доскорешниот главен економист на Банката, Александар Штиглиц поднесе оставка поради неприфаќањето на неговата визија за парцијална трансформација на Фондот во насока која конотира преземање од страна на Фондот, заедно со СБ, и на развојна функција, односно задолжение на Фондот да се грижи и за намалувањето на јазот меѓу богатите и сиромашните држави. Да кажам дека на таа позиција беше и кандидатот за директор на ММФ Кајо Кох-Весер (германски заменик министер за финансии и долгогодишен експерт на СБ) , и токму заради таа позиција дојде до американското вето на неговиот избор. А, зборувајќи малку иронично, актуелниот директор на Фондот Хорст Келер редовно во своите јавни настапи, особено во неговите интервјуа, и тогаш кога за тоа не го прашуваат, "грми" дека тој не се залага за менување на постојната функција на Фондот кое би конотирало внесување во неговиот функционален комплекс на некои функционални елементи /компоненти/ димензии кои би ја нарушиле неговата (нео)либералната фундираност и конфигурација.

На крај, да потенцирам дека оваа моја дискусија нема ама баш никаква вредносна ориентација, туку напротив, мојата позиција е чисто позитивистичка. Значи, во неа не е присутно било какво позитивно или негативно определување во однос на спомнатите идеолошки платформи. Едноставно, се трудам на најверен можен начин и ниво да ја констатирам /да ја идентификувам/ да ја дефинирам "тврдата" реалност, токму таква каква што е.



**Илија Ацески,**
**Филозофски факултет Скопје**

# ОСНОВИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Повод: Интерим верзијата на Стратегијата за намалување на сиромаштијата

Прво, основите на стретегијата за намалување на сиромаштијата се издигаат врз концептот за развојот на Македонија, кој е стратешки јасно дефиниран во неколку клучни документи, се мисли пред сé, на долгорочната Стратегија за економскиот развој до 2020 година и на Програмата за економски реформи и развој во Македонија 2003 год. Во овие документи намалувањето на сиромаштијата во принцип се третира во рамките на севкупниот развој: по голем и по динамичен развој помал процент на сиромашни, што не треба да се разбере дека во отсуство на јасно дефинирана стратегија за намалување на сиромаштијата, тоа автоматски ќе значи и нејзино намалување. Тоа треба да значи дека развојот, се мисли пред сé, на економскиот развој, пропорционално или соодветно да биде следен од динамиката на намалување на сиромаштијата. Стратегијата за намалување на сиромаштијата треба да биде резултат, пред сé, на сознието дека активностите на државата треба да бидат фокусирани кон намалување на сиромаштијата, не само начелно, декларативно, или во некоја разбирлива сама по себе ситуација која произлегува од состојбата дека со подинамичен развој во исто време ќе дојде и до реално намалување на сиромаштијата, што логички може да се разбере, а што не мора да се случи. Може и обратно: да дојде до понатамошно продлабочување на сиромаштијата во насока на продлабочување на јазот меѓу богатите и сиромашните, на многу богати и многу сиромашни, што фактички денес и се случува. Паралелноста на процесите на развојот и растот и намалувањето на сиромаштијата, во себе не би требало да ја вградуваат идејата за егалитарност во нејзиниот прост, вулгарно-материјалистички вид, туку треба да ја потенцираат нееднаквоста во нејзината творечка димензија.

Второ, сиромаштијата во Македонија процентуално, во релативна смисла, денес опфаќа околу 20% од населението. Процесот на масовното осирмашување започна во почетокот на деведесеттите, а кулминираше во

средината на деведесеттите години, односно во периодот на радикална трансформација на системот, низ процеси на една мирна плиширана револуционерна промена и период кога требаше да се зацврсти системот на позитивната вредносна ориентација и енергија за заживување на новите институции формирани околу пазарната економија и повеќе партискиот систем. Економското осиромашување на населението започна сериозно да им ја одзема душата на промените во насока кон посакуваните цели. Борбата против сиромаштијата не е само индиректна борба за поправеден систем и хуман однос кон оние кои не се во состојба да живеат подостоинствено, туку и диреква акција за афирмација на вредностите на новиот систем - кој, најголемиот дел од луѓето во 90-те години го разбираа како поправеден, поефикасен и почовечки. Имајќи го тоа предвид, стратегијата за борба против сиромаштијата во суштина е, и/или треба да биде, длабоко економски фундирана, каде целта е јасно дефинирана без идеолошка обвивка: дека секој способен човек, посебно оние кои се стручно подготвени, да добие можност да работи и создава материјано богаство, а оние кои не се во состојба тоа да го прават, а немаат услови за еден подостинствен живот да го добијат од државата потребниот минимум за живот, во согласност со потребите кои се неопходни. Дека промените по деведесеттите години не се фикција и измама, дека земјите во транзиција не тргнале по погрешен пат, говорат охрабрувачките резултати од некои земји во транзиција каде денес, по десет години од пропаста на социјализмот, вработеноста е сведена во нормални граници, сиромаштијата е драстично намалена, стандардот многу повисок, иднината на луѓето загарантирана.

Трето. Кога ќе го погледнеме профилот на сиромаштијата во Македонија, нејзините карактеристики, ќе забележиме дека меѓу сиромашните, покрај оние кои поради природата на законите да се биде сиромашен е разбирливо, се наоѓа и еден дел, кои поради низа транзициони причини, не би требало да бидат: невработени, земјоделци, работници - технолошки вишок, кои се жртви на структурните промени. Во суштина, во Стратегијата треба да се подвлече јасна линија меѓу сиромашните кои се жртви на транзицијата за кои единствениот излез е во продуктивно ангажирање, дека само со работа можат да излезат од кругот на сиромашните, и оние за кои помошта од страна на државата е единствениот начин за да се справат со неа, односно колку толку да живеат нормално. Државата мора да ги изостри критериумите за тоа кој навистина е сиромашен и на кого му треба помош, парична или некоја друга, и на кого му треба помош продуктивно да ги решава проблемите, да создава услови, што се чини оправдано за една стратегија која се обидува да биде реално остварлива и што е најважно да доведе до посакуваните цели - да ја намали и сведе во нормални рамки.

Четвртата димензија во стратегијата против сиромаштијата е содржана во оние сегменти, сфери или фази од човековиот живот кога помошта е неопходна за излез од кругот на сиромаштијата на подолг рок - во сферата на образованието, особено за оние деца, ученици или студенти, кои се истакнуваат со својот талент, а се од сиромашни семејства, во унапредување на условите во образованието во оние средини, најчесто селски, неразвиени региони каде изедначувањето на условите за образование е еден од важните услови за создавање на поправедно општество.



Државата мора да биде доследна во реализацијата на оние проекти кои значат, пред сѐ, изедначување на условите за живот, а кои произлегуваат од цивилизациските придобивки воопшто, како што се чистата вода за пиење, амбуланта, асфалт, сообраќајни врски, телефон и слично. Најзначајниот дел од стратегијата треба да се базира токму врз тоа начело - приближување на условите за живеење на сите категории од населението, без разлика, каде живеат, на која национална група припаѓаат, каков еконимски статус имаат и слично. Колку политиката во овој момент е на вистински пат, тоа за кратко време ќе го покажат практичните резултати.

Петтата димензија во сферата на формирање на една реална стратегија за намалување на сиромаштијата, за која Македонија го нема потребното искуство се однесува на системот на мониторинг и евалуација на активностите во таа насока, односно на улогата на цивилното оштество. Идејата на Светската банка се чини е сосема јасна кога претпоставува дека успешноста на борбата за намалување на сиромаштијата се базира и врз активното учество на граѓанското општество, главно низ активностите на невладините организации но и со активно учество на претставници на сиромашните, со што ќе се обезбеди потребната транспарентност на целиот процес. Успешната реализација на стратегијата за намалување на сиромаштијата, во исто време ќе значи и еден голем чекор напред во развојот на граѓанското ооштество - во оние сегменти (подрачја) каде активностите не би можеле да се замислат, ако во нив не учествуваат невладините организации, кои имаат можност да се зацврстат, граѓаните и сиромашните. Тоа е процес кога државата започнува да заслабнува на сметка на развојот на граѓанското општество, што е вистински пат кон повисоки облици на демократизација, и не само тоа, туку и вистинска брана против злоупотребите на власта, процес кој овозможува поголема контрола врз активностите на државата, поголема транспарентност. Да резимирам: сиромаштијата во Македонија ја познаваме доволно, во сите нејзини елементи, можеби не во една продлабочена, социолошки и економски фундирана анализа. Доволно ги познаваме причините зошто доаѓа до сиромаштија, со едно поразително сознание за високиот процент на невработени меѓу сиромашните. Се чини дека доволно ги познаваме и начините за нејзино намалување. Колку-толку за неа постојат стручни и научни расправи. На сето тоа би додале, дека и државата вложува големи напори, за нејзино намалување, за што добива поддршка и од меѓународните финансиски институции и донатори.

**Душан Бубевски**
**Институт за социолошки и политичко - правни истражувања-Скопје**

# НЕКОИ ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА СИРОМАШТИЈАТА

Ќе се обидам да бидам краток. Сиромаштијата ќе ја анализирам главно низ четири содржини:

1. **Сиромаштијата и исхраната (потрошувачката кошничка);**
2. **Сиромаштијата и домувањето (заедно со опременоста на домаќинствата со технички средства и електронски уреди;**
3. **Сиромаштијата и облекувањето (обувањето); и**
4. **Сиромаштијата и образованието**

### А) Историски аспекти на сиромаштијата

За да ни биде појасна денешната сиромаштија, ќе се обидеме сосема накратко да кажеме неколку збора за сиромаштијата во минатото до каде што се јасни нашите сеќавања, а ќе наведеме и некои показатели од печатени извори.

Во Кралството Југославија, на економски план најексплоатирани беа работниците, кои ги имаше во незначителен број и само во поголеми градови, и бедните селани, кои всушност го сочинуваат најголемиот дел од македонското население. Ниските надници на работниците одвај ја овозможуваа репродукцијата на нивната работна сила, додека пак евтините селско-стопански производи и непостоењето на побројно чисто градско население од неземјоделска дејност кое ги конзумира земјоделските производи, ја влошува уште повеќе и без тоа лошата економска положба на мнозинството селани, кои, покрај живеењето на границите на животниот минимум, не успеваа да ги исплатат разните порези (даноци) и прирези (дополнителни општински даноци) што безмилосно им ги наметнуваше државата, иако за таа честопати ја продаваа единствената крава, последното јагне и јаре, а во извесни случаи дури и последната кокошка и јајце.

Селаните, односно земјоделците, мораа не само да ги плаќаат високите порези и прирези, туку беа принудени по необично високи цени да ги купуваат индустриските производи без кои не можеа: солта, шеќерот, газието за осветлување, шарлагонот за празничните денови во долгите пости, памучната преѓа ("индигото") за ткаење на платно за долна и горна облека, гумените опинци за носење во празничните денови (во обичните денови тие носеа опинци од неострижена свинска, говедска или коњска кожа), најосновниот примитивен земјоделски алат: копачи и мотики, поплочници за дрвените рала, плугови, српови, коси, самари за коњите,



запрежни коли и др. Исто така, тие мораа да плаќаат релативно високи цени за здравствените услуги, за услугите на попот, за учебниците и тетратките на децата, итн.

Работничката класа во тоа време речиси и да не постоеше на територијата на Македонија. Вкупниот број на вработените во индустријата и рударството во 1940 година во Македонија изнесувал 10.853 работници, од кои најголемиот број биле вработени во тутунската индустрија, во таканаречените монополи (7.210 или 66,43% од вкупниот број на вработените).

Во другата индустрија и во рударството на територијата на Македонија биле вработени само 3.643 лица, кои во соодветниот вкупен број вработени во Кралството Југославија вон од тутунската индустрија (196.930 работници) учествувале едвај со 1,8% од кои 0,6% отпаѓале на рударството.

Големите понуди на работната сила, а малите можности за нејзиното вработување, ја урнваа нејзината и без тоа ниска цена. Меѓутоа, слабата продуктивност на трудот во постојните претпријатија, и покрај сосема ниската цена на работната сила, не им овозможуваше на капиталистите да собираат поголеми средства за проширена репродукција.

Од друга страна, странските капиталисти, кои и самите не располагаа со доволно капитал за извоз, не беа заинтересирани во предвечерието на Втората светска војна да го вложуваат својот капитал во несигурното балканско подрачје, на кое се вкрстосуваа интересите на големите сили. Сиве овие околности значително придонесоа за економската стагнација на Кралството Југославија како целина, и на Македонија посебно.

Во времето на бугарската окупација (1941-1944 година) економската (политичката) состојба во Македонија уште повеќе се влоши. Вардарска Македонија беше меѓу Бугарија и Италија, снабдувањето со леб беше рационализиарано, односно со бонови ограничено на 150 грама по човек. Се чувствуваше голем недостиг од сите видови прехранбени производи, па и недостиг на сол, поради што контрабандисти на товарени коњи носеа сол дури од Солун и ја продаваа по високи цени на македонскиот пазар.

Во времето на бугарската окупација особено недостигаа штофови за изработка на горни алишта. Неколкуте топови штоф што беа дистрибуирани кај трговците, беа изработени од развлечени парчиња и поради тоа беа неквалитетни и краткотрајни, а се делеа со посебно одобрение на таканаречениот општински комесар. Чевли и гумени опинци речиси и немаше на пазарот, па луѓето најчесто носеа опинци од неостижана кожа.

Во првите години по ослободувањето се чувствуваше голем недостиг на прехранбени производи, на текстилни производи и на производи од кожа и гума.

Заради тоа беа воведени посебни точки и бонови за снабдување на населението.

За жал, со формирањето на селските работни задруги (СРЗ) во 1948 година, во кои присилно беа внесувани земјата и сточниот фонд, економската состојба на населението уште повеќе се влошува. Во услови на недостиг на механизација (трактори, и други земјоделски машини) земјоделското производство се намалуваше. Во најтешка состојба се најдоа

задругарите кои имаа мали деца, односно немаа возрасна работна рака за стекнување на трудови денови.

Во такви услови сточниот фонд се намалуваше, овчарските стада беа поткрадувани од волци со две нозе. Кога политичкото раководство на Југославија се убеди оти со селските работни задруги не иде (1953 година) - тие беа расформирани.

После овие напомени, кои, за жал, се развлекоа повеќе отколку што ги бевме замислиле, да се вратиме на предметот на нашата анализа.

### 1. Сиромаштијата и исхраната

Според наводите на д-р Петре Георгиевски во учебникот **"Социологија"** (изд. "Студентски збор", Скопје, 1998, поконкретно, дел IX **"Структура на општеството"**). Во англосаксонските земји, особено во САД, постои официјална дефиниција на сиромаштијата. Имено, "како сиромашни се сметаат лицата кои не располагаат со сума на неопходни средства, дефинирани априори како добра и услуга", "Кошничката" чија вреденост овозможува да се дефинира сиромаштијата во САД е составена од прехранбени продукти. **Прагот на сиромаштијата е дефиниран како трипати поголема вредност на оваа кошничка;** таа е сумата на пари за којашто легално е проценето дека овозможува да се добие едно задоволувачко рамниште (ниво) на живот. Коефициентот помножен со три е резултат на многу стари проучувања коишто овозможиле третина од буџетот на едно средно домаќинство да се користи за прехранбена потрошувачка.

Повикувајќи се на Републичкиот завод за статистика, Георгиески наведува дека во јуни 1995 година вредноста на кошничката за исхрана и пијалаци изнесувала 9.501 денар, а просечната плата 8.625 денари. Според наведените критериуми, прагот на сиромаштијата изнесувал 28.503 денари, односно на семејствата кои имале приход од една просечна плата, до прагот на сиромаштијата им недостигале 19.878 денари, или уште 2,3 просечни плати.

Ако се има предвид дека во поголемиот број семејства во Република Македонија, ниту во 1995 година, ниту денес (2000-та година) - не влегувале и не влегува просечна плата, тогаш сосема е јасно дека огромното мнозинство од семејствата во Македонија живее под прагот на сиромаштијата, кој е рамен на сумата од три потрошувачки кошници.

### 2. Сиромаштијата и домувањето

Како што е познато после вработувањето, најважен атрибут за еден млад човек кој со сите права и обврски влегува во животот, е обезбедувањето со стан или куќа. За жал, многу е тешко да се утврди поседувањето на стан или куќа, и колку соодветствува на бројот на домаќинствата, како економски единици. И не само поради тоа што во еден стан или куќа можат да живеат повеќе домаќинства, туку и поради тоа што едно домаќинство може да поседува неколку станови или куќи.

Исто така, и опременоста на становите и домаќинствата со електрични средства, електронски уреди, може да биде различна. Вчера слушнавме дека со едно истражување на беровсксите села, се дошло до



сознание дека околу 30% од домаќинствата живеат во несоодветни трошни куќи.

Со истражувањето **"Влијанието на индустријализацијата врз социјалните процеси и промени на село во Република Македонија"** спроведено во првите години на оваа деценија во неколку (поголеми) селски населби, можевме да дознаеме интересни показатели за опременоста на домаќинствата на село.

Од вкупно анкетираните 580 глави на домаќинствата, 91,0% изјавиле дека поседуваат електрични шпорети, 94,1 поседуваат фрижидери, 80,5% дека поседуваат замрзнувачи, 41,4% поседуваат телевизор во црно бела техника, но дури 70,7% телевизор во боја.

Машина за перење на долна облека поседувале 54,3%, значително помалку од фрижидери, што е сосема разбирливо ако се има предвид дека за машина за перење алишта е потребна водоводна инсталација, а некои од анкетираните села не располагале со водоводна мрежа.

Дури 50% од анкетираните глави на домаќинствата поседувале патничко возило, а 55,0% телефонски приклучок.

### 3. Сиромаштијата и облекувањето

За облекувањето и обувањето статистичката служба не води посебна евиденција. Меѓутоа, од она што го гледаме дури и во најсиромашните села, можеме со сигурност да тврдиме дека луѓето од времето на Кралската Југославија (српската окупација), и особено од времето на бугарската окупација и од првите десетина години по ослободувањето, со право можат да им завидат.

### 4. Сиромаштијата и образованието

Денеска, ако основното образование е бесплатно, а средното речиси бесплатно, сведоци сме дека високото образование за значителен број студенти (на некои факултети над 50%) стана високо платено (на некои факултети и преку 2000 германски марки за година).

Професорите речиси на сите факултети, наместо да бараат од државата да бидат подобро платени, воведоа висока школарина дури и за учениците кои средното образование го завршиле со одличен успех.

Се поставува прашањето: колку од денешните професори на факултетите ќе дојдеа до факултетска диплома, ако мораа за своето школување да плаќаат висока школарина?

Се поставува и едно друго прашање: колку од учениците што го завршиле средното образование, поради сиромаштија- нема да го продолжат образованието, иако се способни и доволно трудољубиви да завршат факултет?

**Лилјана Јанкуловска,**
**Потпретседател на Советот на ССМ**

# ДАЛИ ПОСТОЈАТ МОЖНОСТИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Присуството на овој Научен собир за "Тенденциите на сиромаштијата и можности за нејзино намалување" е ретка можност да се проговори за сиромаштијата во нашата држава која, за жал, сè повеќе не опкружува.

Искрено го поздравувам овој Научен собир кој е доста значаен и мислам дека за сиромаштијата не треба да се молчи, туку напротив треба да се говори јасно и гласно бидејќи таа чука на прагот на речиси секоја втора фамилија.

Од она што можам да го видам на овој Собир, ги нема оние кои треба да го слушнат гласот на науката и на другите релевантни фактори, иако се говори за основните егзистенцијални можности на опстојувањето на нашиот граѓанин.

За изнесените податоци според кои во Република Македонија во наредните 3-4 години се очекува намалување на сиромаштијата за 5%, сметам дека е доста оптимистичка прогноза, со која со задоволство би сакала да се согласам, но реалните показатели според мене покажуваат дека тоа нема да биде така. Да појдеме од следните податоци:

- официјално невработеноста во РМ изнесува 36%, а неофицијално 48,9%;
- од ден на ден сè поголем е бројот на невработените од вработените;
- судбината на 15 илјади вработени во 40-те загубари е неизвесна и тие се веќе пред вратата на Заводот за вработување;
- на 6.000 работници ќе им престане работниот однос, според Министерството за правда заради потреби на службата, а со најновите измени на Законот за работните односи, со кои се остварува реформата во јавната администрација;
- стечаите само што не започнале во "Македонка", "Силика", "Годел", "Готекс" и др.
- со процесот на приватизацијата се отпуштени одреден број на прекубројно вработени;
- реформите во пензискиот и здравствениот систем неминовно ќе влијаат на поголеми трошоци од средствата од буџетот, бидејќи реформите реално ќе се остваруваат со високи транзициски трошоци.



Сето ова, како и други податоци, говори за неможноста да се започне со процесот на намалувањето на сиромаштијата во Република Македонија.

Во нашата Република овие промени, кои непосредно влијаат на сиромаштијата, не се од сега. Тие започнаа посилно да се јавуваат уште со прогласувањето на 25 илјади вработени за технолошки вишок од првите загубари во Република Македонија. Некои од работниците заминаа со верба и желба да отворат сопствен бизнис, да вработат свој близок, но што се случи, малкумина успеаа нешто да направат со своите 24 месечни испратнини, а останатите сега се под бироата за вработување чекајќи го својот паричен надоместок со кој не можат да ја обезбедат егзистенцијата на своето семејство.

Покрај ова, во овој временски период се намали и висината на паричниот надоместок, а има најави за уште позаострени критериуми, односно за натамошно намалување на овој паричен надоместок, како во неговата висина, така и во времетраењето. Сето ова секако дека ќе има свое влијание врз реалната можност за зголемување и продлабочување на сиромаштијата кај работниците и граѓаните во нашата држава. Не е за потценување податокот, дека голем број работноспособни граѓани и семејства се издржуваат од пензиите на своите родители.

Голем индикатор за зголемување на сиромаштијата се и исплатата на платите на работниците, кои сè почесто не се исплаќаат и сè се пониски 60% од вработените примаат плата до 200 ДМ. Тука е и проблемот на сè поприсутниот неформален сектор кој што многу негативно влијае на работнот однос на работниците и место работниот однос да биде заснован врз основа на Закон, тој сè почесто се сфаќа како наемен однос. Учеството на сивата економија во бруто домашниот производ според официјалните податоци во Република Македонија е до 37%, но реално сигурно е поголемо.

**Каде е излезот од оваа состојба?**

Секако дека во овие тешки моменти науката треба да го каже и самата своето мислење за тоа, но погласно и со постојани укажувања; зборот на науката да биде достапен до целокупната јавност; власта да почне да ја слуша науката, а во исто време да ја изготви веќе еднаш националната програма за невработеноста во Република Македонија; потребата од донесување на програми за намалување на проблемот на сиромаштијата да се сврти кон развој на економските односи и стопанството; да се донесат програми со кои ќе се отвораат нови работни места, бидејќи само со работа, и само работа, можеме да одиме напред. Сите ние денес и овде, присутни треба да го кренеме гласот против проблемот - сиромаштија, бидејќи таа претставува голем проблем на нашиот работен човек и граѓанин.

**Етем Азири**
**Министерство за труд и социјална политика, Скопје**

# СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И СИРОМАШТИЈАТА

Сиромаштијата во голема мера зависи од економскиот развој. Развиеното стопанство ја познава сиромаштијата како маргинална појава и има можност да ја елиминира. Префрлувајќи се на теренот на Република Македонија можеме да констатираме дека недоволно развиеното стопанство значително создава услови за зголемување на сиромаштијата.

Иако стагнацијата и опаѓањето на стопанската активност почна од 1980 година, сепак драстичното опаѓање на производството почна од 1990 година со промената на економскиот и политичкиот систем. Во периодот 1990-1995 година реалната стапка на бруто домашниот производ беше негативна, а од 1996 година наваму не ја надмина границата од 3%. Покрај паѓањето на бруто домашниот производ како синтетички показатели на производството во индустријата и градежништвото во текот на овој период се намалуваше и ефикасноста на стопанисувањето, драстично паднаа инвестициите и застана процесот на технолошката модернизација

Како резултат на ниската економска активност, Република Македонија се соочи и со висока стапка на невработеност која што во 1999 година изнесува 32,4%, анкета на работна сила или 41,5% Завод за вработување.

Во структурата на невработени лица се зголемува бројот на нестручните лица и лица кои повторно бараат вработување. Времето на чекање за вработување се зголемува кај лицата од женскиот пол.

Високата стапка на невработеност се рефлектира врз животниот стандард на населението.

Невработеноста, реалното намалување на платите, пензиите и другите социјални примања (70% од вработените примаат плата пониска од просечната плата во Републиката) нередовноста на платите (20% со задоцнување) во најголема мера придонесуват за влошувањето на материјалната и социјалната структура на населението и зголемување на сиромаштијата.

Намалувањето на платите и нередовната исплата, доведе до ограничување на здраствената заштита, нередовна исплата на додатокот за деца, ограничување на образовните и други услови кои порано беа бесплатни.

Остриот пад на реалниот приход на домаќинствата придонесе за пад на потрошувачката, и тоа во однос на 1990 година за 28% во 1996 година. Податоците покажуваат дека најголемо намалување бележат



расходите за образование и тоа во однос на 1990 година за 57% во 1996 година.

Падот на потрошувачката претставува многу значаен индикатор за пораст на сиромаштијата.

Зголемувањето и продлабочувањето на сиромаштијата резултира и со пораст на бројот на корисниците на социјална помош.

Имено, во 1995 година бројот на домаќинствата корисници на социјална помош изнесуваше 58.995, а во септември 2000 година 75.158. Во структурата на корисниците на социјалната помош најголемо учество имаат домаќинствата со невработен член (90%). Од аспект на старосната структура на членовите на домаќинствата, најголем број се возрасните групи 0-13 години - 36% и 26-45 години - 34% (состојба јануари 2000 година).

Од претходно изнесените податоци очигледно е дека постои висок степен на сиромаштија, поради работниот статус на членовите во домаќинството и нивото на приходите.

Кои се излезните решенија:

- Поттикнување на економски растежи и пораст на стапката на вработеноста. За таа цел неопходно е преземање на поактивни мерки, за ширење на можноста за вработување на невработените лица (програми за обуки, преквалификација, подигање на нивото на вештини, подобрување на способноста за наоѓање на работа и слично).
- Во системот на социјалната помош да се внесат само најзагрозените лица, при што центрите за социјална работа треба да се спуштат на локално ниво и да бидат под локалната самоуправа, затоа што на тој начин би добивале поголема информација од страна на локалните институции за локалните потреби на терен.
- Државата мора да ја зголеми успешноста на својата макроекономска политика - кредитна, даночна, надворешно трговско работење. За разрешувањето на проблемот на социјално загрозените случаи, државата треба да делува во областа на кредитната политика со поволни кредити (ниски камати, грејс период), работно да се активира дел од социјално загрозените случаи, но образовани и работно способни.
- Работно ангажирање на корисниците на социјалната помош, што е особено значајно за образованото и способното население. Во тие услови еден дел од корисниците на социјалната помош, кои имаат работна активност и приходи, би се симнале од листата на корисници на социјална помош.

**Оливера Петрова**
**Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје**

# ДВИЖЕЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ВО ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ - СОСТОЈБИ И ПРОБЛЕМИ

Основна цел на оваа анализа е прикажување на причините за зголемување на бројот на корисници, во периодот декември 1999 година и декември 2000 година според општини, како и соочување со проблемите во спроведувањето на Одлуката.

## 1. ЕКОНОМСКО - СОЦИЈАЛНИ СОСОТОЈБИ

*Во последните неколку години во нашата држава настанаа крупни промени во економскиот и социјалниот систем на земјата. Овие промени создадоа определени тешкотии во областа на економскиот живот на земјата во целина.*

*Во изминатиов период, тие придонесоа за постојан пораст на бројот на социјално загрозеното население.*

Исто така, во овој транзиционен период придружен со низа реформи во стопанството и воопшто во целокупниот економски сектор, неминовно дојде до отпуштање на работниците од работа поради редуцирање на работата или престанок со работа на одделни претпријатија.

Со донесувањето на Законот за социјална заштита од 1997 година, како законско право влезе и социјалната помош за работоспособни и материјално необезбедени лица. Станува збор за некогашниот паричен надоместок до висина на социјално заштитно ниво за работоспособно население т.н. заштитно ниво. Од март 1998 година како постојно решение наместо Програма донесена е Одлука за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош од страна на Владата на РМ.



Според наведената Одлука право на социјална парична помош можат да користат сите граѓани без оглед на политичката, верската, националната и било која друга припадност, а основен услов за стекнување со ова право е материјалната и имотната состојба на домаќинствата - корисници, како и задолжително поседување на државјанство на РМ.

Се работи за категорија на работоспособно-материјално необезбедено население кое воедно е и најбројно, а тој број од година во година се зголемува.

Целокупната постапка за остварување на правото на СП се реализира преку Центарот за социјална работа, како јавна установа која врши работи од социјалната заштита.

Заради утврдување на вистинската потреба од социјална помош, со Одлуката е дадено овластување според кое стручните работници во Центарот за социјална работа извршуваат и непосреден увид врз основа на кој се согледува фактичката сосотојба на домаќинството.

За доаѓање до факторите кои придонесуваат за зголемување на бројот на корисници на СП, во анализата се користени:

- *податоци за бројот на корисници на СП за 1999 и 2000 год. по општини;*
- *податоци од Заводот за Статистика за вкупниот број на население на град Скопје заклучно со 31.12.1999 година;*
- *аналитичка обработка на податоците, структура по категории;*
- *извршена обработка според националноста и образовната структура (како репрезентативен примерок);*
- *согледувања и коментари на стручните работници од службите за НСЗ.*

## 2. АНАЛИЗА НА ДВИЖЕЊЕТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

И покрај наведените критериуми, услови и непосредниот увид, стручните работници укажуваат, дека бројот на домаќинствата корисници на социјална помош постојано се зголемува. Како прилог на ова доставуваме табеларен приказ, а согледувањата покажуваат, дека ова право, во периодот декември 2000 година во однос на декември 1999 година се движи во рамките што се прикажани на табела бр.1 и табела бр.2

***Табела бр.1 Преглед на број на корисници на СП заклучно со декември 1999 год.***

| ОПШТИНИ И КАТЕГОРИИ | Г.БАБА | КАРПОШ | К.ВОДА | ЦЕНТАР | ЧАИР | ВКУПНО СКОПЈЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВРАБОТЕНИ | 248 | 184 | 229 | 73 | 131 | 865 |
| ПЕНЗИОНЕРИ | 12 | 9 | 7 | 17 | 13 | 58 |
| НЕВРАБОТЕНИ | 3.027 | 2.979 | 3.032 | 2.397 | 4.095 | 15.530 |
| ОСТАНАТИ | 365 | 45 | 429 | 187 | 581 | 1.607 |
| ВКУПНО ЗА 1999 ГОД. | 3.652 | 3.217 | 3.697 | 2.674 | 4.820 | 18.060 |

***Табела бр.2 Преглед на бројот на корисници на СП заклучно со декември 2000 год.***

| ОПШТИНИ И КАТЕГОРИИ | Г.БАБА | КАРПОШ | К.ВОДА | ЦЕНТАР | ЧАИР | ВКУПНО СКОПЈЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВРАБОТЕНИ | 231 | 189 | 235 | 82 | 141 | 878 |
| ПЕНЗИОНЕРИ | 6 | 12 | 6 | 5 | 6 | 35 |
| НЕВРАБОТЕНИ | 3.164 | 3.098 | 3.287 | 2.555 | 4.343 | 16.447 |
| ОСТАНАТИ | 379 | 261 | 449 | 200 | 671 | 1.960 |
| ВКУПНО ЗА 2000 ГОД. | 3.780 | 3.560 | 3.977 | 2.842 | 5.161 | 19.320 |

Во месец декември 1999 година, 18.060 домаќинства го користеле правото на социјална помош во однос на месец декември 2000 година, кога тој број пораснал на 19.320 домаќинства, каде бројот на корисници е зголемен за 1.260 домаќинства или за 7%. Соодносот на порастот на бројот на корисници на социјална парична помош за период од две години, ќе го согледаме во приказот подолу.

***Табела бр.3 Прилог на порастот на бројот на корисници на СП за периодот 1999/2000 година;***

| | Г.БАБА | КАРПОШ | К.ВОДА | ЦЕНТАР | ЧАИР | ВКУПНО СКОПЈЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 1999 ГОД. | 3.652 | 3.217 | 3.697 | 2.674 | 4.820 | 18.060 |
| СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 2000 ГОД. | 3.780 | 3.560 | 3.977 | 2842 | 5.161 | 19.320 |
| ПОРАСТ НА БРОЈ НА ДОМАЌИНСТВА ВО 2000 ВО ОДНОС НА 1999 ГОД. | 128 | 343 | 280 | 168 | 341 | 1260 |
| % | 3.5% | 10.6% | 7.6% | 6.3% | 7.1% | 7% |

Карактеристично е дека зголемување на корисниците на социјална помош за 2000 година во однос на 1999 година се забележува во локалните заедници Карпош, и тоа за 10.6%, Чаир за 7.1%, во Кисела Вода, пак, се забележува пораст од 7.6%, потоа Центар со 6.3% и Гази Баба со 3.5%.

Понатаму, ќе нагласиме дека зголемениот број на корисници, според согледувањата на стручните работници, се должи пред сé на фиктивното делење на домаќинствата на кои им престанал паричниот надоместок по основ на невработеност, нередовна исплата на плати, престанување на работата на претпријатијата од разни причини, (како на пример, затворањето на фабриката ,,ГОДЕЛ,, во општина К.Вода, затворањето на рудникот ,,РАДУША,, во општина Карпош), потоа општата невработеност, кризата во Косово и други причини.



Кога сме кај вкупниот број на корисници на СП, ќе кажеме дека од вкупното население на град Скопје, кое изнесува 565.477 жители според податоците земени од Заводот за Статистика од 31.12.1999 година, 13% се евидентирани во ЦСР како корисници на социјална помош.

Поголемиот број на корисници се со ниска образовна структура, и претежно преовладува ромското и албанското население, така што во општина Шуто Оризари социјална помош прима околу 70% од населението.

## 1.1 КРАТОК ПРИКАЗ НА ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИЦИ НА СП ОД КАТЕГОРИЈАТА - ДРУГИ ДОМАЌИНСТВА

Кога ќе се погледнат табелите подетално по општини и категории на корисници, се забележува дека најголем број на корисници, во сите општини, е категоријата невработени лица, евидентирани во Бирото за вработување што се совпаѓа со очекувањата, број кој од ден на ден сé повеќе се зголемува.

Не е за занемарување бројот на корисници на СП од категоријата - други домаќинства и тоа во сите општини.

Тоа се работоспособни лица, но, неевидентирани во Бирото за вработување како невработени, лица со незавршено основно образование, кои не можат да се пријават во Бирото за вработување како невработени, од разни причини а најчесто затоа што не се државјани на РМ.

Според Одлуката, лица кои не се евидентирани во Бирото за вработување не можат да остваруваат право на социјална помош т.е. не можат да го остварат правото корисник на СП.

Од извршената анализа на општина Центар за бројот на корисниците на социјална помош по национална структура, ги добивме податоците, кои се прикажани во табелата.

***Табела бр.4 Корисници на социјална помош според степен на образование и состојба 2000 година***

| Степен на образование | Македонци | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|
| НК | 55 | 531 | 343 |
| ПК | 2 | 16 | 12 |
| КВ | 10 | 58 | 9 |
| ВКВ | 0 | 4 | 1 |
| Нижо-основно | 33 | 440 | 143 |
| Средно | 235 | 303 | 34 |
| Вишо | 20 | 12 | 0 |
| ВСС | 14 | 2 | 0 |
| Непознато | 14 | 82 | 16 |
| Вкупно | 383 (13.65%) | 1448 (51.5%) | 558 (19.8%) |

Од табелата се потврдуваат претпоставките дека најголемиот број на корисници на СП се припадници на албанската и ромската популација. Во

однос на образовната структура, може да се види дека кај Македонците е мал бројот на корисници со низок степен на образование, додека кај Ромите и Албанците е обратно пропорционално.

## 3. ПРОБЛЕМИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Во локалните заедници, од страна на стручните работници беа искажани состојбите и проблемите во врска со остварувањето и спроведувањето на Одлуката. Во членот 4 од Одлуката неопходно е попрецизно да се дефинира поимот заедничко или одделно домаќинство.

Имено, најголем проблем претставува утврдувањето за постоење на заеднички или одвоени домаќинства, кои живеат во иста куќа и користат заеднички имот (земја, добиток, трактор и др.). Стручните работници укажуваат на тоа дека, со цел да се оствари ова право, се прави вештачка делба на заедничко домаќинство на повеќе одделни домаќинства.

Неопходно е прецизирање, односно дополнување на горенаведениот член со некој нов критериум.

Исто така, се укажува на проблемот со пријавувањето на невработените корисници секој месец во Центарот, со што се создаваат голем број притисоци врз вработените, односно тие кадровски не се во состојба да ја спроведат постапката во дадениот рок, и неминовно, се наметнува потребата од кадровско доекипирање.

## 4. ОДГОВОРНОСТА НА ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА

Од согледувањата добиени врз основа на досегашната примена на Одлуката произлегува дека одговорноста и на другите учесници и нивната меѓусебна соработка и координација во нејзината реализација неопходно е да се подигне на многу повисоко ниво. Стручните работници, укажуаат пред се, на подрачните единици на органите на Управата, Управата за внатрешни работи, Управата за приходи, Геодетската управа и Инспекциите на трудот.

Тие се судруваат со проблемот во обезбедување на потврди за поседување на моторни возила од Органот за внатрешни работи, потврди од Управата за јавни приходи за поседување на имот, заради согледување на имотно - материјалната состојба, додека пак, од банките и штедилниците не може да се добијат податоци за видот и висината на штедните влогови и каматите на корисниците, со образложение дека се работи за тајност на истите.

Вработените во ЦСР се судруваат со еден проблем во смисла на утврдување на сопственоста на трактори, земјоделска механизација, комбајни и други моторни возила кои не подлежат на регистрација.

Имено, целата непосредна работа околу утврдувањето на фактичката, имотна и материјална состојба на домаќинствата, во целост е оставана на стручните лица во Центарот за социјална работа. Ова укажува дека во голем број случаи помошта се доделува врз основа на нецелосно утврдена фактичка положба на домаќинствата.



## 5. РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ

Од согледувањата произлегува дека активностите околу работното ангажирање на корисниците, на ниво на градот, во основа не задоволува.

Советот на општините на град Скопје нема донесено програма за работно ангажирање на корисниците на социјална помош.

Во одделни локални заедници ангажирани се помал број на корисници во комунални работи, земјоделски работи и сл.

На овој план мора многу координирано да се работи, со вклучување на сите надлежни чинители, како: Бирото за вработување, Советот на општината, Центарот и сл.

## 6. КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Основно согледување со оваа анализа е дека:
капацитетот на постојната компјутерска опрема е недоволен и не може да одговори на целокупните потреби на работите и задачите на Центарот.

Имено, компјутерската обработка на податоци треба и понатаму да се усовршува и унапредува со мрежно проширување, односно, опфаќање на пропишаните статистики од областа на социјалната заштита.

Мрежното поврзување или изнаоѓање на некој друг начин за соработка и комуникација меѓу надлежните субјекти, би претставувало чекор напред кон олеснувањето и поголемата ефикасност во работата на стручните лица.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ

1. Изнаоѓање на соодветно и ефикасно решение за работно ангажирање на корисниците на социјална помош. Неопходно е Советот на град Скопје да донесе програма за работно ангажирање, а сите активности да ги координира Советот на општината со надлежното Биро за вработување, за да можат да бидат работно ангажирани корисниците на СП.

2. Во членот 4 од Одлуката да се дефинира поимот заедничко или одделно домаќинство, односно истиот да се дополни со одредени критериуми (како, на пример, сметка за електрична енергија за лицето кое поднесува барање, доказ дека лицето плаќа кирија и соодветен данок), како би се намалил бројот на фиктивни делби на домаќинствата.

3. Пријавувањето секој месец на невработените носители на правото на социјална помош, што во практиката предизвика големи проблеми, треба да се замени со порационално решение. Неминовно е да се воспостави компатибилен компјутерски систем во Центарот, за да се овозможи заеднички пристап до информации за корисникот со соодветна контрола, за да се избегнат метежите во Центарот.

4. Да се зголеми одговорноста на сите останати субјекти кои се наведени во Одлуката, во реализацијата на определени обврски утврдени со Одлуката.

5. Да се проанализира проблемот со кадровската екипираност, која е поврзана со зголемениот обем на работа, со порастот на бројот на нови корисници, а имајќи го предвид бројот кој ќе замине во пензија на одреден број на стручни работници.

6. Стручните работници во Центарот за социјална работа да извршуваат непосреден увид кај оние домаќинства, каде истиот не е направен подолг временски период, но и на новоотворените барања, заради утврдување на фактичката состојба, односно дали овие домаќинства се наоѓаат во положба од социјален ризик, и донесување на соодветно решение.



## ЗАКЛУЧОЦИ И МОЖНИ РЕШЕНИЈА

Во периодот на транзицијата 1990-2000 година се повеќе се влошува сиромаштијата во Земјата. Имено, сиромаштијата се зголемува од 4% во 1991 година до 21% во 1999 година. Основна причина за порастот на сиромаштијата е опаѓањето на реалната потрошувачка. Населението ја намали реалната потрошувачка со цел да се прилагоди на падот на приходите.

Драматичното опаѓање на реалниот приход кој сé уште продолжува, всушност е резултат на падот на реалните плати или заработувачката од формалната работа.

Другите приходи во домаќинствата кои вклучуваат приход од самовработување и земјоделство, всушност имаат зголемување. Падот на потрошувачката како резултат на намалените трошоци за храна е помал од падот на реалниот приход, кој е резултат од домашните заштеди (резерви).

Во врска со сиромаштијата, крајно актуелен е проблемот на сиромашните. Во периодот на транзицијата најранливи групи од населението се невработените, руралните домаќинства со неземјоделско занимање, семејствата со деца до 7 години и старечките домаќинства. Што се однесува до општите карактеристики на сиромаштијата, треба да се каже дека ниското ниво на образованието и статусот на работната сила/невработеност, малиот приход од плата, непоседувањето на сопствен имот, се основните детерминати на сиромаштијата. Се смета дека речиси 80% од сиромашните живеат во домаќинствата, чии глави се со основно образование или помалку. Сиромашните семејства живеат во примитивни живеалишта направени од камен и кал, постои недостиг на основни делови од мебелот и апарати во домаќинството, личната хигиена ја одржуваат на примитивен начин (без бања и нужник), немаат водовод и канализација и слично.

Разликите во руралната и урбаната сиромаштија се главно во образованието и работниот статус. Поседувањето на одредена диплома значи и припадност на одреден социјален слој, бидејќи таа создава можност не само за подобар економски статус, туку во иста мера влијае и врз вработувањето и врз социополитичката мобилност.

Како што видовме, сиромаштијата е во пораст и постојат големи промени во длабочината на сиромаштијата, и како таква зависи од целокупниот општествен развој. Со оглед на тоа што сиромаштијата е комплексен мултидимензионален проблем, не може да се каже дека целокупниот развој автоматски ќе го реши и овој проблем. Имено, сé поголемата сложеност и различните причинители на сиромаштијата, бара универзален пристап до економските можности кои ќе овозможат промовирање за приходи на живот и основни социјални услуги.

Намалувањето на сиромаштијата не може да се постигне само преку програми за борба против сиромаштијата, туку тоа бара и демократска партиципација и промена во економска структура. Луѓето кои живеат во сиромаштијата мора да бидат зајакнати преку нивна организација и

партиципација во сите аспекти на економскиот, социјалниот и политичкиот живот.

Според тоа, за намалување на сиромаштијата е потребен мултидимензионален пристап прилагоден на просторот. Доколку не се преземат брзи и соодветни мерки, може да се очекува и во услови на подинамичен стопански развој да се задржат негативни тенденции во социјалниот развој.

Каков концепт за намалување на сиромаштијата е потребен?:

**Прво**, создавање на услови за повисок и стабилен економски растеж. Станува збор за брзо и успешно спроведување на реформите - поддршка на програмата за праведни структурни реформи - со цел да се создадат услови за пораст на бруто домашниот производ, зголемување на вработувањето и на индивидуалниот стандард, а извори на овој растеж се порастот на извозот и инвестициите.

Корисно е да се укаже дека, обликувањето на инвестиците треба да се спроведува заедно со политиката на општиот развој. Меѓутоа, изборот на производната структура треба да биде во склад со регионалните услови, при што традиционалните и работно-интензивите гранки можат да одиграт улога на активен пол на економскиот развој и на намалувањето на сиромаштијата. Во денешните услови на целокупниот стопански развој, традиционалните гранки можат да дадат значителен резултат во руралните средини, особено кога се има предвид релативно високата стапка на невработеност.

**Второ**, треба да се отстранат слабостите во промовирањето на секторот на претпријатијата, односно треба да се зајакнува правната рамка на вработените - редовна исплата на платите, исполнување на обврските кон пензиско-инвалидскиот фонд и здравственото осигурување. Во тој контекст, до потполн израз треба да дојдат малите и средните претпријатија

Денеска можноста да се излезе од магепсниот круг на сиромаштијата е пред сѐ во духот на претприемаштвото и иницијативноста и способноста тој дух да се реанимира. Лидерската функција на челните луѓе во стопанските субјекти е од примарно значење. Тие со својата отвореност кон нови иницијативи, стимулирање на кооперативност, како и непосредна инветивност во креирањето на претпријатието, можат да отворат многу нови перспективи. Имено, развојната програма во земјоделството во прв план треба да дојде зајакнувањето на организацијата на ситните фарми, заради зголемување на продуктивноста и подобрувањето на пристапот до пазарот и пазарните информации, со цел да се овозможи ситните производители да остварат подобри цени на своите производи.

**Трето**, посебно внимание во Република Македонија мора да се посвети на подобрувањето на достапноста и пристапноста на инфраструктурата и социјалниот сервис на оддалечените, изолираните и маргинализираните заедници.

При давањето предимство на инвестициите, неопходно е да се има предвид дека со неизградена инфраструктура, апсорпцијата на инвестиционите капацитети во недоволно развиените подрачја е мала. Со цел да се обезбеди потполно искористување на човечкиот и материјалниот



потенцијал, во сиромашните подрачја се смета дека првенствено значење имаат инвестициите за подобрување на комуналната инфраструктура.

Во рамките на инфраструктурата посебно место има комуникацијата како значаен динамизационен фактор. Имено, сообраќајните средства ја подобруваат климата во стопанството и нестопанството и претставуваат битен фактор за економски и социјален развој.

Развојната политика на Република Македонија треба да се засновува во афирмација на просторот, уважување на регионалните специфичности, потикнување и развој на стопанска структура која гарантира економска ефикасност и рационална употреба на расположивите ресурси, со цел смалување на регионалните и локалните разлики во поглед на стопанскиот и нестопанскиот развој.

Промена на односот кон селото, односно посебно внимание треба да се сврти на рзвојот на инфраструктурата како предуслов за разигран економски и културен развој кој ќе обезбеди повисок животен стандард на населението. Во селските подрачја значајно е да се развиваат финансиски институции и промовирање на привлечни можности за штедење и обезбедување на праведен пристап до кредит.

**Четврто**, во Македонија треба да се вложат значителни напори во реорганизацијата на средното образование, образованието на возрасните и преквалификацијата за да им се помогне на работниците при промена на работните места, во согласност со побарувачката на пазарот. Според тоа, особено внимание треба да се посвети на зголемувањето на просечното ниво на општото образование, во нашиот случај на сите ризични групи (малцинствата и селската популација) кои без таква помош се осудени да станат сиромашни и невработени. Децата треба да имаат пристап до квалитетно образование, при што во училиштата треба да се организира квалитетна настава и да се обезбедат модерни технолошки средства за едукација.

**Петто**, за натамошна достапност и квалитет во здравствените услуги потребно е фокусирање на здравствената политика кон сиромашниот дел на населението. Станува збор за финансирање на основната здравствена заштита, со пристап кон услугите и квалитетот на здравствените услуги кои се од исклучително значење за посиромашните делови од населението. Во сегашниве крајно неповолни социјални и економски прилики на живеење, во услови кога сѐ поголем дел од популацијата се соочува со егзистенцијални проблеми, меѓу кои една од поактуелните е и здравствената заштита на населението, на сиромашните слоеви средства за здравствена заштита треба да им обезбеди државата.

**Шесто**, треба да се дефинират критериумите за примање на социјална помош, со цел да се овозможи правична и порамномерна распределба на средствата. Во тој случај треба да се формира социјален фонд за обезбедување и насочување на средствата кон најсиромашните домаќинства.

**Седмо**, постојана грижа на државата треба да биде политиката за унапредувањето на вработувањето како ефикасна мерка за борба против сиромаштијата и промовирање на социјална интеграција. Оттука, постои итна потреба во:

- давање на приоритет на програми кои промовират можен и долгорочен пораст на вработеноста;

- зголемување на можности за формирање на приватни претпријатија и пристап на микропретпријатијата до кредити и технолошки иновации;

- почитување на основните права на работниците (отстранување на експлотацијата,промовирање на соработка меѓу работниците и работодавачите, еднаков пристап на можности за обука, обезбедување на здравствени и безбедни услови).

**Осмо**, во Република Македонија треба да се настојува да се формира посебно тело составено од стручни лица од разни социјални институции и научни работници кои работат на односната проблематика. Оваа тело би требало да обезбеди поголем прилив на свежи информации и иницијативи за разрешување на постоечките проблеми, а исто така во рамките на неговите овластувања, кои би биле делегирани од Државата би остварувале контакти со други субјекти со цел заеднички да се делува во областа на сиромаштијата.

Д-р Јорде Јакимовски



# CONCLUSIONS AND POSSIBLE SOLUTIONS

The poverty in the country is getting even worse in the period of transition from 1990 to 2000. Moreover, the poverty has increased from 4% in 1991 to 21% in 1999. The main cause of the increase of poverty is the decrease in the real spending. In order to adjust to the decrease of income the population has decreased the real spending.

Dramatically decreased real income, which still continues to fall, in fact, is a result of the fall of the real wages or of the earnings from the formal work.

Other incomes in the households that include income from self-employment and agriculture have, in fact, increased. The fall of the consumption, as a result of decreased costs of food is smaller than the fall of the real income, which a result of the domestic savings (reserves).

When talking about poverty, it can be said it is extremely realistic. In the period of transition, most vulnerable groups are the unemployed, the rural households with non-agricultural occupation, families with children younger than 7 years and old peoples' households. Referring to the general characteristics of poverty has to be said that the low level of the education and the status of the working force/ unemployment, the low income from the wage, not having own possessions, are the basic determinants of the poverty. It is estimated that almost 80% of the poor live in the households whose supporting family member has only primary education or less. Poor families live in primitive habitats made of stone and mud, with a deficiency of basic parts of furniture and household apparatus, in addition to which personal hygiene is maintained in a primitive way (no bathroom nor toilet), also, there is no water supply, drainage and the like.

The differences between the rural and the urban poverty are mainly in the education and the working status. Possessing a certain diploma means also belonging to certain social stratum, because it creates opportunity, not only for a better economical status, but also, in the same degree it influences employment and social mobility.

Moreover, poverty is increasing and there are significant changes in the extent of poverty, resulting from the overall social development. Considering that poverty is complex multi-dimensional problem cannot be said that the overall development will solve this problem automatically. Furthermore, the large complexity and the different causes of the poverty, demands an universal approach to the economical

possibilities that will enable promotion of incomes for existence and basic social services.

The decrease of poverty can be achieved, not only through programmes for strife against poverty, but also through democratic participation and changes in the economic structure. People that live in poverty must be strengthened through their organisation and participation in all aspects of the economic, social and political life.

Therefore, in order to decrease poverty a multidimensional approach adjusted to the environment is needed. If fast and appropriate measures are not engaged, it can be expected that negative tendencies in the social development will continue, even in conditions of more dynamic economic development.

Concepts for decreasing of poverty:

**First**, creating conditions for higher and stable economical growth. In order to create increase in the GDP, likewise, increase in the employment and individual standard, fast and successful implementation of reforms, which support the program for equitable structural reforms are necessary, whereas sources of this growth are increase of export and investments.

It is useful to point out that forming of investments has to be implemented together with the policy for general development. However, the choice of the structure of production has to be in concor-dance with regional conditions, whereas traditional and work-intensive branches can play a role of an active pole of economic development and in decreasing of poverty. In present conditions of the overall economic development, traditional branches can give considerable results in the rural environments, especially, when the relatively high degree of unemployment is kept in mind.

**Second**, the weaknesses of promoting the enterprise sector should be eliminated, in other words, the legal frame of the employees should be strengthened. This means, regular payment of wages, fulfilment of obligations toward the pension fund and health insurance. In this context, the promotion should be focused on the small and medium enterprises.

Nowadays, the possibility to exit the vicious circle of poverty lies in the spirit of entrepreneurship, initiativeness, and the ability to reanimate this spirit. The leadership function of the people in the economic subjects is of a primary importance. Their openness towards new initiatives, stimulation of cooperation, as well as their immediate inventiveness in the creating of the enterprises can open numerous new perspectives. Namely, the development program in the field of agriculture must primarily aim towards strengthening the organisation of the small farms, in order to create an opportunity for the small farms. Moreover, to achieve an increase in the productivity, provide easier access to the market and market information, as well as, better prices for their products.

**Third**, in the Republic Macedonia special attention has to be paid to enhance the availability of the infrastructure and the social services of distant, marginal and isolated communities.



When prioritising investments, it is necessary to keep in mind that with undeveloped infrastructure the absorption of investments in insufficiently developed regions is small. In order to secure complete use of the human and material potential, it is considered that in poor regions, the investments for enhancing the communal infrastructure are of primary importance.

Communication as a significant motivating factor has a special place in the frames of infrastructure. Additionally, communication means improve the climate in the economical and social development.

In order to decrease the regional and local differences in the economical and non-economical development, the developmental policy of the Republic Macedonia should be based on affirmation of the environment. In addition, recognition of regional characteristics, encouraging and developing an economic structure, which guaranties economic efficiency and rational use of the available resources.

There has to be a change of attitude toward the countryside, in other words, special attention has to be paid to the development of the infrastructure as prerequisite for a live economical and cultural development that will provide a higher living standard for the population. It is important to develop financial institutions, to promote attractive possibilities for saving and providing equitable access to credits in the regions of the countryside.

**Fourth**, in the Republic Macedonia considerable efforts have to be made in reorganisation of the high school system, education of adults and their re-qualification, in order to help them when changing their jobs, in concordance with the demand of the market. Accordingly, special attention has to be designated in increasing the average level of general education, in this case, the level of education of all risky groups, such as minorities and village population, which are doomed to stay poor and uneducated without this kind of help.

**Fifth**, for availability and quality in the health services it is necessary to focus the health policy towards the poor part of the population. In other words, financing the basic health protection, by providing access to the services and better quality of health services, as they are of considerable importance to the poorer section of the population. In today's highly unfavourable social and economic conditions of life, when the majority of the population is facing existential problems, among which, one of the most prevailing is health protection, the same should be provided by the state.

**Sixth**, the principles for receiving social help should be defined, in order to enable lawful and equitable distribution of the resources. In this case a social fund should be founded that will provide and direct the resources towards the poorest households.

**Seventh**, the state should continuously take care of the policy for promotion of employment as an efficient measure for strive against poverty and to promote social integration. Therefore, there is urgent need for:

- Giving priority to programs that promote a possible and long term increase in the employment;

- Increasing possibilities for founding of private enterprises and access of micro-enterprises to credit lines and technological innovations;
- Respect of basic working rights (elimination of exploitation, promotion of co-operation between workers and employers, equal access to education, providing healthy and safe conditions).

**Eighth**, a special body should be founded in Republic of Macedonia, consisted of specialists from different social institutions and scientists that work on the related problems. This body should provide a larger inflow of new information and initiatives for solving existing problems. Additionally, in the frame of its authorisation, which is given by the state, this body would maintain contacts with other subjects in order to act together in the area of poverty.